ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА ТЕМА РАЗВОЈ НА СИСТЕМОТ ЗА ГАСИФИКАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

04 2023 00 30

Скопје, март 2024 година

СОДРЖИНА

Резиме ..... 1

1. Вовед ..... 4

2. Опис на предметот и опфат на ревизијата ..... 6

3. Наоди ..... 8

3.1. Правна и стратешка рамка ..... 8
3.2. Состојба и развој на гасоводната мрежа и гасификацијата ..... 15
3.3. Спојување на акционерските друштва за гасификацијата и организационата поставеност на новото друштво НОМАГАС АД Скопје ..... 31

4. Заклучок ..... 37

5. Нагласување на прашања од неизвесност ..... 38

6. Останати прашања ..... 43

7. Препораки ..... 46

Прилози:

Прилог бр.1 – Динамика на реализација на проекти за изградба на гасовод заклучно со август 2023 година

Прилог бр.2 – Преглед на идни проекти за гасификација

Прилог бр.3 – Преглед на проекти кои се инвестиции во тек во НОМАГАС АД Скопје

Прилог бр.4 – Преглед на поднесени и решени предмети за експропријација во период 2018 – јуни 2023 година

Прилог бр.5 – Исплатен надоместок и трошоци на постапка за експропријација во периодот 2018 - јуни 2023 година

Прилог бр.6 – Степен на реализација и трошоци по основ на склучен договор за подзаем

Прилог бр.7 – Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Прилог бр.8 – Одговор на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АД | Акционерско друштво |
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ГА – МА | Акционерско друштво ГА – МА од Скопје |
| ГМРС | Главни мерни регулациони станици |
| ГМС | Главна мерна станица |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ЕБРД | Европска банка за обнова и развој |
| ЕУ | Европска унија |
| ЗТД | Закон за трговските друштва |
| ЗХВ | Закон за хартии од вредност |
| ЗЈВФК | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола |
| ИС | Информациони системи |
| Извршен директор | Извршен член на одборот на директори |
| Неизвршни членови | Неизвршни членови на Одборот на директори |
| МРС | Мерни регулациони станици |
| МСС | Меѓународни сметководствени стандарди |
| МСФИ | Меѓународни стандарди за финансиско известување |
| МЕ | Министерство за економија |
| МФ | Министерство за финансии |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МЕР | Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси во државна сопственост |
| НЕР | Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси во државна сопственост |
| НБРСМ | Народна банка на Република Северна Македонија |
| НОМАГАС | Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост |
| РКЕ | Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги |
| Управа | МФ – Управа за имотно правни работи |
| ЦДХВ | Централниот депозитар за хартии од вредност |
| ЦРРСМ | Централниот регистар на Република Северна Македонија |

Поимник на термини

| | |
|---|---|
| Акција | Хартија од вредност (може да ја издаваат акционерско друштво и командитно друштво со акции) во којашто претставен е дел од основната главнина и во која се отелотворуваат правата на акционерот, кој како сопственик на акцијата, не е доверител на друштвото ниту сопственик на еден дел од имотот на друштвото (член 3 точка 2 од ЗТД) |
| Главнина | Остаток на учество во сопственоста над средствата на друштвото по одземањето на сите обврски на друштвото, чиишто главни компоненти се основната главнина, износот уплатен над номиналниот износ, односно премијата на акциите, ревалоризационата и други резерви и акумулираната добивка (член 3 став 7 од ЗТД) |
| Дистрибуција на природен гас | Транспорт на природен гас низ локален или регионален систем за дистрибуција на природен гас и управување со системот за дистрибуција на природен гас заради испорака на природен гас на потрошувачите не вклучувајќи снабдување со природен гас – (член 3 точка 16 од Закон за енергетика) |
| Експропријација | Одземање и ограничување на правото на сопственост и на имотните права на недвижноста заради реализација на јавен интерес утврден со закон, а заради градење на објекти и изведување на други работи (член 1 од Закон за експропријација) |
| Емисиски износ на акцијата | Вредност при издавањето на акциите, составена од номиналниот износ на акцијата, зголемена за премијата на издавањето, ако премијата е предвидена, при што износот на премијата не влегува во номиналниот износ на основната главнина (член 3 точка 15 од ЗТД) |
| Интерконективен вод | Вод за електрична енергија односно цевковод за природен гас вклучувајќи ја и припадната опрема и постројки со кој електропреносниот систем односно системот за пренос за природен гас на Република Македонија се поврзува со соодветниот преносен систем на соседна држава (член 3 точка 31 од Закон за енергетика) |
| Линиски инфраструктурни градби | Јавен пат, мостови, железничка инфраструктура, далновод, нафтовод, продуктовод, гасовод, топловод, водовод, канализација, телекомуникациски водоводи и други објекти кои можат да бидат надземни или подземни и чија изградба преставува јавен интерес утврден со закон (член 3 точка 3 од Закон за експропријација и член 2 точка 16 од Закон за градење) |
| Лиценца | Акт издаден од страна на РКЕ врз основа на која лицето на кое му е издадена може да врши енергетска дејност (член 3 точка 35 од Закон за енергетика) |

| | |
|---|---|
| Оператор на систем за дистрибуција на природен гас | Друштво коешто врши дејност дистрибуција на природен гас и управува со системот за дистрибуција на природен гас и за што му е издадена лиценца и е одговорно за работењето, одржувањето и развојот на системот за пренос на природен гас како и за поврзувањето со други системи на природен гас и обезбедувањето на долгорочната способност на системот за задоволување на разумните потреби за пренос на природен гас (член 3 точка 43 од Закон за енергетика) |
| Оператор на систем за пренос на природен гас | Друштво коешто управува со системот за пренос на природен гас и е одговорно за работењето, одржувањето и развојот на системот за пренос на природен гас како и за поврзувањето со други системи на природен гас и обезбедувањето на долгорочната способност на системот за задоволување на разумните потреби за пренос на природен гас (член 3 точка 42 од Закон за енергетика) |
| Пренос на природен гас | Транспорт на природен гас преку системот за пренос на природен гас и управување со системот за пренос на природен гас заради испорака на природен гас на купувачите и не вклучува снабдување со природен гас (член 3 точка 55 од Закон за енергетика) |
| Прибележување | Запишување на предлогот за експропријација во катастарот на недвижности (член 3 точка 6 од Закон за експропријација) |
| Систем за пренос на природен гас | Гасоводен систем за пренос којшто е во сопственост и е управуван од страна на оператор на системот за пренос на природен гас и е сочинет од високо притисни гасоводи, оперативна резерва и друга опрема и постројки коишто претставуваат составен дел од системот за пренос на природен гас (член 3 точка 63 од Закон за енергетика) |
| Стратешки инвестиционен проект | Проект кој исполнува една или повеќе цели од членот 2 од Законот за стратешки инвестиции, а со кој се врши реализација на инвестиција во висина од најмалку 100 милиони евра на територија на најмалку две или повеќе општини, најмалку 50 милиони евра во општините со седиште во град, општините во градот Скопје и градот Скопје и најмалку 30 милиони евра во општини со седиште во село (член 4 од Закон за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија) |
| ЛОТ 1 – 61 km | Магистрален гасовод Делница „Клечовце – Блок станица 5“ |
| ЛОТ 1 – 36 km | Магистрален гасовод Делница „Блок станица 5 – Неготино со ГМРС Штип и ГМРС Неготино“ |
| ЛОТ 2 | Магистрален гасовод Делница 2 Неготино (Кавадарци) – Битола |
| ЛОТ 5 | Магистрален гасовод Делница Скопје - Тетово-Гостивар |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:19-67/4
Дата: 15.03.2024

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на усогласеност на тема „Развој на системот за гасификација во Република Северна Македонија“ кај АД за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, правен следбеник на АД ГА – МА Скопје и АД за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси во државна сопственост, за период од 2019 година до септември 2023 година.

Согласно Годишната програма на Државен завод за ревизија за 2018 година, извршена е ревизија на успешност и издаден е Конечен извештај на тема: „Ефикасност на мерки, политики и проекти за гасификацијата на Република Македонија “.

Со опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување ревизорски техники и методологија, добивме разумно уверување да го изразиме следниот заклучок:

Врз основа на извршената ревизија, заклучивме дека освен за состојбите кои се однесуваат на недонесените плански документи, нецелосната имплементација на одредени законски и подзаконски одредби, утврдените слабости во начинот на реализација на предлозите за експропријација на земјиштето, како и долгиот временски период на реализација на проектите за гасификација, активностите за развој на системот за гасификација во Република Северна Македонија, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска и подзаконска регулатива, стратешки документи, договори и воспоставени политики.

Република Северна Македонија нема сопствени наоѓалишта на природен гас. Природниот гас се увезува во Република Северна Македонија кај Деве Баир на границата со Бугарија и се протега преку Крива Паланка, Кратово и Куманово до Скопје во должина од 98 km. На магистралниот гасовод се поставени блок станици и приклучни места за разводни гасоводи. Во изминатиот период искористеноста на магистралниот гасовод е недоволна и по градовите во државата не постои формално воспоставена дистрибутивна мрежа. Потрошувачите се приклучени директно на преносната мрежа и природниот гас се користи единствено во индустријата и во јавните објекти, што е состојба во сите градови каде постои мрежа за природен гас.

За исполнување на целите од Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 година кои предвидуваат преодна транзициона состојба од јаглен во потполно

декарбонизиран енергетски сектор, природниот гас добива се поголемо значење. Природниот гас, поради неговите карактеристики и ниски емисии на карбон и азотни оксиди и многу малку емисии на сулфурни оксиди и прашина, претставува супериорен енергенс во однос на останатите видови.

Со ревизијата ги опфативме следните области:

- Правна и стратешка рамка;
- Состојба и развој на гасоводната мрежа и гасификацијата и
- Спојување на акционерските друштва за гасификација и организациона поставеност на новото друштво – НОМАГАС АД Скопје.

Од направените анализи на Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 година и на Физибилити студија донесена во 2010 година утврдивме дека поголем дел од проектите кои се предвидени се отпочнати, но изградбата на истите се одвиваат со бавна динамика и постојат отстапувања во однос на планираната временска рамка, местоположба на линиските инфраструктурни објекти (гасоводи) како и планираните финансиски средства за изградба. Планот за развој на системот на пренос на природен гас за период од десет години не е донесен, ниту се отпочнати активности за негово донесување, што влијае на идните активности за проширување и надградба на системот за пренос на природен гас, како и неговата интерконекција со другите држави. На крајот на 2023 година, започнати се активности за именување на Службеник за усогласеност, како надлежно лице за следење, информирање и одлучување за начинот на управување, одржување и развој на системот за пренос на природен гас. Утврдивме неажурност и неконзистентност во донесувањето на мрежните правила за пренос на природен гас во претходниот период што влијае на транспарентноста во водењето на енергетската политика.

Со ревизијата извршивме анализа на бројот на предмети за експропријација и исплатени надоместоци по тој основ, како и теренски увид и анализи на градежните работи за изградба на магистралните гасоводи во државата. Утврдивме дека предлозите за експропријација се решаваат бавно што влијае на развојот и изградбата на магистралните гасоводи и за истите во периодот од 2018 до 2022 година исплатени се 122.601 илјади денари. Во државата функционира магистралниот гасовод Деве Баир – Скопје, три магистрални гасоводи за кои се склучени договори и анекси кон договорите во вкупен износ од 9.650.715 илјади денари или приближно 156,4 милиони евра, иако се изградени не се ставени во употреба, а дел се во фаза на изградба. Постојат слабости во делот на запишување на правото на сопственост на линиските инфраструктурни објекти, одржувањето на веќе изградените гасоводи и во начинот на реализација на договорите за изградба и надзор над изградбата. Утврдивме несоодветно управување со залихите на материјали и резервни делови како и набавки на резервни делови за делници кои не се изградени, што предизвикува нерационално трошење на јавни средства.

Утврдивме дека на 01.07.2023 година, кога настанало спојувањето на двете друштва НЕР и ГА-МА, не е направен попис како што предвидува ЗТД, додека за пописот

направен на 31.12.2023 година во НОМАГАС, утврдивме неусогласености со Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските, што може да влијае на нивното реално и објективно прикажување и точно воспоставување на евиденциите. За решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, преку откуп на акцијата на АД во ГА-МА, донесен е закон и направена е Проценка на капиталот на ГА-МА, при што утврдивме дека проценетата вредност од 65,5 милини евра не е евидентирана во сметководствената евиденција на ГА–МА ниту како основна главнина е впишана во ЦДХВ и ЦРРСМ. Пред спојувањето НЕР и ГА-МА немале воспоставено внатрешна ревизија, поради што не можеле да се исполнат законските барања за подобрување на работењето на субјектите и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола во насока на остварување на планираните цели. Со формирањето на НОМАГАС започнати се активности за воспоставување на внатрешната ревизија и донесени се подзаконски документи, но се уште не се спроведени внатрешни ревизии.

Во делот на нагласување на прашања од неизвесност ги истакнуваме состојбите кои се однесуваат на начинот на кој е решен долгогодишниот спор помеѓу Владата и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје за утврдување на правото на сопственост и определување на соодносот на вложувањата на двете страни во ГА-МА преку откуп на акцијата од страна на Владата, како и потребите за развивање на дистрибутивен систем на природен гас во државата, целосно самофинансирање на дејноста – пренос на природниот гас и реализацијата на идните активности за интерконекција со соседните држави.

Во останати прашања обелоденети се утврдените системски слабости во Законот за експропријација, Законот за вработените во јавниот сектор и начинот на определување на наградата на Извршниот член и месечниот паушал на Неизвршните членови во Одборот на директори.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности за развој на гасификација на државата, со што би се постигнало добивање на поевтин енергенс, пониски трошоци, заштита на животната средина, подобрување на квалитетот на живот на граѓаните, поврзување со соседните држави и поголема конкурентност на стопанството на странските пазари.

Од страна на извршниот директорот на НОМАГАС, доставени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека дел од нив претставуваат известување за преземени мерки и активности по утврдени состојби и дадени препораки, како и образложение за причините кои довеле до утврдената состојба, дел од забелешките не се прифаќаат поради не доставени докази кои би имале влијание на утврдените состојби, две забелешки делумно се прифаќаат и една забелешка е прифатена.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на усогласеност на тема „Развој на системот за гасификација во Република Северна Македонија“, кај АД за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, правен следбеник на АД ГА–МА Скопје и АД за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси во државна сопственост, за период од 2019 година до септември 2023 година.

1.2. Ревизијата на усогласеност од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, донесена согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Од страна на Државен завод за ревизија, согласно Годишната програма за 2018 година, извршена е ревизија на успешност и издаден е Конечен извештај на тема: „Ефикасност на мерки, политики и проекти за гасификацијата на Република Македонија“.

1.4. Ревизијата на усогласеност на тема „Развој на системот за гасификација во Република Северна Македонија“ ги опфаќа прашањата поврзани со правната рамка и развојот на гасоводната мрежа и гасификацијата во државата, како и спојувањето на акционерските друштва за гасификација НЕР и ГА-МА и организациона поставеност на новото друштво – НОМАГАС.

Постапката за спојување на трговските друштва НЕР и ГА-МА во НОМАГАС е започната во февруари 2022 година, со заклучок донесен на седница на Владата[1], со кој е предложено органите на управување на двете друштва во рок од десет работни дена да започнат активности за статусна промена. Спојувањето е спроведено во согласност со десеттата глава[2] од ЗТД[3] со Нотарски акт – Спогодба за спојување на трговски друштва[4] на ден 01.07.2022 година. Целиот имот и обврските на НЕР и ГА-МА се пренесени, а сите вработени се пријавени во ново основаното друштво НОМАГАС. Ова друштво е впишано во трговскиот регистар[5] на 29.12.2022 и започнало со работа од 01.01.2023 година. Од тогаш НОМАГАС обезбедува јавна услуга и врши енергетска дејност - пренос на природен гас. Основни цели на НОМАГАС се да обезбеди доверливо и сигурно функционирање на системот за пренос на природен гас, преку обезбедување на сигурен, безбеден, економски исплатлив и квалитетен пренос и испорака на природен гас. НОМАГАС

[1] Извадок од Нацрт – записникот од 14-та седница на Владата на Република Северна Македонија број 41-240/1 од 15.02.2022 година

[2] Десетта глава – Присоединување, Спојување и поделба на друштвата (Статусни промени)

[3] Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04,.......,239/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 290/20, 215/21 и 99/22 година

[4] Нотарски акт Спогодба за спојување на трговските друштва, Архивски број ГА-МА АД Скопје број 0101-1337/1 од 01.07.2022 година, Архивски број НЕР АД Скопје број 01-2123/1 од 01.07.2022 година

[5] Деловоден број 35020220034322 од 30.12.2022 година

треба да ја одржува, надградува и проширува преносната мрежа за природен гас, да управува со системот за пренос на природен гас и да обезбедува поврзување со системите за пренос на природен гас на други држави.

Развојот на системот за гасификација во Република Северна Македонија е одговорност на раководството на НЕР, ГА-МА и НОМАГАС застапувани од:

- Бајрам Реџепи, извршен директор на НЕР[6] од 08.03.2018 до 30.12.2022 година и извршен директор на НОМАГАС од 30.12.2022 година;
- Александар Арсиќ, извршен директор на ГА-МА од 25.12.2017 до 30.12.2022 година;
- Радко Манов, извршен директор на ГА-МА од 2006 до 26.04.2021 година и
- Владимир Талевски, извршен директор на ГА-МА од 26.04.2021 година до 28.12.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешни контроли кои што се релевантни за развој на гасификацијата во Република Северна Македонија кај НЕР, ГА-МА и НОМАГАС, како нивен правен следбеник. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации се во согласност со релевантната законска и подзаконска регулатива, стратешки документи, договори и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е врз основа на извршената ревизија, да изразат заклучок за тоа дали развојот на системот за гасификација во Република Северна Македонија, во сите материјални аспекти е во согласност со законската и подзаконската регулатива, стратешки документи, договори и воспоставени политики поврзани со областите предмет на ревизија.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI)[7] и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на усогласеност со цел да добиеме разумно уверување за предметот на ревизија. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледа внатрешните контроли релевантни за системот на гасификацијата во Република Северна Македонија, со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашиот ревизорски заклучок.

---

[6] Поранешно име МЕР

[7] ISSAI 100 „Основни принципи на ревизија во јавниот сектор", ISSAI 400 „Принципи на ревизија на усогласеност" и ISSAI 4000 „Стандард за ревизија на усогласеност"

## 2. Опис на предметот и опфат на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на усогласеност на тема: „Развој на системот за гасификација во Република Северна Македонија" е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување и да издаде заклучок за тоа дали активностите на НЕР, ГА-МА и НОМАГАС како нивен правен следбеник, кои се однесуваат на развојот на системот на гасификацијата во Република Северна Македонија, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска и подзаконска регулатива, стратешките документи, склучени договори и воспоставени политики.

2.2. Ревизорските активности беа насочени кон следните области:

- Правна и стратешка рамка;
- Состојба и развој на гасоводната мрежа и гасификацијата;
- Спојување на акционерските друштва за гасификација и организациона поставеност на новото друштво НОМАГАС АД Скопје.

2.3. Ревизијата на усогласеност на тема е спроведена согласно следните критериуми кои се уредени со повеќе законски, подзаконски и други акти, а најзначајните се претставени во следниот графикон.

Графикон број 1 – Правна рамка




2.4. Основни методи кои се применети во ревизијата на усогласеност за обезбедување на доволно релевантни докази се: проучување на законска и подзаконска

регулатива, проверка на доставена документација, разговори и интервјуа со надлежни лица, надворешно потврдување, тестови на клучни контроли, физичко набљудување, теренски увид и аналитички постапки.

2.5. Со цел да добиеме пошироки информации и податоци за темата на ревизијата, во однос на прашањата поврзани со правната рамка и развојот на гасоводната мрежа и гасификацијата во државата, како и спојувањето на акционерските друштва за гасификација НЕР[8] и ГА-МА[9] и организациона поставеност на новото друштво – НОМАГАС извршивме увид во трговските книги и документацијата на трите друштва. Извршивме теренска посета на магистралниот гасовод Деве Баир - Скопје (кој е во функција), магистралните гасоводи кои се изградени, но не се пуштени во употреба - ЛОТ 1 – 61 km, ЛОТ 1 – 36 km и ЛОТ 2, како и разговор и теренски увид во Сектор за прием на гас во с. Жидилово. Со цел добивање на дополнителни информации за начинот на којшто се вршат постапките за експропријација, ревизорскиот тим изврши информативни разговори во МФ – Управа за имотно правни односи и П.О. Кавадарци на Управата.
Ревизијата го опфати периодот од 2019 до септември 2023 година, но одредени области, прашања, настани и анализи се опфатени пред 2019 година и последователно до денот на известување од извршената ревизија.

2.6. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 13.06.2023 година до 15.11.2023 година кај НОМАГАС од тим на Државниот завод за ревизија.

2.7. Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорните лица на субјектот предмет на ревизија одржан на 18.12.2023 година. Од страна на извршниот директорот на НОМАГАС добиени се забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 19-67/3 од 16.02.2024 година. Забелешките се однесуваат на списокот на кратенки, Резимето, Заклучокот, точките 3.1.1, 3.1.2., 3.1.3., 3.1.5., 3.2.1. став 1 и став 4, 3.2.2. став 2 алинеи 1 и 3, 3.2.3. став 5, став 6 алинеи 1, 4, 5,6 и 7, 3.2.4. став 2 алинеи 1,2,3 и 4 и 3.2.4. став 3, 3.2.7., 3.2.9. 3.3.1,3.3.2., 3.3.3., 3.3.5., 3.3.6., 5.1., 5.2., 5.3., 5.4., 6.1., 6.2., 6.4. и препораките број 7, 8, 9, 10, 13, 16, 27. Истите се разгледани и утврдено е дека забелешката која се однесува на додавање на кратенка во списокот на кратенки се прифаќа, а забелешките на точките 3.2.1. став 1 и 3.3.1 делумно се прифатени. Забелешките на точките 3.1.2. и

[8] НЕР е формиран на крајот на 2010 година и започнува со работа во 2011 година, со цел реализација на проектот за изградба и развој на националниот гасоводен систем во Република Македонија. Основано е со назив: МАКЕДОНИЈА ГАС АД Скопје, потоа во 2012 година називот е променет во МЕР и во 2019 називот повторно е променет во НЕР АД Скопје.
[9] Во 1996 година Владата формирала Јавно претпријатие ГА-МА за набавка, транспорт и дистрибуција на природен гас , без пренесување на сопственоста на дел од гасоводниот систем по основ на влогот на Владата во АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје. Во 2006 година Владата одлучила за организирање на ГА –МА од јавно претпријатие во акционерско друштво.

3.2.2 став 2 алинеја 3 претставуваат известувања за преземени активности по завршување на ревизијата, за кои поради доолнително доставени докази соодветно се обелоденети во извештајот. Забелешките по останатите точки претставуваат известување за преземени мерки и активности по утврдени состојби и дадени препораки за кои не се доставени дополнителни докази, образложенија за причините кои довеле до утврдената состојба, како и забелешки кои не се прифаќаат поради не доставени докази кои би имале влијание на утврдените состојби.

Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

## 3. Наоди

Утврдени се следните состојби:

### 3.1. Правна и стратешка рамка

#### Стратешка рамка, долгорочни програми и планови

3.1.1. Согласно **Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 година** [10], природниот гас како транзициско гориво, до 2050 година во комбинација со обновливите извори на енергија, треба да добие значајна улога во замената на јагленот кој се користи како основен ресурс во производствените капацитети за електрична енергија и индустријата. Во таа насока, препораките кои се дадени во Стратегијата се однесуваат на реализација на планираните интерконекции на системот за пренос на природен гас со соседните земји, како и развивање план за гасификација. Планирањето на гасификацијата започнува во 2010 година, со изработка на физибилити студија на национално ниво (пред формирањето на МЕР односно НЕР). Со физибилити студијата планирано е гасификацијата да се одвива во три фази, со конкретна динамика и со цел да се донесе природен гас на територијата на целата држава.

Со извршената анализа на Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 година утврдивме дека иако активностите за реализација на поголем дел од проектите кои се предвидени со физибилити студијата се отпочнати, истите се одвиваат со бавна динамика и постојат отстапувања во однос на планираната временска рамка, местоположба на линиските инфраструктурни објекти (гасоводи) како и планираните финансиски средства за изградба. Најчести причини за отстапувањата се: недоволно обезбедени финансиски средства за

[10] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.20/2020 година

експропријација и изградба од Буџетот на државата[11], како и од заеми и кредити, нерешените имотно правни односи, необезбедените одобренија за употреба и други причини. Динамиката на процесот на гасификација во државата, предвидена со физибилити студијата не соодветствува со фактичката реализација, а една од причините е што имплементацијата на истата започнува пет години по нејзината изработка, односно во 2016 година. Со ревизијата утврдивме дека по изминати 13 години, изградбата на магистралните гасоводи не е целосно завршена и дел од нив се уште не се ставени во употреба. Преносот на природниот гас во државата планирано е да се врши преку девет главни гасоводи, од кои гасоводот Деве Баир - Скопје, кој е изграден во деведесеттите години од минатиот век е функционален. За три гасоводи кои се целосно завршени не се обезбедени одобренија за употреба (подетално прикажана динамика во Прилог број 1), а останатите проекти за гасификација се во фаза на подготовка (Прилог број 2). Долгиот период на изградба на магистралните гасоводи, влијаел на промена на приоритетите при изградбата на делниците и предизвикал развојот на гасификацијата во државата и реализацијата на стратешките цели да се одвива забавено.

3.1.2. Согласно член 111 од Закон за енергетика[12] пропишано е дека Операторот на системот за пренос на природен гас, по претходно одобрение од РКЕ, донесува Програма за усогласеност. Со Програмата треба да се утврдат мерките кои треба да се преземат за оневозможување на дискриминација на корисниците на системот за природен гас, се дефинираат обврските на вработените во реализацијата на програмата и се утврдува начинот за следење на усогласеноста на работењето на Операторот на системот за пренос на природен гас со законските обврски. Со извршената ревизија утврдивме дека по претходно одобрување од РКЕ[13], Одборот на директори на НОМАГАС во октомври 2023 година, донел Програма за усогласеност на НОМАГАС.

Согласно член 112 од Законот за енергетика, реализацијата на Програмата треба да ја следи **Службеник за усогласеност** кој го именува органот за надзор на Операторот на системот за пренос на природен гас по претходно одобрување на РКЕ. Со ревизијата утврдивме дека, неизвршните членови на Одборот на директори на НОМАГАС врз основа на член 31-в од Статутот[14], по добиеното

[11] Со Буџетот на Република Северна Македонија во 2015 и 2016 година не биле обезбедени финансиски средства за изградба и експропријација.

[12] „Службен весник на Република Македонија“ бр.96/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019, 236/2022 година

[13] Решение за одобрување на бр.11-1855/5 од 09.10.2023 година

[14] Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС АД Скопје во државна сопственост, бр.15-3346/2 од 19.09.2023 година.

одобрение од РКЕ[15] на ден 20.10.2023 година, донеле Правилник за условите и начинот на работење на службеникот за усогласеност.

Отсуството на Службеник за усогласеност влијае на следењето на реализацијата на Програмата за усогласеност и доставувањето на потребните информации до РКЕ за преземените мерки за нејзино спроведување и евентуални прекршувања при спроведувањето на истата. Истовремено, не се создадени услови соодветно одговорно лице да биде вклучено во донесувањето на одлуките за пристап и користење на системот за пренос на природен гас, неговото управување, одржување и развој заедно со органите на управување, надзор и раководење на Операторот за пренос на природен гас.

Во текот на вршењето на ревизијата, надлежните вработени во НОМАГАС доставија објавен јавен оглас за именување на Службеник за усогласеност во печатен медиум, на ден 16 – 17 декември 2023 година.

Во прилог кон добиените забелешки од страна на НОМАГАС доставено е известување заедно со пропратна документација (Одлука за именување на Службеник за усогласеност[16] од страна на неизвршните членови на Одбор на директори на АД НОМАГАС Скопје и одобрение[17] од страна на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) за назначување на Службеник за усогласеност.

3.1.3. Операторот на системот за пренос на природен гас треба да ја одржува, надградува и проширува преносната мрежа за природен гас, да управува со системот за пренос на природен гас и обезбедува поврзување со други системи вклучувајќи и системи за пренос на гас на други држави. Во Законот за енергетика предвидени се повеќе плански документи кои треба да ги донесе Операторот на системот за пренос на природен гас, а се однесуваат на одржување и развој на преносната мрежа. Со извршената ревизија ги утврдивме следните состојби:

- во член 116 од Законот за енергетика пропишано е дека една од должностите на Операторот на системот за пренос на природен гас е да изработи Годишен план за одржување на системот за пренос на природен гас и по негово одобрување од страна на РКЕ истиот да го објави на својата web страна. Утврдивме дека за одржувањето на системот за пренос на природен гас не е донесен посебен план туку истото е вклучено во Годишната инвестициона програма на НОМАГАС за 2023 година[18].

---

[15] Решение за одобрување на бр.11-1855/6 од 09.10.2023 година
[16] Одлука за именување на службеник за усогласеност бр. 02-5629/17 од 28.12.2023 година
[17] Решение за одобрување на назначување на Службеник за усогласеност бр. 02-5629/17 од 28.12.2023 година
[18] Годишна инвестициона програма на НОМАГАС АД Скопје бр.01-117/1 од 10.01.2023 година

Во текот на декември 2023 година изработен е Годишен план за одржување на системот за пренос на природен гас за 2024 година19, кој со Одлука20 усвоен е од одборот на директори и истиот на 19.12.2023 година е доставен на одобрување до РКЕ.

- со член 117 од Законот за енергетика предвидено е Операторот на системот за пренос на природен гас, секоја година да подготвува **План за развој на системот на пренос на природен гас за период од десет години** . Содржината на Планот треба да се уреди со мрежните правила за пренос на природен гас во којшто ќе бидат содржани информации за проширувањето и надградбата на системот за пренос на природен гас, како и приоритетите за изградба на нови интерконективни водови усогласени со Операторите на системите за пренос на природен гас во регионот. Утврдивме дека не е донесен, ниту се отпочнати активности за донесување на Планот како што предвидува Законот за енергетика. Развојот и изградбата на гасоводниот систем на природен гас во изминатиот период се одвивал врз основа на годишни планови[21] и програми[22] кои ги изготвувале двете друштва (НЕР и ГА-МА) пред спојувањето.

Отсуството на наведените плански документи може да влијае врз квалитетот, сеопфатноста и динамиката на тековното одржување и проширувањето на преносната мрежа на гас, а со тоа и на развојот на системот за пренос на природен гас и изградба на нови интерконективни водови односно проширување и поврзување со преносните системи на соседните држави.

**Лиценци и сертификација**

3.1.4. Согласно член 38 од Законот за енергетика, вршителите на енергетските дејности не можат да започнат со вршење на дејностите без претходно да им биде издадена соодветна лиценца од РКЕ, а за која е потребно да бидат исполнети услови во однос на финансиска состојба, технички квалификации и непостоење на правни пречки за вршење на дејноста.

Од увидот во доставената документација ги утврдивме следните состојби:

- ГА-МА поседувала две лиценци за вршење на енергетска дејност за управување со системот за пренос на природен гас и тоа за: управување со

[19] Бр.10-5469/1 од 15.12.2023 година

[20] Одлука број 02-5408/3 од 15.12.2023 година

[21] Годишен план за 2020 година бр.0102-175/1 од 13.02.2020 година; Годишен план за 2021 година бр.0102-115/1 од 28.01.2021 година; Годишна инвестициона програма за 2020 година бр. 01-5390/1 од 27.12 2019 година;

[22] Годишна инвестициона програма за 2021 година бр.01-3037/1 од 28.12.2020 година; Годишна инвестициона програма за 2022 година бр. 01-2264/1 од 15.07.2022 година;

системот за пренос на природен гас[23] и пренос на природен гас[24] издадени во 2006 година со важност за временски период од 35 години. Истакнуваме дека, со измената на Законот за енергетика од 2011 година, се врши подвојување на дејностите, со што правното лице носител на лиценца за пренос на природен гас не може да поседува лиценца за вршење на дејност управување со системот за пренос, трговија и снабдување со природен гас. РКЕ согласно член 45 став 2 од Законот за енергетика, иако по службена должност требало да поведе постапка за менување на лиценцата за управување со системот за природен гас, истото не било направено. Имајќи ги во предвид одредбите од Законот за енергетика, со кои е уредено дека постојниот носител на лиценца за управување со системот за природен гас треба да продолжи со вршење на дејноста врз основа на издадената лиценца се до влегување на сила на новата лиценца, ГА-МА продолжила со вршење на оваа дејност сѐ до нејзиното спојување со НЕР и формирање на НОМАГАС;

- во декември 2011 година, НЕР поднел барање до РКЕ за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност, управување со системот за пренос на природен гас, но поради неисполнети услови, по 7 години или во 2018 година, РКЕ донела Решение со кое барањето го одбила како нецелосно поради недоставена комплетна документација. Оваа состојба укажува на тоа дека НЕР од неговото формирање во 2010 година не ја врши својата приоритетна дејност – пренос на природен гас, за која било формирано, а се до спојувањето на двете друштва во НОМАГАС врши дејност - изградба на магистрална гасоводна мрежа во државата.

Горенаведените состојби се истакнати и во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема: „Ефикасност на мерки, политики и проекти за гасификација на Република Македонија“ издаден во 2019 година.

Врз основа на член 18 од Правилникот за лиценци[25], по спојувањето на друштвата ГА-МА и НЕР, од страна на ново формираното друштво НОМАГАС, доставено е известување до РКЕ за статусната промена [26], по кое РКЕ донела Одлуки[27] и

[23] Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност управување со системот за пренос на природен гас бр.02-1235/1 од 25.10.2005 година, Одлуки за изменување и дополнување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност управување со системот за пренос на природен гас бр. 02-1902/1 од 25.12.2006 година и бр. УП1 бр.11-58/17 од 05.04.2017 година

[24] Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас бр.02-1236/1 од 25.10.2005 година, Одлуки за изменување и дополнување на Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност за пренос на природен гас бр. 02-1901/1 од 25.12.2006 година и бр. УП1 бр.11-54/17 од 05.04.2017 година

[25] „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21 година

[26] Известување бр.03-14/1 од 03.01.2023 година

[27] Одлука бр.11-54/17 и Одлука бр.11-58/17 од 30 декември 2022 за менување на Одлуките за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас и лиценца за управување со систем за пренос на природен гас (Службен весник на Република Северна Македонија бр.4 од 09.01.2023 година)

извршила пренос на двете лиценци од ГА-МА на НОМАГАС како правен следбеник на друштвото.

Со друго известување[28] за настанати промени, НОМАГАС ја има известено РКЕ за извршен пренос на сопственоста на обични акции, од Владата на МЕ, како што предвидува член 238 став 1 и 2 и член 110 став 1 од Законот за енергетика. По ова известување РКЕ по службена должност донела две одлуки[29], со што состојбата за добивање на лиценца за вршење на дејноста на пренос на природен гас од страна на НОМАГАС како Оператор на системот за пренос на природен гас е надмината, поради што не даваме препорака.

3.1.5. Согласно член 113 став 1 од Законот за енергетика, вршителот на дејност пренос на природен гас мора да биде **сертифициран** како Оператор на системот за пренос на природен гас. Оваа постапка се спроведува по барање на Оператор на системот за пренос на природен гас на кого му е издадена лиценца за наведената дејноста или со постапување по службена должност од страна на РКЕ во случаите кога операторот нема поднесено барање, како и по доставено образложено барање од Секретаријатот на Енергетската заедница. По спроведувањето на постапката за сертификација, РКЕ на Операторот на системот за пренос на природен гас му издава сертификат со кој се потврдува дека ги исполнува условите во поглед на сопственичкото раздвојување и независност како и условите во поглед на финансиско – материјалната, техничката и кадровска оспособеност и други услови.

Со увид и анализа на доставената документација утврдивме дека постапката за сертификација е започната во текот на 2023 година од страна на НОМАГАС и истата е во тек. Постапката не е завршена, бидејќи во минатото со двете друштва не била обезбедена независност на Оператор на пренос на природен гас, што е потребен услов за сертификација. Имено, согласно член 109 став 1, точка 4 од Законот за енергетика, Операторот на системот за пренос на природен гас треба да е независен од вршењето на други енергетски дејности.

Во 2021 година, со откупот на акцијата на ГА-МА од АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, Владата презела мерки и активности за задоволување на законскиот услов за независност на Операторот на системот за пренос на природен гас, во согласност со член 109 став 2 од Законот за енергетика (подетално во точка 6.1. од извештајот). Со цел исполнување и на условот кој се однесува на определување на сопственик на Операторот за пренос на природен гас, Владата во 2023 година донела Одлука за пренос на своите акции во

[28] бр.03-3551/1 од 15.08.2023 година

[29] Одлука за престанување на важење на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност управување со системот за пренос на природен гас бр. 11-58/17 од 31.08.2023 година и Одлука за менување на одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас бр. 11-643/23 од 31.08.2023 година, објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 187 од 06.09.2023 година

сопственост на Министерство за економија[30], со што постапила по член 110 став 2 од Законот за енергетика.

Откако се исполнети законските услови и е добиена Лиценца за вршење енергетска дејност – пренос на природен гас, НОМАГАС продолжува со активностите кои ги бара постапката за сертификација во согласност Правилникот за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас[31]. Во септември 2023 година доставено е Барање до РКЕ за отпочнување на постапка за сертификација[32]. Согласно член 113 став 3 од Законот за енергетика, РКЕ треба во рок од 40 дена да донесе предлог одлука за сертификација и истата да ја достави до Секретаријатот на Енергетската заедница за мислење, а по добивање на мислењето во рок од 60 дена треба да донесе конечна одлука за сертификација и истата треба да ја објави во Службен весник на Република Северна Македонија.

Имајќи во предвид дека постапката за сертификација не е завршена, односно во тек се активностите за добивање потврда од Секретаријатот на Енергетската заедница, напоменуваме дека се уште не постапено по одредбите од член 109 став 1 точка 5 од Законот за енергетика за назначување на НОМАГАС како Оператор на системот за пренос на природен гас, поради што постои ризик од забавена динамика на процесот за гасификација во Република Северна Македонија.

**Мрежни правила за пренос на природен гас**

3.1.6. Со Законот за енергетика меѓу другото се уредуваат целите и начинот на спроведување на енергетската политика во државата, изградбата на енергетските објекти, пазарите на енергенсите, начинот на обезбедување на јавната услуга на енергенсите и други прашања од областа за енергетика.

Во периодот од 1997 година до 2023 година донесени се четири закони за енергетика. Со Мрежните правила за пренос на природен гас, се уредуваат основните технички правила и услови за планирање, оперативно водење, пристап и приклучување на корисниците на преносната гасоводна мрежа, условите и начинот за пристап на трети страни на системот за пренос на природен гас, техничките услови за приклучување на истиот, техничките и другите услови за сигурно и безбедно функционирање и други мерки и активности.

Со извршената ревизија утврдивме дека првите Мрежни правила за пренос на природен гас се донесени во 2009 година[33], врз основа на Законот за енергетика[34], кој бил донесен во 2006 година. На крајот на 2022 година, врз основа на Одлука на

[30] Одлука за пренос на акции од сопственост на Владата на Република Северна Македонија во сопственост на Министерство за економија бр.41-5705/4 од 01.08.2023 година
[31] Службен весник на Република Македонија, бр.146/18 година
[32] Барање бр.01-4084/1 од 29.09.2023 година.
[33] Службен весник на Република Македонија број 45 од 03.04.2009 година
[34] Службен Весник на Република Македонија бр.63/2006, 36/2007, 106/2008

РКЕ[35], по изминати 13 години, донесени се измени и дополнувања на овие Мрежни правила[36], врз основа на член 123 од Закон за енергетика кој е донесен во 2018 година. Измените на Мрежните правила се однесуваат на иземање на повеќе членови од правилата, кои во најголем дел се однесувале на менување на карактеристиките на природниот гас и списокот на ГМРС и МРС во државата. Една од причините за измена на Мрежните правила е и склучениот договор за интерконекција помеѓу Бугаргастран газ и ГА-МА[37], кој се однесува на поврзување помеѓу Ќустендил – Бугарија и Жидилово – Република Северна Македонија и истиот е одобрен од Владата[38].

Наведеното укажува дека со промена на законската регулатива не се носени нови Мрежните правила за пренос на природен гас, поради што до декември 2022 година важеле Мрежните правила донесени во 2009 година. Со Одлука[39] на РКЕ од 30.12.2022 година, измените на Мрежните правила, се пренесуваат за примена од страна на НОМАГАС.

Оваа состојба укажува на неажурност во донесувањето на Мрежните правила за пренос на природен гас и не овозможува целосна транспарентност на правилата и условите, пристапот и приклучувањето на корисниците на преносната мрежа. Напоменуваме дека измените на Мрежните правила се донесуваат на 28.12.2022 година кога за ГА-МА е започната статусна промена и процес на спојување со НЕР, во ново друштво НОМАГАС.
Истакнуваме дека во текот на декември 2023 година со Одлука[40] на извршниот директор формирана е работна група за изработка на нови Мрежни правила за пренос на природен гас согласно Законот за енергетика.

## 3.2. Состојба и развој на гасоводната мрежа и гасификацијата

### Планирање на гасификацијата

3.2.1. Процесот на планирање на гасификацијата во Република Северна Македонија започнува во 2010 со изработка на „Физибилити студии за гасоводен систем во

[35] Одлука за одобрување на Мрежните правила за измена и дополнување на РКЕ број 11-3023/4 од 26.12.2022 година (Службен весник на Република Северна Македонија број 285/2022)
[36] Службен весник на Република Северна Македонија број 236/22 година
[37] Архивски број на договорот во ГА-МА АД Скопје 0307-2043/1 од 31.10.2022 година
[38] Извадок од Нацрт записникот на 94-та седница на Владата на Република Северна Македонија број 41-9373/2 од 19.10.2022 година
[39] Одлука за примена на Решение за одобрување на Мрежни правила за пренос на природен гас и Одлука за одобрување на Мрежни правила за измена и дополнување на Мрежните правила за пренос на природен гас, број 01-3120/1 од 30.12.2022 година.
[40] 02-5506/1 од 19.12.2023 година

Република Македонија со идеен проект“[41], финансирани од страна на МТВ. Со извршениот увид и спроведените анализи во приложената документација утврдивме дека постои неусогласеност во планираното прифатено сценарио за гасификација во Физибилити студијата, Општата книга на идеен проект за проектот и CAPEX алокацијата[42]. Разликата се однесува на планираните инвестициони трошоци за гасификација на еден метар должина на гасовод и планираната должина на гасоводот. Поради ваквата неусогласеност не може точно да се утврди планираната вредност на гасоводната мрежа. Надлежните лица истакнаа дека при проценка на вредноста на набавките за изградба на гасоводот прифатеното сценарио од Физибилити студијата не било земено во предвид. Физибилити студијата е изработена пред 13 години, истата не е променета ниту е изготвена и донесена нова. Во јануари 2019 година и мај 2023 година, изработени се нови физибилити студии соодветно за интерконекција со Република Грција и Република Косово, а истите биле опфатени со Физибилити студијата од 2010 година.

За изградбата на магистралните гасоводи ЛОТ 1 – 61 km, ЛОТ 1 – 36 km, ЛОТ 2 и ЛОТ 5, потрошени се повеќе финансиски средства од планираните со Физибилити студијата. Најголеми разлики се утврдени кај делницата ЛОТ 1 – 61 km, за која се потрошени 69.700 илјади денари/1 km што претставува 3 пати повеќе потрошени средства во однос на износот од прифатеното сценарио од Физибилити студијата. За ЛОТ 1 – 36 km потрошени се 27.486 илјади денари/1 km, за ЛОТ 2 во должина од 92 km потрошени се 24.687 илјади денари/1 km и за ЛОТ 5 во должина од 86 km потрошени се 24.864 илјади денари/1 km што претставува околу 1,5 пати повеќе потрошени средства од прифатеното сценарио.

Напоменуваме дека реализацијата на ЛОТ 1 – 61 km е согласно „Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за регулирање на обврската на поранешниот СССР по пресметките сврзани со стоковната размена меѓу поранешниот СССР и поранешната СФРЈ склучена во Санкт Петербург на 19.06.2010 година“[43], а начинот на процена на вредноста се согласно Законот за реализација на инфраструктурен проект за изградба на магистрален гасовод, делница „Клечовце - Блок станица 5“[44].

Горенаведените состојби се истакнати и во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема: „Ефикасност на мерки, политики и проекти за гасификација на Република Македонија“ издаден во 2019 година.

---

[41] Цел назив – “Физибилити студија за гасоводен систем во Република Македонија со идеен проект, Завршен извештај, Книга 1 и 2“ (МТВ јуни 2010 година) и Општа книга на идеен проект за проектот „Физибилити студија за гасоводен систем во Република Македонија со идејни проекти“

[42] Capital Expenditures – Капитални расходи

[43] Информација добиена од субјектот

[44] „Службен весник на Република Македонија“, бр.13 од 23.01.2014 година

Со извршениот теренски увид на магистралните гасовод ЛОТ 2 утврдивме дека иако со Физибилити студијата предвидено е постоење на ГМРС за градот Кавадарци, истата не е изградена. Во околината на тој град изградена е само ГМРС во рамки на деловниот објект на правен субјект за преработка на никелова руда и истата може да ја користи само правниот субјект. Надлежните лица во НОМАГАС истакнаа дека за потребите на Кавадарци планирани се активности за изработка на нов проект.

Наведените состојби укажуваат дека изготвените плански документи не се применуваат во целост, истите се неусогласени што влијае на навремено завршување на изградбата на магистралните гасоводи во државата и дополнителен одлив на финансиски средства.

**Експропријација при изградба на магистралните гасоводи**

3.2.2. Согласно член 6 став 1 алинеја 3 и 4 од Законот за експропријација[45], градењето на магистрални гасоводи, гасоводни мерни станици и секундарна гасоводна мрежа претставува јавен интерес од значење на Република Северна Македонија. Ставот 2 од член 6 уредува дека јавен интерес од значење на Република Македонија се утврдува и за експропријација на објекти, постројки и водови за пренос и дистрибуција на природен гас. Согласно законот при експропријација на недвижност припаѓа праведен надоместок којшто заедно со трошоците на постапката паѓаат на товар на предлагачот на експропријацијата[46].

Од страна на НЕР првите предлози за експропријација биле поднесени во 2018 година[47]. Во периодот од 2018 до 2022 година поднесени се 2.698 предлози за експропријација, а решени се 2.590 барања, за што исплатени се средства во вкупен износ од 122.601 илјади денари на име надоместок за експропријација (подетално прикажано во Прилог број 4 и Прилог број 5). Со извршената анализа заклучно со јуни 2023 година утврдивме дека најмногу поднесени и решени предлози за експропријација (повеќе од половина) има за ЛОТ 2, додека најмногу исплатени финансиски средства за надоместок за експропријација има за ЛОТ 5 или вкупно 81.708 илјади денари. Со извршената ревизија ги утврдивме следните состојби:

- во член 26 од Законот за експропријација е определено дека со предлозите за експропријација меѓу другото треба да се достави доказ за обезбедени средства за надоместок. За трговските друштва таков доказ претставува

[45] „Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12, бр.131/12, 24/13,27/14, 104/15, 192/15,23./16, 178/16, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21, бр.111/23 година
[46] Член 18 и член 19 од Закон за експропријација
[47] Претходно постапките се спроведувале преку МТВ.

банкарска гаранција[48]. Во периодот од 2020 година до јуни 2023 година донесени се четири Одлуки за задолжување по основ на банкарски гаранции[49], додека кај постапките за експропријација поведени во 2018 година, не биле донесени одлуки за задолжување. Утврдивме дека постојат случаи каде што наместо банкарска гаранција, до Управата се приложуваат известувања за планирани средства во буџетот на друштвото. Горенаведените состојби може да резултираат во поништување на решенијата за експропријација од страна на надлежен суд како и да доведат до пролонгирање на постапките за експропријација се до правосилност на решенијата[50];

- Управата е должна по доставувањето на предлогот за експропријација до сопственикот на недвижноста или носителите на другите имотни права на недвижноста да закаже и одржи расправа по предлогот, најдоцна во рок од 15 дена од денот на доставувањето на предлогот. Доколку не се постигне спогодба во рок од 30 дена од приемот на предлог за експропријација, предвидено е Управата да донесе решение за експропријација. Најчесто не се почитува законскиот определен рок за закажување на расправа, поради недоволниот број на човечки и технички ресурси во Управата, бројот на предлози за решавање во постапките и неуредна достава на поканите за расправа[51]. Оваа состојба е спротивна на член 29 од Законот за експропријација и влијае врз пролонгирање на постапката и на навременото извршување на активностите при изградба на гасоводната мрежа и
- Секторот за правни работи и експропријација во НЕР, како и новоформираното друштво НОМАГАС согласно актите за систематизација и организација е должно да го застапува друштвото пред надлежните судови и другите органи во Република Северна Македонија. Одделението за експропријација во рамките на Секторот ги спроведува вон парничните постапки за определување на надоместок за експропријација пред надлежните судови. Согласно интерната евиденција, заклучно со 30 јуни 2023 година пред надлежните судови се водат 72 постапки, со вкупен износ на долг

[48] Со измените на законот за експропријација донесени во 2023 година за изградба на градби од стратешки интерес, кои се реализираат како стратешки инвестициони проекти или проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, јавните претпријатија, трговските друштва и други институции основани од државата со предлогот за експропријација, поднесуваат доказ за обезбедени средства за надомест на експроприраната недвижност (известување за планирани средства во буџетот од лицето кое раководи со институцијата основана од државата.

[49] Одлука за задолжување по основ на гаранции, давање согласност за заложување на наменски депозит и склучување на договори за владетелски залог бр. 02-434/7 од 31.01.2020 година, бр. 02-1799/7 од 18.05.2021 година, бр.02-370/5 од 08.02.2022 година донесени од Одбор на директори на НЕР АД Скопје и Одлука бр. 02-323/6 од 30.01.2023 година донесена од Одбор на директори на НОМАГАС АД Скопје.

[50] Извор на информација: Записник на Одбор на директори бр. 02-323/2 од 30.01.2023 година.

[51] неуредна достава: непознато лице, иселено лице, починато лице и слично.

од 22.635 илјади денари. Од нив 4 се завршени предмети со правосилно решение, за кои не е платен надоместок, 55 предмети се во тек, прекинати се 12 постапки, и за 1 предмет е поднесена жалба против решение. Со ревизијата утврдивме дека за истите во сметководствената евиденција не се вршени резервирање за планираниот надоместок за експропријација, што не е во согласност со член 469 став 1 од ЗТД, со кој е предвидено дека трговските друштва се водат според усвоените МСС, како и МСС 37 – резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства. Наведената состојба влијае врз начинот на планирање и навремено обезбедување на финансиски средства потребни за експропријација на недвижности и нивно соодветно прикажување во финансиските извештаи.

Во текот на ревизијата отпочнати се активности за резервирањата по овој основ.

Во прилог кон добиените забелешки од страна на НОМАГАС доставено е известување заедно со пропратна документација (Одлука за резервирање на средства [52] ), со која се определени случаите кога се врши/не се врши резервирања врз основ на можниот исход од судските постапки.

**Магистрални гасоводи**

3.2.3. НОМАГАС како правен следбеник на ГА-МА и НЕР располага со системот за пренос на природен гас што се состои од гасоводна мрежа со придружни објекти, вклучувајќи објекти и средства што се во функција на вршење на енергетската дејност пренос на природен гас. Имајќи во предвид дека гасификацијата е сложен процес, НОМАГАС затекнува и наследува започнати и завршени инвестициони проекти поврзани со гасификацијата на Република Северна Македонија.

Функционалниот гасовод во државата се состои од еден магистрален гасовод кој се наоѓа на источната граница во месноста Деве Баир и се протега во правец на Крива Паланка, Кратово, Куманово и Скопје, како и градска гасоводна мрежа во наведените градови. Должината на магистралниот гасовод (98 km) и неговите осум разводни гасоводи[53] (32 km) изнесува речиси 130 km. Составен дел на оваа мрежа се 16 блок станици[54], една отпремна чистачка и една приемна чистачка. На високо – притисниот дел од системот за пренос има 7 ГМРС[55], кои го намалуваат

[52] Одлука за резервирање на средства бр. 02-5629/16 од 28.12.2023 година

[53] Разводни гасоводи: Крива Паланка, Гиновци, Кратово, Куманово, ТИРЗ Бунарџик, ТАВ Македонија, Скопје- Север и Скопје Југ

[54] Блок станици: Крива Паланка, Гиновци, Кратово, Велес (Клечовце), Јужна Србија, Куманово, Романовце, Скопје Југ (Брњарци), Бунарџик (Арачиново), Бунарџик и Блок станици на разводен гасовод: Крива Паланка, Гиновци, Кратово, Куманово, Скопје Југ, Скопје Север

[55] ГМРС: Крива Паланка, Кратово, Куманово, Скопје Север, Скопје Југ, ТАВ, Дирекција за ТИРЗ




Слика број 1 – Изградена гасоводна мрежа

Постоечки гасовод
ЛОТ 1-61 км Клечовци- БС5 изграден
ЛОТ 1-36 км БС5 – Неготино со ГМРС Штип и ГМРС Неготино
ЛОТ 2-92 км Неготино (Кавадарци) – Битола
ЛОТ 5- 78 км Скопје-Тетово-Гостивар
ЛОТ 5-34 км Гостивар-Кичево, Одобрение за градење
Интерконекција со Грција (DESFA)
ЛОТ 3 и 4 Основен проект

притисокот од магистралниот гасовод, поврзувајќи го високо – притисниот дел со ниските притисни градски мрежи во градовите Крива Паланка, Кратово, Куманово и Скопје. Вкупната должина на наведените градски гасоводни мрежи изнесува речиси 80 km од каде што корисниците[56] се снабдуваат со природен гас.

Набавната вредност на функционалната гасоводна мрежа, која е ставена во употреба и се користи, во трговските книги на НОМАГАС е искажана во износ од 4.394.374 илјади денари. Најголем дел од нив (2.140.593 илјади денари) или 49% претставуваат вложување во магистрален и разводен гасовод Деве Баир – Скопје, додека 26% отпаѓаат на изградбата на градската гасоводна мрежа Скопје во износ од 1.151.004 илјади денари, а 3% на другите градски гасоводни мрежи во Крива Паланка, Кратово и Куманово.

Материјалните средства во подготовка, кои со спојувањето на НЕР и ГА-МА се пренесени во НОМАГАС, заклучно со јуни 2023 година изнесуваат 11.483.234 илјади денари. Најголем дел од овие инвестиции или 85%, се однесуваат на инвестирања во три магистрални гасоводи[57].

Во периодот од 2014 до 2023 година за изградбата на магистралните гасоводи ЛОТ1-61 km, ЛОТ 1 – 36 km, ЛОТ 2 и ЛОТ 5 склучени се четири договори и повеќе анекси кон договорите, како и договори за непредвидени и дополнителни работи во вкупен износ од 9.650.715 илјади денари (подетални информации во Прилог број 3 од извештајот). Бројот на склучени анекси кон договорот се движи од пет

[56] Фабрики, претпријатија, болници, амбасада, воен објект, училишта, општини, ТИРЗ и други
[57] ЛОТ1, ЛОТ2, ЛОТ5

кај ЛОТ 1 – 61 km и ЛОТ 1 – 36 km, до дванаесет анекси кај ЛОТ 5. Со склучените анекси, како и договорите за непредвидени и дополнителни работи имало зголемување на вредноста на првичните договори, како и пролонгирање на роковите за изведување. Анализите ни покажуваат дека најголемо зголемување на првичниот договор за 356.018 илјади денари има при изградбата на ЛОТ 5 и истото претставува зголемување од 20%. Пролонгирањето на рокот на изградбите се движи од пола година до 4,5 години кај ЛОТ 5 .

Со извршениот увид во трговските книги на друштвата, спроведениот теренски увид на лице место и направените анализи ги утврдивме следните состојби:

- НОМАГАС располага со имотни листови за инфраструктурни објекти за кои што правото на сопственост во 2023 година е запишано во АКН, од кои еден имотен лист се однесува на функционалниот магистрален гасовод Деве Баир – Скопје и шест имотни листови за неговите разводни гасоводи, додека за придружните објекти (блок станици, ГМРС, МРС и чистачки станици) се уште не се обезбедени имотни листови. Слична е и состојбата со административниот објект во непосредна близина на ГМС во с. Жидилово, за кој НОМАГАС се уште нема стекнато право на сопственост врз недвижноста. Во овој објект се врши приемот на гас во Република Северна Македонија каде од страна на Секторот за прием на гас – с. Жидилово се врши мерењето и контрола на преземеното и транспортирано количество на природен гас. Надлежните лица информираа дека започнати се активности за надминување за утврдување на правниот статус;
- магистралните гасоводи (ЛОТ 1 – 61 km, ЛОТ 1 – 36 km и ЛОТ 2) во износ од 7.512.427 илјади денари[58], се целосно изградени во 2016, 2019 и 2023 година, но поради нерешени имотно – правни односи при експропријација на земјиште и пролонгирања кои потекнуваат од роковите за одобрување на измени во тек на градба не се ставени во употреба. За овие објекти не се создадени услови за постапување по член 87 од Законот за градење[59] , односно за обезбедување на одобренија за употреба, а потоа и имотни листови. Исто така утврдивме дека за магистралните гасоводи ЛОТ 2 и ЛОТ 5 не е извршено предбележување на гасовод како линиски инфраструктурен објект во катастарот на инфраструктурни објекти од страна на надлежниот субјект - МТВ, што не е во согласност со член 59-д од Закон за градење и влијае на транспарентноста и соодветното информирање за местото на градба;
- Изведувачот иако изработил Проект на изведена состојба и Проект за употреба и одржување на изградениот гасовод, согласно член 57 од договорите за

[58] Вредност по договор
[59] „Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 18/11 Одлука на Уставен суд, 36/11, 49/11 Одлука на Уставен суд, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16 Одлука на Уставен суд, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 година

изградба на магистралните гасоводи ЛОТ 1 – 36 km и ЛОТ 2, од Секторот за одржување при НОМАГАС информираа дека проектите сè уште не се применуваат бидејќи гасоводите не се пуштени во употреба;

- Во член 89 од договорите за изградба на ЛОТ 1 – 36 km, ЛОТ 2 и ЛОТ 5 утврден е гарантниот период од 5 години за изградениот гасовод, кој почнува да тече од моментот на записничко примопредавање. Имајќи во предвид дека гарантниот период кај ЛОТ 1 – 36 km започнал да тече од 2019 година, а гасоводот се уште не се користи, ваквиот начин на постапување не овозможува соодветна заштита на објектите во случај на дефект откако ќе бидат ставени во употреба.

Со извршениот теренски увид утврдивме дека дел од ГМРС и Блок станиците се во неодржувана и запуштена состојба и потребни се активности за одржување, како и дека истите не се обезбедени со физички или видео надзор, што може да влијае на ангажирање на дополнителни финансиски средства при нивното пуштање во употреба. Наведените состојби не се во согласност со член 11 од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост[60] каде е пропишано дека државните органи и правните лица основани од државата се должни да обезбедат чување и заштита на недвижните ствари, нивно економично и соодветно користење и уредно и навремено извршување на обврските што произлегуваат од користењето на стварите;



Слика број 2 – ЛОТ 1 – 36
увид на терен на состојбата на Блок станица Неготино

- за вградената опрема и материјали во ГМРС, блок станиците и за преостанатата опрема за магистралните гасоводи ЛОТ 1- 36 km, ЛОТ 2 и ЛОТ 5 не се презентирани гаранции од производителите, поради што не можеме да потврдиме дека се постапува во согласност со член 70 од склучените договори за набавка. Без наведените гаранции за опремата и материјалите не е можна нивна замена во случај на недостатоци при нивното ставање во употреба;

[60]„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 78/2015, 106/2015 153/2015, 190/2016, 21/2018, 101/2019, 275/2019 и 122/2021 година

- предвидените гаранции за исплатен аванс согласно склучените договори за изградба на ЛОТ 1- 36 km, ЛОТ 2 и ЛОТ 5 се намалуваат вредносно за износот на извршените работи по доставени времени ситуации, што не е во согласност со член 88 став 4 и 6 од договорите за изградба, со кој е пропишано дека банкарската гаранција треба да биде со важност до исполнување на 75% од предвидените работи во динамичкиот план и Инвеститорот треба да ја врати истата на носителот на набавката во рок од 14 календарски дена по целосна отплата на авансот и
- не се врши зголемување на вредноста на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот за изградба за магистралниот гасовод ЛОТ 5, која се однесува на вишоци настанати при извршување на работите како и непредвидени работи, за што склучени се 3 Анекси кон основниот договор, во вкупен износ од 281.908 илјади денари. Оваа состојба не е во согласност со член 102 став 7 од ЗЈН[61] каде е пропишано дека, во случај на зголемување на вредноста на договорот, носителот на набавката соодветно треба да ја зголеми вредноста на гаранцијата и може да влијае на наплата на средствата во случај кога работите не се квалитетно извршени.

Ненавременото преземање мерки и активности за запишување на правото на сопственост на линиските инфраструктурни објекти и на градежните објекти е спротивно на член 142 и 156 од Законот за катастар на недвижности[62] со кои е пропишано дека запишувањето на правото на сопственост и другите стварни права на недвижностите во катастарот на недвижности е задолжително, а со имотен лист тоа истото се докажува, поради што не е можно да се потврди правото на сопственост на друштвото врз истите.

**Надзор и известување за изградбата на магистралните гасоводи**

3.2.4. Согласно член 2 од договорите за изградба на магистралните гасоводи делници ЛОТ 1, ЛОТ 2 и ЛОТ 5, „Надзорен орган“ претставува правно лице определено од Инвеститорот, кое постапува во име на Инвеститорот и спроведува надзор на изградбата во согласност со законските и подзаконските прописи“. НЕР склучило договор за набавка на услуги за вршење надзор над изградбата на гасоводниот систем на Република Македонија – Фаза 1 за делниците ЛОТ 2 и ЛОТ 5 и три Анекси кон договорот[63] на вкупен износ од 174.800 илјади денари без ДДВ или

[61] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/2019 и 87/2021 година
[62] „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 55/2013, 41/2014,101/2014,115/2014, 116/2015,135/2015,192/2015,61/2016, 172/2016,64/2018 и 124/2019 година
[63] Договор бр.05-915/106 од 18.10.2016 година, Анекс бр.1 05-884/1 од 18.04.2017 година, Анекс бр.203-80/4 од 05.02.2019 година, и Анекс бр.303-580/2 од 04.08.2020 година

206.264 илјади денари со ДДВ. Реализацијата на овој договор заклучно со 21.09.2023 година изнесува 154.987 илјади денари со вклучено ДДВ.



Слика број 3 - Блок станица 11а/РЕК Битола која е дел од Делница ЛОТ2

Со извршената анализа на документацијата, ревизијата ги утврди следните состојби:

- во членот 17 од договорот за надзор, пропишана е обврската за доставување на месечни извештаи за извршениот надзор над градбата на магистралните гасоводи до Инвеститорот, најдоцна во рок од 3 работни дена или до 5-ти во месецот. Со ревизијата утврдивме дека извештаите се доставуваат со задоцнување од неколку месеци, што влијае на ненавремено добивање на информации за фактичката состојба утврдена од страна на надзорот. При тоа, во членот 9 од договорот за надзор, со кој е пропишан начинот и рокот на плаќање за извршената услуга, не е предвидена обврска за доставување на месечни извештаи како дел од поткрепувачката документација при плаќање на времените ситуации, со што е овозможено плаќање без потврдување на извршените надзорни активности.
- на ревизијата не и беа доставени докази дека надзорниот орган учествува и ја следи постапката за решавање на имотно правни работи за изградба на магистралните гасоводи, што не е во согласност со членот 23 точка 44 од договорот за надзор, што упатува на некомплетно извршена услуга согласно потпишаниот договор. Вообичаено оваа постапка ја спроведувале службите во НЕР;
- членот 23 точка 28 од договорот за вршење надзор, што се однесува на потврдување на статусот на реализација на договорот за градба преку доставување на „Писмо за потврда“ по барање на Инвеститорот не се применува, поради што Инвеститорот не располага со навремени и ажурни информации за реализација на градбата;
- согласно членот 23 точка 29 од договорот за вршење надзор, вршителот на услугата со задоцнување од неколку месеци ги потврдува кварталните извештаи на Изведувачот со „Писмо за потврда“, поради што не се врши навремено потврдување и следење на извршените градежни активности.

Исто така, со ревизијата утврдивме дека не бил склучен договор за надзорот од страна на НЕР, како Инвеститор на магистралниот гасовод ЛОТ 1 – 36 km, што не е во согласност со барањата од член 2 став 2 алинеја 11 од договорот за изградба на магистралниот гасовод. Образложението на субјектот е дека надзорот бил ангажиран од страна на МТВ, поради што НЕР не располага со сите месечни извештаи од извршени надзорни активности и нема целосен увид на утврдените контролни активности и констатирани состојби за градењето.

Утврдените состојби упатуваат на слабости во реализација на договорите за надзор на изградбата на магистралните гасоводи, што може да влијае врз отстранувањето на недостатоците, односно на квалитетот на изградбата.

3.2.5. Со склучениот договор за подзаем[64] за ЛОТ 1-36 км, ЛОТ 2 и ЛОТ 5 кон крајот на 2015 година помеѓу МФ како заемодавач, МТВ како координатор на проект и НЕР (поранешно МЕР) како заемопримач – инвеститор, друштвото НОМАГАС, како правен следбеник има преземено обврски по кои треба да постапува.

Согласно член 10, алинеја 9 од договорот за подзаем, НОМАГАС меѓу другото е обврзан на квартална основа да доставува до МФ и МТВ извештај за статусот на проектот подготвен од страна на изведувачот. Од увидот во доставената документација утврдивме дека друштвата (НЕР, а потоа и НОМАГАС) нецелосно се придржуваат на оваа обврска од договорот. Имено од страна на изведувачите на проектот се изработуваат квартални извештаи, но за истите не се доставени докази дека се испраќаат до надлежните институции МФ и МТВ. Начинот на информирање на МФ се одвива преку месечна електронска комуникација со доставување на Образец М1, кој ги содржи промените на состојбата на секое задолжување на носителите на јавниот долг. До МТВ се доставуваат извештаи со поткрепувачка документација за исплатени обврски кон крајни корисници за реализација на проектот.

Согласно член 10 алинеја 4 од договорот, назначено е независно правно лице за вршење на надзор на изградбата (подетално во точка 3.2.4. од извештајот). Обврска на надзорот согласно член 10 алинеја 10 од истиот договор е да подготви и со писмо да ги потврди информациите кои што се дадени во кварталните извештаи изработени од изведувачите на проектот и истите да ги достави до НЕР, кој потоа треба да ги проследи до МФ и МТВ. На ревизијата и беа презентирани Писма за потврда на квартални извештаи изработени од страна на надзорот, но не и докази дека НЕР ги има испратено до надлежните институции.

Наведената состојба укажува на недостаток на збирни информации за статусот на проектот и степенот на реализација на инвестициите за гасификацијата во Република Северна Македонија и влијае на транспарентноста за начинот на информирање и потврдување на состојбите до надлежните институции.

[64] Договор за подзаем бр. 05-1977/1 од 11.12.2015 година, Анекс бр.1 кон Договор за подзаем бр.05-1499/1 од 10.10.2016 година, Анекс бр.2 кон Договор за подзаем бр.05-2307/1 од 10.05.2023 година

3.2.6. Согласно Статутот на НОМАГАС, управувањето на друштвото е организирано со едностепен систем на управување (одбор на директори). Одбор на директори е составен од пет члена, од кои еден е извршен член и четири се неизвршни и имаат најшироки овластувања определени со закон и статутот во друштвото. Со исклучок на овластувањата за коишто со закон и статут изречно е определено дека ги врши одборот на директори, директорот како извршен член, го води работењето на друштвото и ги врши сите работи поврзани со раководењето, ги спроведува одлуките на Одборот, како и други активности на друштвото. Во делот на постапување по одредбите од Статутот во делот на известувањето ги утврдивме следните состојби:

- Одборот на директори има обврска да изготвува тримесечни извештаи за работата и материјално-финансиското работење на друштвото и истите да ги доставува до единствениот акционер [65]. Од основањето на НОМАГАС па заклучно со октомври 2023 година не биле отпочнати активности за подготовка и испраќање на наведените извештаи и
- Извршниот член е обврзан да поднесе писмени извештаи до Одборот на директори за работењето на друштвото најмалку еднаш на секои три месеци кои заклучно со месец октомври не биле изработени и доставени.

Горенаведената состојба не е во согласност со член 20 алинеја 10 и член 29 од Статутот на друштвото и влијае на транспарентноста и отчетноста во работењето како и на донесувањето на правилни и соодветни деловни одлуки на друштвото.

Во декември 2023 година од страна на одборот на директори и извршниот член изработени и доставени се тримесечни извештаи до акционерот на друштвото и одборот на директори[66].

**Залихи на материјали и резервни делови**

3.2.7. Сметководствено признавање и мерење на залихите е утврдено во МСС 2 – Залихи од Правилникот за водење на сметководство[67].

Состојбата и движењето на материјалите и резервните делови се евидентира во финансиската и материјална евиденција, врз основа на веродостојна поткрепувачка документација и истите треба да се усогласени. Оптималните залихи на материјали се оние кои со најниски трошоци обезбедуваат континуитет во работењето на друштвото. Со сметководствените политики на

[65] За 2023 година овие извештаи требало да се доставуваат до Владата на Република Северна Македонија се до септември 2023 година со пренесувањето на акциите на Министерство за економија.

[66] Извештај за работа на материјално-финансиското работење на НОМАГАС од 01.01.2023 до 31.03.2023 година број 01-5405/1 од 12.12.2023 година, за периодот од 01.04.2023 до 30.06.2023 година број 01-5406/1 од 12.12.2023 година и за периодот од 01.07.2023 до 30.09.2023 година број 01-5407/1 од 12.12.2023 година

[67] Правилник за водење на сметководството („Службен весник на Република Македонија“ број 159/09 и 164/2010)

друштвото се дефинира методот [68] според кој се евидентираат залихите, потребните документи и примањето и издавањето на залихите.

Залихите на материјалите и резервните делови во ГА-МА претставувале значајна ставка во активата на финансиските извештаи, кои се пренесени и во новото друштво НОМАГАС и се проценети и се движат во износ од 225.869 илјади денари на 31.12.2019 година или 3,67 милиони евра, до 285.783 илјади денари или 4,65 милиони евра, заклучно со 31.10.2023 година.

Движењето на состојбата на залихите од 2019 година до 2023 година е прикажано на следниот графикон:

Графикон број 2 – Движење на состојбата на залихите во периодот од 01.01.2019 до 31.10.2023 година




Од спроведената анализа утврдивме дека вредноста на залихите во континуитет изнесува над 230.000 илјади денари и потекнуваат пред 2019 година кога АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје било матично друштво на ГА-МА, додека примањето и издавањето на залихите низ годините е со помала вредност.

Со ревизијата утврдивме постоење на залихи на материјали и резервни делови, со вкупна вредност од 98.315 илјади денари, кои се набавена пред 2019 година и истите немаат промена во нивната состојба на залиха, односно не се користеле, со што се доведува во прашање потребата од нивна набавка како и можноста истите да бидат застарени и неупотребливи. За овие залихи, не било вршено вредносно усогласување на крајот на пресметковните периоди, односно не била утврдена нивната нето реализациона вредност, со цел да се определи дели постои разлика помеѓу нивната проценета продажна и набавна вредност и доколку

[68] Метод на просечни цени

постои соодветно да се евидентира пониската од нив во согласност со барањата на Правилникот за водење на сметководството, точките 6 и 9 од МСС 2[69].

Во септември 2022 година, направен е вонреден попис на магацините, при што констатиран е кусок од 3.497 илјади денари со пресметан ДДВ. Причини за кусокот се неиздадената соодветна документација - издатници при вградувањето на резервните делови и материјали кои се користеле во изградбата на магистралните гасоводи во претходниот период, како и настаната кражба во магацинските простории, која била пријавена до надлежните органи.

Утврдената состојба не е во согласност со член 472 точка 3 од ЗТД согласно кој сите податоци регистрирани во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани, навремени и ажурирани. Истовремено состојбата укажува на не воспоставена добра организација, управување и чување на оптимални залихи како и нерационално ангажирање на финансиски средства за набавка на прекумерни залихи за кои постои ризик со тек на време да им се намали употребната вредност.

3.2.8. Залихите на материјалите и резервните делови во ГА-МА и НОМАГАС се чуваат во затворен магацински простор од 596 m² и на отворен складишен простор од 1.500 m², а врз основа на склучени договор за закуп и Анекси кон договорот.

Со извршената анализа на залихите на материјалите и резервните делови, како и извршениот теренски увид на магацинските простори со состојба на 31.10.2023 година ги утврдивме следните состојби:

- приемот на набавените материјали во 2023 година, како и ракувањето со залихата на материјалите и резервните делови ги врши лице кое во претходниот период било вработено во ГА-МА на работното место референт за магацинско работење. Во ноември 2022 година во ГА-МА лицето е распоредено на друго работно место, а од јануари 2023 година во НОМАГАС е распоредено на работно место



Слика број 4 - Затворен магацински простор во населба Маџари

[69] Според МСС 2, точка 34, износот на било кое намалување на вредноста на залихите на нето реализационата вредност и сите загуби на залихите треба да биде признаен како расход во периодот кога се случило намалувањето на вредноста или загубата.

во Секторот за експлоатација и одржување, иако истото лице без овластување сѐ уште ракува со залихите и

- залихата во магацините не е уредно чувана, истата не е обележана со шифри и картици за движење на количината при приемот и издавањето. Материјалната евиденцијата на резервните делови не е одвоена од евиденцијата на материјалите и истата се води збирно во еден магацин, иако просторно се наоѓаат на две локации, со што отежнато е усогласувањето на сметководствената со материјалната евиденција.

Истакнуваме дека во тек е изградбата на нови магацински, деловни и складишни простории, кои се започнати од страна на ГА-МА и продолжени од НОМАГАС со вкупна вредност од 153.053 илјади денари и реализација, заклучно со октомври 2023 година, од 102.089 илјади денари или 67%. Овој простор треба да се пушти во употреба во март 2024 година, а според очекувањата на надлежните вработени, со неговата изградба треба да се намалат проблемите со чувањето и издавањето на залихите во иднина.



Слика број - 5 Нов магацински, деловен и складишен простор на НОМАГАС во с. Ржаничино

Овој начин на управување со залихите не е во согласност со Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор во делот на воспоставената контролна средина, управувањето со ризикот и контролите и влијае на можност од губење и кражби на залихите на материјали и резервни делови

3.2.9. Со анализа на залихите во магацинот утврдивме дека извршени се набавки на резервни делови и материјали за изградба на Дистрибутивната мрежа за пренос на природен гас, делница 21 и 22[70], што претставува последниот преостанат дел од 4 km за затварање на прстенот на магистралниот гасовод во Градот Скопје. Овој дел е исклучително важен и претставува траса која во март 2020 година била вцртана во инфраструктурните проекти на Градот Скопје[71].

---

[70] План за развој и обнова на системот со управување со преносот на природен гас и План за развој и проширување на преносната мрежа во периодот 2020-2024 година

[71] Број 13-2230/4 на ден 30.03.2020, со наслов: Проект за инфраструктура за клучка на бул. Никола Карев со бул. 8-ми Септември и ул. Скупи" и Основен Проект за раскрсница ул. Скупи и бул. 8-ми Септември, раскрсница бул. 8-ми Септември и бул. Никола Карев , бул. Никола Карев и ул. Словенечка Скопје.



Слика број 6 - Набавени цевки за изградба на Дистрибутивната мрежа за пренос на природен гас и затварање на прстенот околу градот Скопје на отворен складишен простор

Проектот не се реализирал иако планираната изградбата била во координација со надлежните сектори од Градот Скопје, што се потврдува и со започнатата постапка за одобрување на инфраструктурен проект од страна на ГА-МА на ден 14.06.2022 година[72]. Одговорот за проектот од Комисијата за урбанизам на Градот Скопје, добиен е во мај 2023 година[73], со низа забелешки по кои треба да се постапи и повторно да го достави. Надлежните лица како причина за големата набавка на цевките и резервните делови за изградба на оваа делница ја истакнаа нивната подготвеност во случај на започнување на реконструкцијата на булеварите кај оваа траса. Ревизијата истакнува дека во текот на 2022 и 2023 година во овој дел од градот изградена е нова сообраќајница и кружен тек, со што при изградба на гасоводниот прстен би требало повторно да се работи на веќе изградените објекти.

Оваа состојба укажува на несоодветното планирање и управување со залихите како и не координираност на државните органи при добивањето на одобренија и дозволи, што не е во согласност со стандардот 10 – „Следење на извршувањето" од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор кој пропишува дека за секоја активност треба да обезбеди следење на извршувањето преку релевантни индикатори вклучувајќи ги и оние кои се однесуваат на економичноста, ефикасноста и ефективноста. Отсуството на соодветно планирање и координација на активностите при набавка и издавање на залихи, предизвикува нерационално трошење на средствата на друштвото и влијае врз неговата ликвидност.

[72] Урбанистички проект за инфраструктурни линиски градби за изградба на гасовод „Приклучна делница 22 со шахта 27, Приклучна делница 21 со шахта 28 и крак за МРС Визбегово" доставен на 14.06.2022 број на постапка 43873 од страна на изработувачот на инфраструктурниот проект.

[73] Допис бр. 13-9970/2 од 11.05.2023 година

## 3.3. Спојување на акционерските друштва за гасификацијата и организационата поставеност на новото друштво НОМАГАС АД Скопје

### Основна главнина на НОМАГАС

3.3.1. Со Спогодбата за спојувањето на двете друштва, во Акционерската книга на ЦДХВ издадена на ден 30.06.2022 година, вкупниот номинален капитал на ГА-МА е утврден на вредност од 37,6 милиони евра за 2 акции или 18,8 милиони евра по акција. Оваа вредност е впишана и во Тековната состојба од ЦРРСМ на 01.07.2022 година. Основната главнина на НЕР е утврдена во вредност од 20,7 милиони евра, со номинална вредност на една акција од 100 евра. Основната главнина на новото друштво НОМАГАС е запишана со збирот на основните главнини на двете друштва со вредност од 58,3 милиони евра во денарска противвредност од 583.570 обични акции, со номинална вредност на една акција од 100 евра.

Со извршените анализи на доставената документација утврдивме дека на 25.08.2021 година[74] од страна на Владата извршен е откуп на акцијата на АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје во ГА-МА, во износ од 2.015.382 илјади денари за купување на 1 (една акција), што претставува 32,8 милиони евра. Трансакцијата е спроведена врз основа на извршената Проценка на Бирото за судски вештачења на вкупната вредност на капиталот на ГА-МА, која изнесува 65,5 милиони евра.

Вредноста на откупот на акцијата од страна на Владата не соодветствува со вредноста на акцијата впишана во Акционерската книга во ЦДХВ на ГА-МА, која вредност не е променета од 2006 година. Со увид во сметководствената евиденција на основната главнина на ГА-МА во претходните години до денот на купопродажбата на акцијата, утврдивме дека надлежните лица ја немаат добиено Проценката на вредноста на капиталот на ГА-МА од 65,5 милиони евра, ниту е извршено нејзино евидентирање. Истакнуваме дека Проценката е утврдена и со Законот за решавање на спорот помеѓу Владата и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, по пат на спогодба објавена во Службен весник[75]. Имено основната главнина за двете акции на денот на купопродажбата во сметководствената евиденција на ГА-МА изнесува 37,4 милиони евра[76] за двете акции, што е помалку за 28,1 милиони евра од извршената проценка на вкупниот капиталот на ГА-МА од 65,5 милиони евра, односно Владата ја има откупено акцијата за 14,1 милиони евра повеќе од нејзината сметководствената вредност. Истакнуваме дека во врска со промените во сопственичката структура, ГА-МА со допис се има обратено до Владата – Генерален секретаријат за давање на понатамошни чекори на кој не се добиени инструкции за постапување.

[74] Средниот курс на 25.08.2021 на НБРСМ изнесува 61,4935 денари за 1 евро
[75] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.317/20 година
[76] претставува 2.300.912 илјади денари во сметководствената евиденција на ГА-МА

Не евидентираната Проценка на вредноста на капиталот на ГА-МА за продажба на акцијата на Владата во нејзината сметководствена евиденција, не е во согласност со МСС 16, поглавје Модел на ревалоризација, точките од 31 до 42, кои го предвидуваат начинот на евидентирање како и зголемување на капиталот на друштвата во случај кога објективната вредност на постојаните средства е утврдена со проценка од страна на професионално квалификувани проценители[77].

Оваа состојба влијание на помалку искажани средства и капитал во сметководствената евиденција на новоформираното друштво НОМАГАС, а со тоа и вредноста на основна главнина впишана во ЦДХВ и ЦРРСМ не ја искажува нејзината објективна вредност согласно извршената Проценка од страна на Бирото за судски вештачења.

**Попис на средства и обврските**

3.3.2. Согласно одредбите од ЗТД, НОМАГАС има обврска најмалку еднаш годишно да изврши попис на средствата и обврските и да ја усогласи нивната сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот во согласност со Правилник за начинот за вршење на пописот на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена состојба утврдена со пописот[78]. За вршење на пописот на крајот на 2022 година донесени се поединечни акти (одлуки и решенија)[79], со кои се формирани една Централна пописна комисија и поединечни пописни комисии во ГА-МА и НЕР. По завршениот попис врз основа на поединечните извештаи, изготвен е заеднички Извештај за извршен попис[80] од НОМАГАС кој е усвоен со Одлука на одбор на директори[81]. Со извршената ревизија на презентираниот пописен материјал, констатирани се следните состојби:

[77] Точка 31 од МСС 16 - Недвижности, постројки и опрема предвидува: по признавањето како средство, определена ставка од недвижности, постројки и опрема, чија објективна вредност може веродостојно може да се измери, треба да се евидентира по ревалоризираната вредност, која ја преставува нејзината објективна вредност на датумот на ревалоризација намалена за последователната акумулирана депрецијација и последователните акумулирани загуби поради обезвреднување. Ревалоризациите треба да се прават со достатна редовност за да осигураат дека сметководствената вредност материјално не се разликува од онаа која би била утврдена користејќи ја објективната вредност на крајот на периодот за известување.

[78] „Службен весник на Република Македонија“ бр.107/11 година

[79] Одлука да се изврши попис на средствата и обврските на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост со состојба 31.12.2022 година бр. 02-3606/4 од 20.12.2022 година; Решение за организација и извршување на годишен попи бр.0302-2372/1 од 09.12.2022 година; Решение за формирање пописни комисии за попис на средства и извори на средства на ГА-МА АД Скопје со состојба 31.12.2022 година.

[80] Извештај за извршен попис (инвентаризација) на средствата и изворите на средствата со состојба на 31.12.2022 година, бр.05-1198/1 од 09.03.2023 година.

[81] Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот попис (инвентаризација) на средствата и обврските бр. 02-1241/5 од 13.03.2023 година.

- од страна на двете друштва НЕР и ГА-МА не е извршен попис во јуни 2022 година, кога се донесени поединечни Одлуки за спојување на двете друштва во НОМАГАС, што не е во согласност со член 473 став 2 од ЗТД со кој е пропишана обврска трговските друштва да вршат попис во случај на статусни промени. Во септември 2022 година, пред формалното спојување на двете друштва, согласно Решение[82] извршен е вонреден попис на магацинот на материјали во ГА-МА и за истиот од страна на пописната комисија подготвен е Извештај[83], кој со Одлука[84] е усвоен од страна на Одбор на директори;
- Комисијата за попис пред започнување на пописот нема составено план за работа како што е предвидено со член 10 од Правилникот;
- попис на материјални средства и залихи е нецелосен, додека за останатите средства и обврски не е спроведен попис, при што не е направено усогласување на нивната сметководствена со фактичката состојба како што е уредено предвидено во член 3 и 4 од Правилникот.
- во пописните листи за градежните објекти (ГМРС) недостасуваат податоци за вредноста, како и податоци кои поблиску го опишуваат објектот (локација, имотен лист, површина), што не е согласно член 11 точка 1 и точка 3 од Правилникот;
- најголем дел од материјалните средства и залихите кои биле предмет на попис не се означени со бар кодови или со други пропишани ознаки, што не е согласно член 9 став 2 точка 4 од Правилникот;
- пописните листи не се составени според аналитички сметки на средствата кои се предмет на пописот што е спротивно на член 10 став 4 од Правилникот;
- дел од пописните листи не се потпишани од сите членови на Комисиите, што не е во согласност со член 10 став 12 и член 11 став 10 од Правилникот;
- Извештаи од извршениот попис од страна поединечните пописни комисии во ГА-МА не се подготвени [85] што е спротивно на Решението за формирање пописни комисии за попис на средства и извори на средства и
- во минатиот период со посебен акт не бил утврден начинот на попис на гасот, како специфичност при вршење на дејноста, како што е уредено со член 5 од Правилникот.

Горенаведениот начин на вршење попис не е во согласност со член 473 став 1 од ЗТД и истиот не обезбедува целосно усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и обврските. Значењето на пописните

[82] Решение за организација на вонреден попис на Магацинот на материјали со број 0302-1857/1 од 30.09.2022 година

[83] Извештај за попис на Магацинот за материјали бр. 0302-2014/1 од 21.10.2022 година

[84] Одлука за усвојување на Извештај за попис на Магацинот за материјали бр. 0202-2021/3 од 28.10.2022 година

[85] Исклучок се два поединечни извештаи од извршен попис за расход на основни средства и ситниот инвентар по лица кои се дел од Извештајот за извршен попис и не се потпишани од страна на членовите пописната комисија

активности е уште поголемо, ако се има во предвид дека НОМАГАС е новоформирано друштво и за точно воспоставување на евиденциите потребно е почетно објективно и реално утврдување на средствата и обврските.
Во текот на декември 2023 година изработен е нов Правилник за вршење на попис кој содржи опис за начинот на вршење на попис на природен гас во друштвото.

Задолжување

3.3.3. Со ревизијата на усогласеност го опфативме Законот за задолжување на Република Македонија кај Дојче банка и Ерсте банка по Договор за заем за финансирање на Проектот „Гасификација на Република Македонија – фаза 1 - делница Штип – Неготино - Битола и делница Скопје - Тетово - Гостивар”[86] со којшто Република Македонија се задолжува со заем во износ од 90 милиони евра (подетално прикажано во Прилог број 6), при што го констатиравме следното:

- Врз основа на член 5 од Законот за задолжување, за регулирање на меѓусебните права и обврски при имплементација на проектот МФ, МТВ и МЕР имаат склучено договор и анекси кон договор за под заем[87]. Во член 3 од договорот е определено дека сите финансиски обврски ќе ги отплаќа МЕР од приходите што ќе ги оствари во утврдени рокови. Врз основа на Барања за репрограмирање на вкупно доспеани долгови[88] доставени до МФ, склучени се два договори со кои се пролонгирани роковите и тоа:
    - за доспеаниот долг заклучно со 10.12.2021 година, во износ од 5.099.504 илјади денари, склучен е договор за регулирање на долг[89] при што е утврдено отплатата кон МФ да отпочне од 01.07.2023 година и
    - за доспеаниот долг заклучно со 07.03.2023 година, во износ од 1.670.429 илјади денари, склучен е договор за регулирање на долг[90] со кој отплатата кон МФ треба да отпочне од 01.04.2025 година.

  Со ревизијата утврдивме дека доспеаните обврски по кредитот заклучно со 31.08.2023 години, изнесуваат 149.985 илјади денари за 3 последователни рати кои не се исплатени на МФ, што е спротивно на член 2 од Договорот за регулирање на долгот. Поради ненавремената отплата на ратите од долгот согласно утврдената динамика со договорот, МФ може да бара наплата на

[86] „Службен весник на Република Македонија “ бр.193/15 година
[87] Договор за под заем бр. 05-1977/1 од 11.12.2015 година, Анекс бр.1 кон договор за под заем бр.05-1499/1 од 10.10.2016 година, Анекс бр.2 кон договор за под заем бр. 02-2767/2 од 11.05.2023 година во кој МФ се јавува како заемодавач, МТВ како координатор на проектот додека МЕР Скопје (НЕР АД Скопје) како заемопримач – инвеститор
[88] Барање за репрограмирање на долг бр. 05-3560/1 од 06.12.2021 година и Барање за репрограмирање на долг 05-1168/1 од 07.03.2023 година
[89] Договор за регулирање на долг бр.05-3688/1 од 14.12.2021 година, Солемнизација на договор за регулирање на долг ОДУ бр.1659/21
[90] Договор за регулирање на долг бр.05-1453/1 од 20.03.2023 година, Солемнизација – потврдување на Договор за регулирање на долг бр.05-1453/3 од 20.03.2023 година

целиот износ на долгот зголемен за казнена камата, како и да издаде налог до Управата за јавни приходи за блокирање на средствата по основ на враќање на ДДВ со цел намирување на пристигнатите обврски, што може да влијае на ликвидноста на друштвото.

- Согласно член 2 од договорот за подзаем, предвидено е за неповлечените средства од подзаемот да се плаќа провизија во износ од 2,47% на годишно ниво. Согласно добиените податоци од субјектот предмет на ревизија, заклучно со 31.08.2023 година, износот на провизијата за неповлечени средства од кредитот, изнесуваат 412.407 илјади денари и истите сметководствено се евидентирани како материјални средства во подготовка. Во МСС 23[91] точка 6 и 8 е уредено дека друштвото треба да ги капитализира трошоците за позајмување (камата и курсни разлики) кои директно можат да се препишат на стекнувањето и изградбата на средството кое се квалификува како дел од набавната вредност на тоа средство, додека останатите трошоци за позајмување треба да се признаат како расход во периодот во кој настанале. Главна причина за пресметување на провизија на неповлечени средства претставува бавната динамика на изградбата на магистралните гасоводи, што влијаеле на зголемување на обврските и намалување на ликвидноста на друштвото.

Внатрешна ревизија

3.3.4. Формирањето, организацијата и начинот на извршување на внатрешната ревизија се уредени со одредбите на ЗТД и ЗЈВФК[92]. Со членот 415-а од ЗТД предвидено е кај АД и трговските друштва, Органот на надзор да организира служба за внатрешна ревизија, која треба да врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на друштвото.

Со извршената ревизија на начинот на воспоставување на службата за внатрешна ревизија во претходниот период во друштвото ГА-МА утврдивме дека со актот за систематизација и организација на работните места не била предвидена службата за внатрешна ревизија и соодветно на ова не била формирана и не била воспоставена единица за внатрешна ревизија. Ист случај било и со НЕР, каде не била воспоставена и не функционирала служба за внатрешна ревизија. Имено во рамките на Секторот за економско - финансиски работи било систематизирано работно место внатрешен ревизор и на неколку наврати биле правени обеди за пополнување на истото, но работното место не било пополнето.

Поради не воспоставената внатрешна ревизија во двете друштва, не можело да се исполнат законските барања за извршување на функцијата на внатрешна

[91] МСС 23 – Трошоци за позајмување
[92] Службен весник на Република Македонија број 90/09, 12/11, 188/12, 192/15 и 147/17

ревизија и не можело да се укаже на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на двете друштва.

Со формирањето на новото друштво НОМАГАС, воспоставена е Служба за внатрешна ревизија, каде се предвидени три работни места: главен внатрешен ревизор и двајца ревизори, а во јануари 2023 година вработено е едно лице на работно место - ревизор. Во текот на 2023 година започнати се активности за воспоставување на внатрешната ревизија при што: изработена е Повелба за внатрешната ревизија, Процеси за работа на внатрешната ревизија и Процедура за работа на внатрешната ревизија кои се доставени до Централна единица за хармонизација при МФ.

За начинот на работа на внатрешната ревизија на НОМАГАС заклучно со месец октомври 2023 година ги утврдивме следните состојби:

- во тек се подготвителни активности за мапирање на процесите за изработка на Стратешки план за внатрешната ревизија за наредните три години 2024-2026, што не е во согласност со член 40 од ЗЈВФК;
- не е изготвен Годишен план за извршување на внатрешна ревизија за 2023 година, поради што не е извршена ниту една ревизија, што не е во согласност со член 40 од ЗЈВФК и член 415–б од ЗТД;
- Службата за внатрешна ревизија нема изработено и доставено полугодишен извештај за своето работење, до неизвршните членови на Одборот на директори, што не е во согласност со член 415-в став 1 од ЗТД, поради што не било овозможено да се постапи согласно член 415-в став 4 од ЗТД, односно неизвршните членови на Одборот на директори да го достават извештајот до Собранието на друштвото – Владата односно МЕ.

Нецелосно воспоставената внатрешна ревизија и отсуство на Годишна програма за 2023 година во НОМАГАС, влијае на утврдувањето и намалувањето на ризиците од работењето на новото друштво и не придонесува за подобрување на постојните слабости во внатрешните контроли, нивната ефикасност и ефективност.

Во декември 2023 година донесени се Стратешки план на единицата за внатрешна ревизија во НОМАГАС за период од 2024 од 2026 година, Годишен план на службата за внатрешна ревизија во НОМАГАС за 2024 година, а во ноември 2023 година изготвен е Преглед на високи ризици рангирани согласно извршената проценка на ризиците во планирањето на ревизијата – Ревизорски универзум.

3.3.5. За дел од долгорочните обврски во износ од 30.451 илјади денари, НОМАГАС не располага со поткрепувачка документација (договор, фактура) врз основа на кои се признати финансиски обврски кои претставуваат пренесена состојба од ГА-МА. Наведената состојба не е во согласност со член 472 став 4 од ЗТД со кој е

определено дека трговските книги се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи, како и со МСС 39 - Финансиски инструменти: признавање и мерење којшто пропишува дека друштвото треба да признае финансиска обврска во неговиот извештај само кога ќе стане договорна страна на договорни одредби на инструментот.

3.3.6. Со увидот и анализата на актите за систематизација и организација и статусот на вработените во НОМАГАС утврдивме дека за дел од работните места условите за квалификација се воопштени [93] односно не е прецизен степенот на стручна квалификација која треба да ја поседува вработениот како што предвидува Националната рамка на квалификации. Оваа состојба носи ризик во начинот на рангирање и оценка на кандидатите при идни нови вработувања и претставува можност на овие работни позиции да бидат вработени лица кои немаат доволна стручност.

Истовремено утврдивме дека со допис[94] до Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење укажано е на слабости во актот за систематизација и организација, по што Кабинетот во февруари 2023 година дал насоки за подетално разгледување, анализа и подобрување на актите за систематизација и организација на работни места, а со цел обезбедување ефикасен јавен сектор кој ќе им испорача квалитетни услуги на граѓаните[95]. До денот на завршување на ревизијата, од страна на НОМАГАС не се презентирани документи за постапување по даденото укажување од Кабинетот.

# 4. Заклучок

Со опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување ревизорски техники и методологија, добивме разумно уверување да го изразиме следниот заклучок:

Врз основа на извршената ревизија, заклучивме дека освен за состојбите кои се однесуваат на недонесените плански документи, нецелосната имплементација на одредени законски и подзаконски одредби, утврдените слабости во начинот на реализација на предлозите за експропријација на земјиштето, како и долгиот временски период на реализација на проектите за гасификација, активностите за развој на системот за гасификација во Република Северна Македонија, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска и подзаконска регулатива, стратешки документи, договори и воспоставени политики.

[93] За одредени раководни места, заменик раководни позиции и инженери предвидено е само високо образование без конкретно ниво за степен на квалификација

[94] Допис: Барање од Кабинетот на заменик на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење примено во НОМАГАС АД Скопје под број 03-250/1 од 18.01.2023 година; Одговор на Барање бр. 03-250/2 од 25.01.2023 година

[95] Допис Барање за постапување од страна на Кабинетот на заменик на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење примен во НОМАГАС АД Скопје под број 03-250/3 на 15.02.2023 година.

## 5. Нагласување на прашања од неизвесност

5.1. Помеѓу Владата и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје се водел долгогодишен судски спор за утврдување на правото на сопственост и определување на соодносот на вложувањата на двете страни во ГА-МА, кој бил 50% со 50%. Спорот е започнат во 2005 година и до 2020 година сè уште се воделе подготвителни рочишта пред првостепените судови. Страните имале започнато уште две други судски постапки кои не биле разрешени, при што една од нив ја водело Државно правобранителство на Република Северна Македонија, а другата е судска постапка за надомест на штета.

Во меѓувреме, со донесување на Законот за енергетика во 2018 година, пропишано е сопственичко раздвојување кај друштвата кои вршат пренос на природен гас од друштвата кои вршат дистрибуцијата на природен гас и воведување забрана во исто време да се вршат други дејности, трговија или снабдување со природен гас. Со цел отпочнување на активности за решавање на долгогодишниот спор, на крајот на 2019 година Владата донела Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година[96] со која биле одобрени средства за купување на акцијата на АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје во ГА-МА. За таа цел, на 25.12.2019 година склучен е Договор за заем помеѓу Владата и НЕР со кои се утврдени правата и обврските на двете страни за начинот на трансфер на средствата и предвидено е средствата да се користат единствено за договорената намена. На крајот 2019 година извршен е трансферот на средства во износ од 2.020.000 илјади денари од буџетската сметка на Владата на наменската сметка на НЕР, отворена во домашна банка, со цел на дознака – „купување на акции“.

По една година, односно на крајот на 2020 година, донесен е Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, по пат на спогодба[97]. Целта на законот е да обезбеди заштита на имотот и имотните права на државата. Во член 3 од Законот предвидено е Владата да склучи Спогодба за регулирање на меѓусебните односи, за што на 5 ноември 2019 година, постигната е согласност помеѓу Владата и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, пред Центарот за решавање на спорови и преговори при Секретаријатот на Енергетската Заедница. Со Спогодбата е предвидено потпишување на Договор за купопродажба на влогот на АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје во ГА-МА од страна на државата, при што АД се обврзало да ја понуди на продажба својата акција во ГА-МА на Владата. Во Спогодбата е истакната и извршената Проценка на вкупната вредност на капиталот на ГА-МА, изготвена од Бирото за судски вештачења, со

[96] Број 45-10225/1 од 18.12.2019 година
[97] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 317/2020

која капиталот е проценет на 65,5 милиони евра. Врз основа на Спогодбата и Проценката Владата извршила откуп на акцијата на АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје во денарска противвредност од 32.8 милиони евра (подетално образложено во точка 3.3.1 од извештајот). Со денот на потпишување на Спогодбата, Владата и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје се откажуваат од сите меѓусебно поведени судски спорови и тужбени барања и преземат активности да ги известат сите надлежни судови.

Со ревизијата на усогласеност утврдивме дека на 25.08.2021 година од наменската сметка на НЕР отворена во домашна банка, извршен е трансферот на средства во износ од 2.015.382 иљади денари за купување на 1 (една) обична акција издадена од ГА-МА. На истиот датум исплатени се трошоци за провизија на ЦДХВ во износ од 2.015 иљади денари и 1.582 иљади денари трошоци за Македонска берза за хартии од вредност, што претставува вкупно исплатени 2.018.979 иљади денари. На 15.02.2022 година НЕР до Владата има доставено Информација за начинот на регулирање на обврските по Договорот за заем со која детално е опишан начинот на реализацијата на договорот и финансиските трансакции. Информацијата на 15.03.2022 година е разгледана, при што дадени се насоки за враќање на средствата од 838 иљади денари, со што заемот се смета за целосно вратен. Со реализација на овој договор и извршените трансакции, АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје престанува да биде акционер и истапува од друштвото ГА-МА и на негово место како единствен акционер пристапува Владата.

Не оспорувајќи ги заложбите за решавање на долгогодишниот спор на државата и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, истакнуваме дека трансакцијата за пренос на средствата во износ од 2.020.000 иљади денари кои биле трансферирани на 30.12.2019 година од Буџетот на државата на наменска сметка на НЕР во домашна банка, се реализирала после една година и осум месеци, односно на 25.08.2021 година, кога била купена акцијата на АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје. Долгиот временски период што средствата биле во деловната банка имале влијание на Буџетот на државата и неповолно се одразува на дел од основните буџетски цели и начела кои ги предвидува Законот за буџетите [98]. Овие средства во наведениот период, не се користеле за неопходните буџетски потреби на државата, односно ги користела деловната банка за свои потреби и подобрување на своето портфолио. Поради целта и нивната намена за кои е склучен Договор за заем и неизвесноста кога ќе се изврши трансакцијата, НЕР ги нема орочено овие средства ниту има остварено добивка или камата од банката од денот на приемот до денот на откупот на акцијата, а провизиите кон банката за извршените трансакции редовно се плаќани. Истакнуваме дека во структурата на капиталните расходи за 2019 година, најголемо учество била токму оваа трансакција, оценета како вложувања,

[98] буџетски начела: буџетска рамнотежа, економичност, ефикасност, ефективност, транспарентност и сигурно финансиско управување

кои претставувале дури 75% од вкупните капитални расходи на државата кои се обезбедени со Ребалансот на буџетот за 2019 година во разделот на Владата, кои всушност не се реализирале таа година.

Обрнуваме внимание дека во иден период, кога Владата финансира проекти за кои се потребни значајни финансиски средства од буџетот на државата, потребно е трансферот на средства да го усогласи согласно динамиката на реализацијата на активностите од проектите, за да се спречи предвремено одлевање на буџетски средства.

5.2. НОМАГАС располага со четири градски мрежи (Скопје, Куманово, Крива Паланка и Кратово), кои поврзуваат повеќе разводни делници од каде што корисниците се снабдуваат со природен гас. Градските гасоводни мрежи овозможуваат достапност и дистрибуција на крајните потрошувачи со природен гас. Согласно член 127 од Законот за енергетиката потребно е да се раздвојат дејностите пренос и дистрибуција на природен гас, поради што во член 107 од истиот закон определено е да постојат два оператори: Оператор на системот за пренос на природен гас и Оператор на системот за дистрибуција на природен гас. Во услови кога државата нема определено Оператор на систем за дистрибуција на природен гас, НОМАГАС иако располага само со лиценца за пренос на природен гас истовремено ја врши и оваа дејност.

На 26.12.2019 година од страна на Владата донесена е Одлука[99] за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на Јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија. Истакнуваме дека оваа постапка е во тек, што укажува на неизвесност во однос на понатамошните активности за поделба на дејностите пренос и дистрибуција на природен гас.

5.3. Финансирањето на изградбата на магистралните гасоводи во Република Северна Македонија од страна на МЕР, а подоцна и НЕР, во целиот период на градба се врши преку: обезбедување на средства од Буџетот на државата, кредитно задолжување и дел од изградбата е финансиран од страна на Руската федерација за регулирање на меѓусебните обврски помеѓу поранешните СССР и СФРЈ.

Владата во улога на Собрание на друштвото средствата од Буџетот ги обезбедувала преку Потпрограма 3Д–Гасификација од нејзиниот раздел и од разделите на МФ, МТВ и МЕ. Средствата се обезбедуваат врз основа на член 383 и член 421 од ЗТД како и член 7 и 9 од ЗХВ[100], со зголемување на основната главнина на НЕР преку издавање на обични акции. Секоја емисија на

[99] Одлука бр. 45-10722/2 од 24.12.2019 (Службен весник на Република Северна Македонија бр.272/2019)
[100] „Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 95/2005; 25/2007; 86/2007; 123/2007; 140/2007; 146/2007; 7/2008; 45/2009; 57/2010; 135/2011; 13/2013; 188/2013; 43/2014; 15/2015; 154/2015; 192/2015; 23/2016; 83/2018; 83/2018; 31/2020; 288/2021 година

новоиздадените акции се врши по претходно добиено одобрение од Комисија за хартија од вредност, а потоа се врши нивен упис во ЦРРСМ и ЦДХВ и усогласување и промена на одредбите од Статутот кои ја уредуваат основната главнина и бројот на акциите на друштвото. Со извршената анализа на податоците од сметководствената евиденција утврдивме дека, првите финансирања од Буџетот на државата се започнати во 2011 година со купување на 250 обични акции во вредност од 25.000 евра[101]. Заклучно со 31.12.2022 година, пред спојувањето на НЕР со ГА-МА, вкупните средства кои се исплатени од Буџетот изнесуваат 1.278.362 илјади денари или 20.7 милиони евра со откупени вкупно 207.445 акции. Најголемиот прилив на средства од Буџетот е извршен последната 2022 година во износ од 625.000 илјади денари или 10.1 милиони евра за откуп на 101.303 акции.

Треба да се истакне дека НЕР во претходниот период нема остварено приходи од своето работење поради што во периодот од 2010 година заклучно со 31.12.2022 година, освен извршените инвестирања, секоја година во континуитет искажува загуба од работењето која акумулирано заклучно со 31.12.2022 година достигнала износ од 162.379 илјади денари.

ГА-МА управувало со магистралниот гасовод Деве Баир - Скопје кој е изграден во 1993 година од страна на АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, поради што во претходниот период остварувало приход од преносот на гас и работело со добивка, освен во периодот на спојувањето на друштвото од 01.07.2022 година до 31.12.2022 година, кога е искажана загуба во износ од 64.525 илјади денари.

Приходот кој го остварува НОМАГАС во 2023 година, од пренос на природен гас преку гасоводот Деве Баир - Скопје е доволен за да се покријат само расходите на работењето, но не и финансирањето на доизградбата на гасоводниот систем[102]. Поради тоа, во 2023 година во НОМАГАС извршен е трансфер на средства од Буџетот на државата, преку разделот на МЕ – Потпрограмата 3Д–Гасификација, со што е зголемен капиталот на НОМАГАС, со откуп на 33.108 акции што претставува 204.256 илјади денари или 3,3 милиони евра.

Оваа состојба за начинот на финансирање на изградбата на магистралните гасоводи низ Република Северна Македонија и на процесот на гасификација на државата укажува дека се работи за комплексен процес со бавна динамика во реализацијата на изградбата и голема зависност од буџетски средства.

Иако се поминати над 10 години од почетоците на изградбата на првиот магистралниот гасовод од страна на НЕР, се уште низ магистралните гасоводи со исклучок на гасоводот Деве Баир – Скопје не е пуштен природен гас, не е развиен и изграден системот за дистрибуција и пренос на природен гас, односно не е

[101] Во целиот период вредноста на 1 акција е утврдена на 100 евра
[102] Вкупниот приход во периодот од 01.01.2023 до 31.08.2023 во НОМАГАС изнесува 389.458 илјади денари, расходите изнесува 363.836 илјади денари и добивката изнесува 25.622 илјади денари.

обезбедено целосно самофинансирање на дејноста - пренос на природниот гас. Наведеното укажува дека НОМАГАС и во идниот период до целосна изградба на магистралните гасоводи и нивното пуштање во употреба, ќе биде финансиски зависен од буџетски средства.

5.4. Ние обрнуваме внимание на постоење на неизвесност во однос на исходот од исполнување на стратешките цели кои се однесуваат на реализација на планираните интерконекции на системот за пренос на природен гас со други држави при што ги истакнуваме следните активности:

- во 2017 година склучен е Меморандум за разбирање помеѓу МЕР и АЛБАГАС[103] при што во 2022 година побарана е поддршка од ЕБРД и AFT, но истата не е добиена поради Зелената агенда на ЕУ, така што во 2023 година е аплицирано за поддршка во USAID и се чека за конечна одлука;
- во 2018 година склучен е Меморандум за разбирање[104] помеѓу Министерство за економија на Република Северна Македонија и Министерство за економски развој на Република Косово при што според информациите добиени од надлежните лица, отпочнати се активности за интерконекција во 2022 година;
- во 2021 година отпочнати се заеднички проектни активности на НОМАГАС и Србијагас Нови Сад и истите продолжуваат во 2023 година;
- во 2021 година започнати се активности за реализација на проектот Интерконективен гасовод помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција. За реализација на овој проект НОМАГАС има потпишано Договор за соработка[105] со Хеленскиот систем за пренос на гас (ДЕСФА Атина)[106]. Кон крајот на 2022 година склучен е и Договор за однапред резервиран капацитет на грчката страна од интерконекциската точка Евзони-Гевгелија[107], кој со Одлука е одобрен од страна на Владата[108]. За добро извршување на работите склучен е и Договор за издавање на гаранција помеѓу НЕР и домашна банка со максимален износ од 3,3 милиони евра. За реализација на овој проект[109] во 2021 година Европска инвестициска банка и НОМАГАС имаат склучено Договор за

[103] Меморандум за разбирање склучен помеѓу МЕР АД Скопје и АЛБАГАС бр.03-3459/1 од 26.09.2017 година
[104] Извадок од Нацрт – записник од седумдесет и осмата седница на Владата на Република Македонија одржана на 10.07.2018 година.
[105] Договор за соработка бр.03-2850/1 од 15.09.2021 година склучен врз основа на Анекс Меморандум за разбирање бр.03-2260/1 од 02.04.2019 година.
[106] Хеленски систем за пренос на гас (DESFA) е основан во 2007 година и е сопственик на Националниот систем за природен гас (NNGS), кој се состои од националниот систем за пренос на природен гас со висок притисок и терминалот LNG, имајќи целосни и ексклузивни права за операцијата, управувањето, користењето и развојот на NNGS и неговите меѓусебни врски, според европската и националната легислатива. ДЕСФА нуди пристап на трети страни до NNGS и терминалот LNG (течен гас)
[107] Договор бр. 09-3628/1 од 21.12.2022 година
[108] Одлука бр.41-10962/3 од 14.12. 2022 година
[109] Согласно Одлука донесена од страна на Инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF)

заем во износ од 29,9 милиони евра[110] и Договор за инвестициски грант со вкупен износ од 9,9 милиони евра[111] кои се во фаза на реализација.

5.5. Од страна на министерот за финансии не е донесен подзаконскиот акт со кој треба да се пропише формата, содржината и начинот на водење на евиденција за поднесените предлози за експропријација, за одземање на правото на користење на градежно земјиште во државна сопственост, останати предлози за ограничување на правото на сопственост на земјиште, како и за донесените и поништени правосилни решенија за експропријација, што не е согласно член 35-а став 2 од Законот за експропријација, што може да влијае врз точноста и прегледноста како и увидот во поднесените предлози за експропријација и врз идните плански активности за изградба на линиски инфраструктурни објекти.

Со ревизијата на усогласеност укажуваме на потребата од пропишување на формата, содржината и начинот на водење на евиденција на предметите за експропријација.

## 6. Останати прашања

6.1. Во Законот за експропријација како системски слабости ги нагласуваме следните:

- отсуствуваат одредби за начинот и условите за утврдување на висината на банкарската гаранција, нејзино продолжување и активирање;
- утврдената одредба за надзор во член 32 став 2, единствено се однесува на вршење надзорни активности над Управниот суд, што претставува ризик од неисполнување на останатите законски одредби и
- во член 51 пропишано е дека Управата е должна сите правосилни акти кои содржат правен основ врз основа на кои се врши запишување на актот за експропријација во АКН, во рок од 5 дена од доставување на доказ за платен надоместок истите да ги достави за запишување. Рокот за запишување не е прецизиран за државните органи кои се ослободени од плаќање надоместок, што може да влијае на пролонгирање на рокот за запишување на актите во АКН.

Ревизијата истакнува дека потребни се законски измени за прецизно уредување на висината и активирањето на банкарските гаранции, вршењето на надзорните активности и определување на рокот за запишување на правото на сопственост, службеност и другите ограничувања на правото на сопственост на земјиште за органите кои не плаќаат надоместок.

6.2. Јавниот сектор ги опфаќа сите јавни институции кои вршат јавни функции и дејности, а се основани од државата или општините и се финансираат од јавни средства, односно буџетите на државата или на општините. Во Регистарот на

[110] Договор за заем склучен помеѓу АД НЕР Скопје и ЕИБ бр.05-3773/1 од 22.12.2021 година
[111] Договор за инвестициски грант склучен помеѓу АД НЕР Скопје и ЕИБ бр.05-3774/1 од 22.12.2021 година.

вработените во јавниот сектор, не е вклучено трговското друштво НОМАГАС, иако неговата основна дејност е вршење дејност од јавен интерес - пренос на природен гас. Со член 2 од Законот за вработените во јавниот сектор[112] наведени се институциите кои се вбројуваат во групата на работодавачи во јавниот сектори и дефинирано е што се подразбира под вработени во јавен сектор, при што одредбата не се однесува на трговските друштва основани од Владата. Иако по суштината на дејноста која ја врши, НОМАГАС припаѓа во групата на институции од јавниот сектор, друштвото е формирано согласно ЗТД и за вработените се применуваат одредбите од Законот за работните односи[113]. Овие закони по својата содржина, во однос на Законот за вработените во јавниот сектор овозможуваат послободен пристап во: процесот на вработување, донесување на актите за организација и систематизација, определување на висината на платите и не обврзуваат примена на функционална анализа при донесување на актите, како и континуирано следење и оценување на ефектот на вработените и предлагање на мерки за нивно подобрување.

Согледувајќи ја важноста на одредбите од Закон за вработените во јавниот сектор, како и дилемите кои произлегуваат од начинот на организирање и управување на работните активности кои ги вршат вработените во акционерските друштва во државна сопственост, укажуваме на потребата од разгледување на можноста за нивно вклучување и изедначување со останатите институциите од јавниот сектор кои вршат јавна дејност.

6.3. Правата и обврските на Извршниот член на Одборот на директорите, се уредени во член 350, 365 и 366 од ЗТД, член 54 и 55 од Законот за работните односи и член 27 и 28 од Статутот на НОМАГАС, за што се склучува менаџерски договор за уредување на односите меѓу друштвото и Извршниот член.

Наградата на извршниот директор е уредена во член 365 став 2 од ЗТД согласно кој Извршните членови, имаат право на плата, односно месечен надомест, право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, на надоместок на патни и на други трошоци и други права. Ставот 3 од член 365 го предвидува и следното: „За работата на извршните членови на одборот на директорите, на членовите на управниот одбор, односно на управителот, собранието може со одлука да им одобри и учество во добивката. Учеството, по правило, се состои од учество со дел од годишната добивка на друштвото (исплата во пари, акции, тантиема, бонус или

[112] Службен весник на Република Македонија бр.27/14, бр.199/14, бр.27/16, бр.35/18, бр.198/18, Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/19, бр.14/20

[113] „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 62/2005; 3/2006; 3/2006; 44/2006; 66/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 16/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 158/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 52/2012; 13/2013; 25/2013; 54/2013; 170/2013; 187/2013; 34/2014; 106/2014; 113/2014; 145/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 74/2015; 129/2015; 167/2015; 27/2016; 134/2016; 120/2018; 110/2019; 90/2020; 267/2020; 151/2021; 288/2021; 111/2023 година

друг начин).“ Горенаведениот начин на определување на платата, односно учеството во распределбата добивката на Извршните членови кај АД кои се во целосна сопственост на државата, односно каде Владата е единствен акционер и е во улога на Собрание на друштвото, без утврдени и пропишани посебни критериуми, остава простор за нивно субјективно определување и постапување. Укажуваме на потребата од преиспитување на член 365 од ЗТД и ограничување на нејзината примена кај друштва кои се формирани од страна на државата.

6.4. Со член 365 од ЗТД пропишано е дека Собранието со одлука го определува месечниот паушал или паушалот по состанок на Неизвршните членови. Со истиот член е уредено дека Неизвршните членови, имаат право и на: надомест на сите други трошоци (патни и други трошоци), осигурување на живот и на друг вид осигурување, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, потребни средства за работа и друго).

Со извршената ревизија и увид во документацијата која се однесува на начинот на определување и исплата на месечниот паушал во ГА –МА и НЕР, како и во новото друштво НОМАГАС, го утврдивме следното:

- во 2006 година, Владата и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, како Собрание на друштвото имаат донесено Одлука[114] со која на Неизвршните членови им е определен месечен паушален надоместок од 60 илјади денари. Исто така со одлуката е определено дека Неизвршните членови имаат право на патни, други трошоци и права направени во вршењето на нивната функција;
- во 2016 година, со Одлука на Владата[115] определен е месечниот паушал на Неизвршните членови на МЕР и тоа за претседателот 10 илјади денари и 9 илјади денари за другите Неизвршни членови. Со одлуката не е утврдено правото на исплата на патни и други трошоци и
- во февруари 2023 со Одлука на Владата[116], висината на месечниот паушал на Неизвршните членови на НОМАГАС е определен во износ од 65 илјади денари за претседателот и 60 илјади за другите Неизвршни членови, без да се прецизира исплатата на надомест за патни трошоци.

Горенаведениот начин на определување на надоместокот на Неизвршните членови укажува дека недостасуваат објективни критериуми за утврдување на неговиот износ. Поради тоа, постоела голема разлика во висината на надоместокот помеѓу членовите на одборот на директори во друштвата, иако друштвата имале слични надлежности и одговорности.

[114] Одлука за определување на месечен надомест на неизвршните членови на Одборот на директори број 19-2247/9 и 0701-1360/2 од 3.07.2006 година
[115] Одлука за определување на месечен паушал на неизвршните членови број 42-6679/8 од 16.09.2016 година
[116] Одлука за определување на месечниот паушал на неизвршните членови на НОМАГАС број 41-972/7 од 07.02.2023 година

Укажуваме на потребата од донесување на посебен акт со утврдени критериуми со кои објективно и прецизно ќе се пресметуваат месечниот паушал на членовите на органите на управување кај АД во сопственост на државата.

## 7. Препораки

Надлежните органи на раководење и управување во НОМАГАС да преземат мерки и активности за:

1. Продолжување со започнатите активности за реализација на проектите кои се поврзани со изградба на гасоводната мрежа и интерконекција со други држави. (точка 3.1.1.)
2. Создавање услови за следење на реализацијата на Програмата за усогласеност и вклучување на Службеникот за усогласеност во процесот на одлучување. (точка 3.1.2.)
3. Имплементирање на Годишен план за одржување на системот на пренос на природен гас и негово редовно следење. (точка 3.1.3.)
4. Подготвување и донесување на План за развој на системот на пренос на природен гас за период од десет години. (точка 3.1.3.)
5. Следење на започнатите активности за обезбедување на мислење од Секретаријатот на Енергетската заедница за постапката за сертификација и соодветно постапување по даденото мислење. (точка 3.1.5.)
6. Редовно и ажурно донесување на подзаконските акти и Мрежните правила за пренос на природен гас, согласно настанатите промени во законската регулатива и продолжување на активностите на работната група за изработка на нови Мрежни правила за пренос на природен гас. (точка 3.1.6.)
7. Испитување на употребливоста на постоечката физибилити студија и во случај на отстапувања изработка на нова/и, временски и финансиски усогласена/и со планските документи и период на изградба на гасоводите. (точка 3.2.1.)
8. Доследно почитување на одредбите од Законот за експропријација за обезбедување на докази за обезбедени средства за надоместок на експроприрана недвижност односно банкарски гаранции. (точка 3.2.2.)
9. Иницирање на средби со МФ - Управа за имотно правни односи за надминување на проблемите со временските рокови за решавање на постапките за експропријација. (точка 3.2.2.)
10. Воспоставување точна, навремена и ажурна евиденција на резервирањата за планираниот надоместок за експропријација. (точка 3.2.2.)
11. Обезбедување на имотни листови и потврдување на правото на сопственост за придружните објекти на функционалниот магистрален гасовод Деве Баир – Скопје, како и продолжување на активностите за обезбедување на имотен лист за административната зграда во с. Жидилово. (точка 3.2.3.)

12. Иницирање на соработка со МТВ за редовно предбележување на гасоводите како линиски инфраструктурни објекти во катастар на инфраструктурни објекти, како и за обезбедување на одобренија за употреба на веќе изградените магистрални гасоводи. (точка 3.2.3.)
13. Навремено одржување на магистралните гасоводи, нивна заштита и обезбедување, како и обезбедување гаранции од производителите за вградената опрема и материјали. (точка 3.2.3.)
14. Следење и навремено продолжување на банкарските гаранции вредносно и во рок на важење согласно склучените договори и анекс на договори. (точка 3.2.3.)
15. Поголема соработка со надзорниот орган во однос на навремена достава на месечните извештаи за извршен надзор над изградбата на магистралните гасоводи, а согласно склучените договори со НЕР/НОМАГАС и МТВ, како и обезбедување на целокупната документација за потврдување и следење на извршените градежни активности. (точка 3.2.4.)
16. Доследно почитување на склучениот договор за надзор во делот на одредбите за учество на надзорниот орган во постапките за решавање на имотно правни работи (точка 3.2.4.)
17. Редовно доставување на кварталните извештаи, изработени од изведувачот за реализацијата на проектот кој се финансира со подзаем, до МФ и МТВ. (точка 3.2.5.)
18. Навремено и редовно изготвување и доставување на тримесечни извештаи за работењето на друштвото од Извршниот член до Одборот на директори, како и извештаи за работата и материјално-финансиското работење на друштвото од Одборот на директори до единствениот акционер. (точка 3.2.6.)
19. Реално и објективно признавање и мерење на залихите на крајот на пресметковната година, како и нивно точно и навремено евидентирање врз основа на веродостојни сметководствени документи. (3.2.7.)
20. Воспоставување на соодветна организација, планирање и управување со залихите на материјалите и резервните делови и нивно усогласување со реалната и фактичка потреба утврдена со Годишните планови и програми за работа (точка 3.2.7. и 3.2.9.)
21. Назначување и распоредување на лице одговорно за магацинско работење за чување, прием и издавање на залихите (точка 3.2.8.)
22. Воспоставување точна евиденција на средствата и капиталот во согласност со Проценката изработена од страна на Бирото за судски вештачења, како и целосно усогласување на податоците за основната главнина впишани во ЦДХВ и ЦРРСМ. (точка 3.3.1).

23. Во делот на вршење на попис потребно е:
    - пописните комисии пред започнување на пописните активности да изготват план;
    - вработените кои се задолжени со средствата што се попишуваат и нивните непосредни раководители пред започнување на пописот да ги преземат сите подготвителни активности меѓу кои и означување на предметите со соодветни бар кодови или со други пропишани ознаки;
    - при вршење на пописот да бидат опфатени сите средства и обврски, за сите поединечно да се изготват пописни листи според аналитички сметки во сметководствената евиденција, таму каде е потребно да се внесат податоци кои поблиску го опишуваат средството;
    - да се подготвуваат извештаи од извршен попис од страна поединечните пописни комисии (точка 3.3.2.)
24. Редовно плаќање на доспеаните обврски по кредити и исполнување на одредбите од склучените договори за спречување на реализација на казнените одредби. Исто така воспоставување точна сметководствена евиденција на провизијата за неповлечени средства од кредитот во согласност со МСС. (точка 3.3.3.)
25. Соодветно екипирање на Служба за внатрешна ревизија во НОМАГАС, како и преземање мерки за реализација на донесениот Стратешки план на единицата за внатрешна ревизија, Годишен план на службата за внатрешна ревизија за 2024 година и редовно информирање за работата на Службата до сите засегнати страни. (точка 3.3.4.)
26. Утврдување на правниот основ за преземените финансиски обврски од ГА-МА, обезбедување на поткрепувачка документација, како и информации за нивната старосна структура и причините поради кои обврските не се подмирени. (точка 3.3.5.)
27. Преиспитување на потребата за допрецизирање на условите за квалификација утврдени во актот за систематизација. (точка 3.3.6.)

**Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост**

**Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: / Pranuar më: | 16.02.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број: / Nr. | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlera: |
| | 19-67/3 | | |

ул. Булевар Свети Климент Охридски бр.54, Скопје,
поштенски фах: 583
тел. 02 6090-137, 02 3118 555
e-mail: contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС: 7649401

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост,
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 03-295/3
15.02 20 24 год.viti.
Скопје-Shkup

**До**
**Државен завод за ревизија**

**Предмет:** **Забелешки по Нацрт Извештајот за извршена ревизија на усогласеност**

**Врска:** **- Ваш допис за доставување на Нацрт извештај со Ваш број 19-67/2 од 15.01.2024 година,**
**- Нацрт Извештај со Ваш број 04 2023 00 30**

Почитувани,

По разгледвање на Нацрт Извештајот за извршена ревизија на усогласеност, односно "Нацрт Извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема развој на системот за гасификација во Република Северна Македонија", доставен на 18.01.2024 година, Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост ги доставува следните забелешки:

- Во табеларниот приказ во делот насловен „список на кратенки" на страна 3 се предлага после ГМРС - Главни мерни регулациони станици да се додаде и седната кратенка: ГМС - Главна мерна станица. Наведеното од причини што ГМС (Главна Мерна Станица) е станицата во Жидилово и е сосема различна од ГМРС. ГМС е единствена од таков вид на гасоводниот систем и е наменета за примопредавање на природниот гас, притоа врши мерења на количините и квалитетот на истиот. ГМС Жидилово е интерконекциска точка помеѓу НОМАГАС и Булгартрансгаз.

- Во Резиме во третиот пасус на страна 1 наведени се состојби кои се однесуваат на недонесени плански документи, нецелосна имплементација на одредени законски и подзаконски одредби, утврдени слабости во начинот на реализација на предлозите за експропријација на земјиштето, како и долгиот временски период на реализација на проектите за гасификација.

Сметаме дека ваквите констатации треба да се доработаат и да се земат во предвид следните причини:

Во однос на плански документи, редовно се носени Годишни програми за работа, Финансиски планови за работа и Годишни инвестициони програми (ГИП) кои во целост го опфаќаат редовното работење, тековните проекти, како и планираните проекти.

Во однос на имплементација на одредени законски и подзаконски одредби, треба да се земе во предвид дека имплементацијата на одредени одредби беше условено со сопственичкото раздвојување на операторот на системот за пренос на природен гас, поконкретно, решавањето на сопственоста на ГА-МА АД Скопје како и статусната промена со која е формирана НОМАГАС АД Скопје, а потоа операторот на систем за пренос на природен да биде назначен во согласност со одредбите од важечкиот Закон за енергетика за што требаше да се пренесе сопственоста на акциите на Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката (Министерството за економија), по завршувањето на наведените процеси се овозможи и се пристапи кон имплементација на одредбите кои се однесуваат на оператор назначен согласно важечкиот Закон за енергетика.

Во однос на утврдени слабости во начинот на реализација на предлозите за експропријација на земјиштето, треба да се направи терминолошка преформулација и истото да се однесува на „постапките за експропријација" пред надлежните институции, а не на „предлозите за експропријација" бидејќи предлозите за експропријација претставуваат само еден сегмент со кој само започнува постапката, а самата постапка понатака зависи од односот и постапувањето на другите надлежн органи и институции. Наведената терминолошка промена предлагаме да се направи и во остатокот од текстот на Нацрт извештајот. Наведеното е од причини што утврдените слабости се однесуваат на постапките за експропријација, а не на самите предлози за експропријација.

Во однос на долгиот временски период на реализација на проектите за гасификација, потребно е да се прецизира дека истото во најголем дел зависеше од спорото решавање на предметите за експропријација поради честото пробивање на законски утврдените рокови од страна на надлежните органи, што е надвор на нашите надлежности, а беше забележано во вршењето на ревизија и при увид во предметите. Исто така треба да се имаат во предвид и ковид мерките, како што беше работењето со редуциран број на вработени или забрани за контакти со странки, кои што мерки влиаеја врз динамиката на процесот на гасификација.

Истото се однесува однесува и за потточка 3.1.1. како и точка 4.

- Во Резиме во третиот пасус на страна 2 е наведено дека од направените анализи на Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 година и на Физибилити студија донесена во 2010 година е утврдено дека поголем дел од проектите кои се предвидени се отпочнати, но изградбата на истите се одвивала со бавна динамика и постоеле отстапувања во однос на планираната временска рамка, местоположба на линиските инфраструктурни објекти (гасоводи) како и планираните финансиски средства за изградба.

Сметаме дека треба да се има во предвид дека бавната динамика не се должи само на инвеститорот, туку е поврзана и со постапувањето на институциите кои имаат надлежност за одредени сегменти во проектите, како што е бавното одвивање на постапките за експропријација. Понатака, во однос на местоположбата, Физибилити стидијата ги дава идејните правци, а конкретната местоположба се одредува со инфраструктурниот и основниот проект како и самата реализација на терен. Во однос на планираните финансиси средства за изградба треба да се земе во предвид дека изработката на Физибилити студијата е завршена во 2010 година но е работена претходните години при што се користени податоци и цени од 2008 и 2009 година, а реализацијата на проектите и изградбата започнува покасно во 2015 и 2016 година при што со оглед на поодминатиот временски период и економските текови и параметри настануваат промени на пазарот и се јавуваат разлики во движењето на пазарните цени.

Во врска со потточката 3.2.1. каде е содржано дека вредноста на набавките за изградба на гасоводот биле користени историски податоци, а во контекст на претходно наведеното, посочуваме дека не е соодвено дефинирано дека се работи за историски податоци и треба да биде податоци за актуелни пазарни цени бидејќи беше истакнато дека пред отпочнување со градба, односно пред објавување на тендер за изградба се прави анализа и истражување на пазарот со оглед дека цените во Физибилити студијата се од пред 2010 година и се несоодветни за периодите на изградба. Согласно наведеното не било возможно да се споредува цена пред 2010 и цена во 2015 или 2020 година.

По однос на Планот за развој на системот на пренос на природен гас за период од десет години посочуваме дека пред спојувањето на НЕР АД Скопје и АД ГА-МА Скопје, двете друштва изработувале планови за развој на гасификацијата. НЕР АД Скопје, иако нема законска обврска, а со оглед дека работи на развој на гасификацијата изработува годишни планови и повеќегодишни акциски планови, додека ГА-МА, како Оператор на систем за пренос на природен гас во 2021 година има изработено План за развој од 2021-2025 година. Со оглед на спојувањето и зголемените обврски произлезени од самото спојување, како измената на начинот на функционирање, измена на правилниците за работа, измена на мрежни правила и адаптација на двете друштва, особено што приоритет се даде на сопственичкото раздвојување, сертификацијата и постапките за запишувањето на објектите во имотен лист, во 2023 година не се успеа да се изработи десетгодишниот план за развој.

Истото се однесува и за потточка и 3.2.1. како и потточката 3.1.3.

- Во Резиме во четвртиот пасус на страна 2 е наведено дека гасоводите кои се изградени не се ставени во употреба, како и дека постојат слабости во делот на запишување на правото на сопственост на линиските инфраструктурни објекти, одржувањето на веќе изградените гасоводи и во начинот на реализација на договорите за изградба и надзор над изградбата.

Во однос на наведеното потребно е да се земе во предвид тоа што ставањето во употреба зависи од добивање на одобрение за употреба која постапка сеуште не е спроведена од причини што за мал број на парцели сеуште не се решени имотно-правните односи бидејќи постапките за нив се одвиваат мошне отежнато. Понатака одобрението за употреба е неопходно за да се запише правото на сопственост на линиските инфраструктурни објекти.

Истото се однесува и за потточка 2.5. и потточка 3.1.1.

Во однос на одржувањето, да се земе во предвид забелешката и одговорот дадени за подточка 3.2.3. алинеја 4.

- Во Резиме на страна 2 последната реченица „Утврдивме несоодветно управување со залихите на материјали и резервни делови како и набавки на резервни делови за делници кои не се изградени, што предизвикува нерационално трошење на јавни средства.“, се предлага истата да се смени и да гласи: „Залихата на материјали за изградба на нови делници кои се планирани за изградба, но кои од други административни причини, кои не биле во ингеренции на Операторот, односно биле на надлежните институции во случајов Град Скопје, се во фаза на припрема за изградба на гасоводната мрежа и ќе може да бидат вградени со добивање на дозвола за градба и продолжување со планираните активности.“

- Во Резиме во првиот пасус на страна 3 е наведено дека е утврдено дека на 01.07.2023 година, кога настанало спојувањето на двете друштва НЕР и ГА-МА, не е направен попис како што предвидува ЗТД.

Сметаме дека треба да се има во предвид тоа што Законот за трговските друштва ја пропишува само обврската за попис при статусна промена, но не пропишува дали тој треба да се

направи на почетокот од статусната промена или на крај. При спроведувањето на постапката за статусна промена е водено внимание да се исполнат сите пропишани обврски. На 01.07.2023 година е склучена Спогодбата за статусна промена – спојување од кога и започнува постапката, а завршува крајот на декември 2022 година после донесувањето на Одлуките за потврдување на склучената Спогодба, Статутот на новото друштво и уписот во трговскиот регистар. Попис е направен, но од причини што Законот за трговските друштва не конкретизира кога треба да се направи пописот, истиот е направен со завршување на постапката за статусна промена во ГА-МА АД Скопје и НЕР АД Скопје како збирен заеднички извештај од двете трговски друштва.

Истото се однесува и за потточка 3.3.2.

- Во Резиме на страна 3 во реченицата наместо За решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, преку откуп на акцијата на АД во ГА-МА, донесен е закон и направена е проценка на капиталот на ГА-МА, се предлага да стои:

За решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје, преку откуп на акцијата на Макпетрол АД Скопје во ГА-МА, донесен е закон и направена е проценка на капиталот на ГА-МА.

- Во Резиме на страна 3 во реченицата наместо Во делот на нагласување на прашања од неизвесност ги истакнуваме состојбите кои се однесуваат на начинот на кој е решен долгогодишиот спор помеѓу Владата и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, се предлага да стои:

Во делот на нагласување на прашања од неизвесност ги истакнуваме состојбите кои се однесуваат на начинот на кој е решен долгогодишиот спор помеѓу Владата и Макпетрол АД Скопје. (Закон за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба).

- Во Резиме на страна 3 се предлага во Финалниот извештај втората реченица да се измени и истата да гласи: „За решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, преку откуп на акцијата на АД во ГА-МА , донесен е закон и направена е Проценка на капиталот на ГА-МА , а зголемување на основната главнина се врши со одлука за зголемување на основната главнина која согласно Законот за трговски друштва се носи на Акционерско собрание.

- Во Резиме на страна 3 се предлага во следната реченица „На магистралниот гасовод се поставени блок станици и приклучни места за разводни гасоводи“ да се додаде и ГМС, односно да гласи како што следи: „На магистралниот гасовод се поставени: ГМС, блок станици и приклучни места за разводни гасоводи.“

- Во потточка 3.1.2. во вториот пасус е наведено дека неизвршните членови на Одборот на директори на НОМАГАС врз основа на член 31-в од Статутот, по добиеното одобрение од РКЕ на ден 20.10.2023 година донеле Правилник за условите и начинот на работење на службеникот за усогласеност, иако во друштвото се уште не е назначен Службеник за усогласеност.

Под однос на наведеното треба да се земе во предвид дека со Правилникот првенствено се пропишува уредувањето на условите и критериумите за именувањена Службеникот за усогласеност и затоа неопходно е Правилникот да е донесен кога не е назначен Службеникот за усогласеност, односно пред неговото назначување.

- Во подточка 3.1.2. во третиот пасус е наведено дека отсуството на Службеник за усогласеност влијаело на следењето на реализацијата на Програмата за усогласеност и доставувањето на потребните информации до РКЕ за преземените мерки за нејзино спроведување и евентуални прекршувања при спроведувањето на истата. Истовремено, не биле создадени услови соодветно одговорно лице да биде вклучено во донесувањето на одлуките за пристап и користење на системот за пренос на природен гас, неговото управување, одржување и развој заедно со органите на управување, надзор и раководење на Операторот за пренос на природен гас.

Под однос на наведеното треба да се земе во предвид дека НОМАГАС АД Скопје како оператор на систем за пренос на природен назначен во согласност со одредбите од важечкиот Закон за енергетика со стекнување на соодветна лиценца, првенствено беше условено со обврската сопственикот на операторот да биде Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката (Министерството за економија). По завршување на ваквата постапка веднаш се пристапи кон донесување и одобрување на Правилник за условите и начинот на работење на службеникот за усогласеност и за именување на Службеник за усогласеност по што се објави оглас. По објавениот оглас во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ и на веб страницата на НОМАГАС АД Скопје, неизвршните членови на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје во својство на орган за надзор донесоа Одлука за именување на Дарко Бундалески за Службеник за усогласеност, а Регулаторната комисија за енергетика на 29 декември 2023 година го одобри именувањето на Службеник за усогласеност.

- Во подточка 3.1.3. во првата алинеја е наведено дека не е донесен, ниту се отпочнати активности за донесување на План за развој на системот на пренос на природен гас за период од десет години како што предвидува Законот за енергетика.

Во врска со наведеното треба да се има во предвид дека донесувањето на деветгодишниот план претставува сложен процес согласно методологии од ЕНТСОГ и веќе се работи на нивна анализа и отпочнување со изработка. Воедно посочуваме дека со донесените програми за работа, финансиски планови и инвестициони програми на НОМАГАС АД Скопје покрај проектите во тековната година, опфатени се и повеќегодишните проекти за развој на системот на пренос на природен гас.

Пред спојувањето на НЕР АД Скопје и АД ГА-МА Скопје, двете друштва изработувале планови за развој на гасификацијата. НЕР АД Скопје, иако нема законска обврска, а со оглед дека работи на развој на гасификацијата изработува годишни планови и повеќегодишни акциски планови, додека ГА-МА, како Оператор на систем за пренос на природен гас во 2021 година има изработено План за развој од 2021-2025 година. Со оглед на спојувањето и зголемените обврски произлезени од самото спојување, како што се измената на начинот на функционирање, адаптација на правилниците за работа, измена на мрежни правила и адаптација на двете друштва, особено што приоритет се даде на сопственичкото раздвојување, сертификацијата и постапките за запишувањето на објектите во имотен лист, во 2023 година не се успеа да се изработи десетгодишниот план за развој.

- Во потточка 3.2.1. наведено е дека со извршениот теренски увид на магистралниот гасовод ЛОТ 2 било утврдено дека иако со Физибилити студијата предвидено било постоење на ГМРС за градот Кавадарци, истата не била изградена, а во околината на тој град изградена била само ГМРС во рамки на деловниот објект на правен субјект за преработка на никелова руда и истата може да ја користи само правниот субјект.

Во врска со наведеното треба да се земе во предвид дека изградбата се врши согласно инфраструктурниот проект и основниот проект, а не според Физибилити студијата. Според тоа ГМРС за градот Кавадарци не е изградена бидејќи не била опфатена со основниот проект за ЛОТ 2 врз основа на кој е издадено одобрние за градење кое го определува опфатот на градбата. На

делницата ЛОТ 2 изградена е блок станица БС Кавадарци со која се овозможува приклучување на Кавадарци на магистралниот гасовод, од која понатаму ќе се испроектира крак и ГМРС Кавадарци. Блок станицата е во основниот проект за ЛОТ 2 за која имаме одобрение за градење.

- Во подточка 3.2.2 утврдена е состојбата во врска со член 26 од Законот за експропријација во однос на доказот за обезбедени средства за надоместокот. Согласно ова во нацрт извештајот во делот 7. Препораки во точката 8. истакната е препорака со која се укажува на доследно почитување на одредбите од Законот за експропријација за обезбедување на докази за обезбедени средства за надоместок на експроприрана недвижност на постапките за експропријација.

Според член 26 став 6 од Законот за експропријација, со предлогот за експропријација се поднесува *„... доказ за обезбедени средства за надоместок на експроприраната недвижност (известување за планирани средства во буџетот од лицето кое раководи со буџетски корисник или единка корисник на средствата на Буџетот на Република Македонија), банкарска гаранција дека јавните претпријатија , трговските друштва и други институции основани од државата имаат обезбедено средства за надоместок, одлука на советот на едеиниците на локалната самоуправа за резервирани средства за експропријација во буџетот на единиците на локалната самошправа, односно банкарска гаранција дека концесионерот, носителот на долготрајниот закуп и инвеститорот на линиска инфраструктура има обезбедено средства...“.*

Во насока на наведеното, сметаме дека треба да се разгледа и од аспект на тоа дали доволно конкретно ги опфаќа обврските за доставување на доказ за обезбедени средства, како и дали ставот 6 ги става во еднаква положба правните лица кои согласно Законот за експропријација можат да се јават како предлагачи на експропријацијата. Ова е од причина што може да се толкува на повеќе начини, особено што може да се смета дека за едни е предвидено дека како доказ за обезбедени средства треба да достават известувања за планирани средства во буџетот, а за други банкарска гаранција која преставува дополнително оптеретување на нивниот буџетот за банкарски трошоци, провизии и слично. Наше мислење е дека ова треба да се окарактеризира како системска слабост на Законот за експропријација, односно со Законот треба поконкретно да се утврди дека трговските друштва и други институции основани од државата со предлогот за експропријација да поднесуваат доказ за обезбедени средства за надомест на експроприраната недвижност (Известување за планирани средства во буџетот од лицето кое раководи со институцијата основана од државата).

Истото се однесува и на точка 6.1.

Наведените причини предлагаме да се земат во предвид и да изостане препораката под реден број 8.

- Во подточка 3.2.2. е утврдено дека во сметководствената евиденција не се вршени резервирање за планираниот надоместок за експропријација, што не е во согласност со член 469 став 1 од ЗТД, со кој е предвидено дека трговските друштва се водат според усвоените МСС, како и МСС 37 - резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства.

Во врска со наведеното посочуваме дека НЕР АД Скопје не остваруваше приходи и средствата за експропријација ги обезбедуваше секоја година со зголемување на основната главнина преку издавање на акции, резервирањето на средства за експропријација во Буџетот на РМ беше единствениот начин за обезбедување на средствата за експропријација.

Согласно член 469 став (1) од ЗТД, со кој е предвидено дека трговските друштва се водат според усвоените МСС, како и МСС 37- резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства, во текот на 2023 година, на конто 25903 извршени се резервации на средства во висина од 36.603.475,00 денари. Се работи за предмети за експропријација. Во текот на 2023 година, Одборот на директори НОМАГАС АД Скопје, донесе и Одлука со која се одобрува резервирање на средства согласно МСС 37 – Неизвесни обврски и неизвесни средства, во полн износ, за сите предмети за кои

се води судска постапка и очекуваниот позитивен исход е под 50% во корист на НОМАГАС АД Скопје.

Со ваквата сметководствена евиденција, се овозможува планирање и навремено обезбедување на финансиски средства и нивно соодветно прикажување во финансиските извештаи.

Наведените причини предлагаме да се земат во предвид и да изостане препораката под реден број 10.

- Во потточка 3.2.3. е наведено дека анализите покажале дека најголемо зголемување на првичниот договор за 356.018 илјади денари има при изградбата на ЛОТ 5 и истото претставува зголемување од 20%.

По однос на наведеното треба да се земе во предвид дека изградбата е сеуште во тек и во овој момент не може да се утврди дека зголемувањето изнесува 20% со оглед дека не се земени во превид кусоците кои не се реализирани бидејќи согласно прописите во градежништвото кусоците се пребиваат на крајот од изградбата. Дури и без одземени кусоци вредноста не надминува над законски утврдениот максимален износ од 20%, а кога ќе се одземе вредноста на нереализираните ставките каде има кусоци треба да се добие помал процент од наведениот.

Имајќи во предвид дека изградбата е во завршна фаза, од износот на вкупните реализарани работи, дополнителни, непредвидени и вишоци, кога ќе се одземе вредноста на кусоците, прогнозираните пресметки покажуваат зголемувањето на вредноста да биде максимум од 11% до 12% од основниот договор.

- Во потточка 3.2.3. алинеја 1 е наведено дека за придружните објекти (блок станици, ГМРС, МРС и чистачки станици) се уште не се обезбедени имотни листови и дека слична е и состојбата со административниот објект во непосредна близина на ГМРС во с. Жидилово, за кој НОМАГАС се уште нема стекнато право на сопственост врз недвижноста.

По однос на наведеното посочуваме дека за ова прашање во ГА-МА АД Скопје биле започнати постапки во 2015-2016 година кои немале завршница. Со започнувањето на работа на НОМАГАС АД Скопје овие постапки се интензивираа и веќе во месец јуни 2023 година Министерството за транспорт и врски донесе Решение кое претставува правен основ за запишување во катастарот на инфраструктурни објекти на Магистралниот гасовод Деве Баир – Скопје и Разводните гасоводи кон Крива Паланка, Гиновци, Кратово, Куманово, Скопје север и Скопје југ во сопственост на НОМАГАС АД Скопје, по што е извршено запишување во Агенцијата за катастар на недвижности. Постапките продолжуваат и за останатите објекти и соодветно на постапувањето на институциите се очекува во наредниов период да бидат завршени.

Потребно е кратенката ГМРС во с. Жидилово да се замени со кратенката ГМС во с. Жидилово.

- Во подточка 3.2.3. алинеја 4 е наведено дека имајќи во предвид дека гарантниот период кај ЛОТ 1-36 км започнал да тече од 2019 година, а гасоводот се уште не се користи, ваквиот начин на постапување не овозможува соодветна заштита на објектите во случај на дефект откако ќе бидат ставени во употреба. Со извршениот теренски увид се утврдило дека дел од ГМРС и Блок станиците биле во неодржувана и запуштена состојба и потребни се активности за одржување, како и дека истите не се обезбедени со физички или видео надзор, што може да влијае на ангажирање на дополнителни финансиски средства при нивното пуштање во употреба.

Во врска со наведеното посочуваме да се има во предвид дека доколку гасоводот не се користи или доколку околината е обрасната со трева тоа не значи дека не се овозможува соодветна заштита на објектите бидејќи се преземаат соодветно потребни активности, а воедно одржувањето е содржано и во Годишниот план за одржување кој подлежи на одобрување од Регулаторна комисија за енергетика. Дополнително на наведеното, крајот на декември 2023 година, покрај постоечките

вработени за одржување, се вработени и две лица на работно место одржување на ГМРС Битола и објектите кои се во негова близина и работно место одржување на ГМРС Тетово и објектите кои се во негова близина.

Важно е да се напомене дека вградената опрема е одржувана и подмачкана, со што е извршено конзервирање на вентилите, со цел да се заштитат од корозија. Еднаш годишно се врши и мерење на потенцијалот на катодната заштита, со што се прати ситуацијата со интегритетот на самиот цевковод.

Имајќи го во предвид наведеното, предлагаме да се изврши се замени со следниот текст: Со извршениот теренски увид утврдено е дека на дел од ГМРС и блок станиците на ЛОТ 1 може да се забележи тревна растителност, која притоа не претставува опасност бидејќи системот за пренос на гас сеуште не е ставен во експлоатација, а вградената опрема е подмачкана, со што е извршено конзервирање на вентилите со цел да се обезбеди заштита од корозија.

Наведените причини предлагаме да се земат во предвид и да изостане препораката под реден број 13.

- Во подточка 3.2.3. алинеја 5 е наведено дека за вградената опрема и материјали во ГМРС, блок станиците и за преостанатата опрема за магистралните гасоводи ЛОТ1- 36 км, ЛОТ 2 и ЛОТ 5 не биле презентирани гаранции од производителите, поради што не можело да се потврди дека се постапува во согласност со член 70 од склучените договори за набавка. Без наведените гаранции за опремата и материјалите не била можна нивна замена во случај на недостатоци при нивното ставање во употреба.

Во врска со наведеното посочуваме дека наведената опрема и материјали ги имаат гаранциите и истите се содржани во договорите со нивните производители кои се пратени на увид по електронска пошта. Сметаме дека е направен превид и истите не се земени во предвид. Дополнително на наведеното, укажуваме дека покрај таквите гаранции, опремата и материјалите се опфатени и со банкараката гаранција за гарантен период која е со подолг период на важност, како и дека изведувачот има одговорност за недостатоци и согласно Законот за обликациони односи.

Наведените причини предлагаме да се земат во предвид и да изостане препораката под реден број 13.

- Во подточка 3.2.3. алинеја 6 е наведено дека предвидените гаранции за исплатен аванс согласно склучените договори за изградба на ЛОТ1- 36 км, ЛОТ 2 и ЛОТ 5 се намалуваат вредносно за износот на извршените работи по доставени времени ситуации, што не било во согласност со член 88 став 4 и 6 од договорите за изградба, со кој е пропишано дека банкарската гаранција треба да биде со важност до исполнување на 75% од предвидените работи во динамичкиот план и Инвеститорот треба да ја врати истата на носителот на набавката во рок од 14 календарски дена по целосна отплата на авансот.

По однос на наведеното треба да се земе во предвид дека гаранциите за исплатен аванс банката ги намалува вредносно за износот на вратениот аванс, а не за износот на извршените работи по доставени времени ситуации. Согласно наведеното, гаранциите за исплатен аванс во целиот период покриваат 100% (сто) процентен износ невратен аванс и обврските од авансот, со што во потполност е обезбеден износот кој не е вратен се додека да се врати целосно. Ограничувањето до 75% од исполнување на предвидените работи се однесува на обврската Изведувачот да го врати исплатениот аванс во 100 (сто) процентен износ, односно целиот аванс. Гаранциите за исплатен аванс се вратени по целосната исплата на авансот при што е запазено да не се надмине максимално дозволениот праг до 75% и се доставени дописи за тоа.

- Во подточка 3.2.3. алинеја 7 е наведено дека не се вршело зголемување на вредноста на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот за изградба за магистралниот гасовод ЛОТ 5, која се однесува на вишоци настанати при извршување на работите како и непредвидени работи.

Во врска со вишоците треба да се земе во предвид тоа дека во текот на изградбата вишоците се евидентираат, а кога станува збор за вишоци неразделива целина претставуваат и кусоците кои се констатираат на крајот од изградбата. Од тие причини не може да се определи дали вредноста на договорот поради вишоци се зголемила доколку притоа не се земат во предвид и не се одземат кусоците. Зголемувањето на вредноста е само асоцијативно, бидејќи постојат околности поради кои и се намалува вредноста на договорот. Наведеното од причина што кусоците влијаат на намалување на вредноста на договорот. Кусоците и вишоците како неразделни категории меѓусебно се пребиваат, после што се утврдува вредноста намалена за кусоците.

Во врска со категориите доплнителни и непредвидени работи најпрво треба да се разграничи кој закон бил во сила во периодот на нивна реализација бидејќи сегашниот Закон за јавни набавки и претходниот различно ги регулираат ваквите работи. Имајќи во предвид дека за ваков тип на работи во сила бил претходниот Закон за јавни набавки, за истите се водени посебни постапки и склучени посебни договори, а следствено на тоа барани банкарски гаранции за посебните договори. Од причини што претставуваат посебни договори истите не можат да ја следат правната природа на друг договор, дотолку повеќе што конечната вредност на проектот се утврдува со конечната пресметка (во која конечна пресметка се пресметани и овие непредвидени работи). Воедно, согласно карактерот на овој тип непредвидени работи, како што е сечата на шуми која не влијае на квалитетот на гасоводот, треба да се има во предвид дека истите не се работи кои се изведуваат на самиот гасовод, туку споредни потреби кои поради непредвидени околности, како и по барање на други институции, се јавило потреба да се извршат. За разлика од сечата на шуми, во други случаи како што е ерозивните бариери кои се директно поврзани со градбата и со самиот гасовод и негово квалитетно изведување, банкарска гаранција е барана и доставувана.

- Во потточка 3.2.4. во поглавјето со наслов „Надзор и известување за изградбата на магистралните гасоводи“ во алинеја 1 е наведено дека месечните извештаи од надзорот се доставувале со задоцнување од неколку месеци, што влијало на ненавремено добивање на информации за фактичката состојба утврдена од страна на надзорот.

Во врска со наведеното појаснуваме дека не станува збор за сите извештаи, туку за неколку и истото се однесува за доставување во хартиена форма, но истите навремено се доставени во електонска форма, а треба да се има во предвид дека и електронската комуникација претставува официјална писмена форма на комуникација.

- Во потточка 3.2.4. во поглавјето со наслов „Надзор и известување за изградбата на магистралните гасоводи“ во алинеја 1 е наведено дека не во членот 9 од Договорот за надзор не била предвидена обврска за доставување на месечни извештаи како дел од поткрепувачката документација при плаќање на времените ситуации, со што е овозможено плаќање без потврдување на извршените надзорни активности.

Во врска со наведеното треба да се земе во предвид дека извршените надзорни активности се потврдуваат согласно месечните извештаи од член 17 од Договорот за надзор, согласно времените месечни ситуации кои кои се потпишуваат од вршителот на надзор, како и согласно градежниот дневник и градежната книга кои се водат секојдневно при изградбата во сите фази.

- Во потточка 3.2.4. во поглавјето со наслов „Надзор и известување за изградбата на магистралните гасоводи“ во алинеја 2 е наведено дека на ревизијата не биле доставени докази дека

надзорниот орган учествувал и ја следел постапката за решавање на имотно правни работи за изградба на магистралните гасоводи, што не било во согласност со членот 23 точка 44 од договорот за надзор, што упатувало на некомплетно извршена услуга.

Во врска со наведеното треба да се земе во предвид дека следењето на постапките за решавање на имотно-правните работи претставува востановена рутинска секојдневна обврска при вршењето на надзор на изградбата во однос на тоа дали градежните активности се одвиваат на парцели каде постапките се завршени и дали се одвиваат во рамките на површината на која се решени имотно правните работи. Континуираното следење се однесува и на тоа што надзорот во целиот тек на времетраење на изградбата внимава и не дозволува да се вршат градежни активности на неекспроприрани парцели за да се избегне нарушување на сопственичките права и плаќање на непотребни трошоци за штети. Покрај наведеното, надзорот учествуваше во случаите за ангажирање на полициска асистенција на парцелите со решени постапки за имотно правни работи.

Доволен доказ за наведеното е што во целиот период на изградба учествувајќи и следејќи ја постапката за решавање на имотно правни работи, не се доведе во ситуација на бесправно нарушување на сопственоста на парцели каде не биле решени имотно правните работи се до нивно решавање.

Покрај наведеното, учествуваше при подготовка на предлозиле за експропријација, давање помош при користењето на геодетските елаборати за експропријација, решавање на проблематични ситуации при утврдување на несовпаѓање на површината за експропријација со податоците од Агенцијата за катастар на недвижности и слично.

Наведените причини предлагаме да се земат во предвид и да изостане препораката под реден број 16.

- Во потточка 3.2.4. во поглавјето со наслов „Надзор и известување за изградбата на магистралните гасоводи“ во алинеја 3 е наведено дека „Писмо за потврда“ по барање на Инвеститорот не се применувало, поради што Инвеститорот не располагал со навремени и ажурни информации за реализација на градбата. Исто така, во наредната алинеја 4 е содржано дека со задоцнување од неколку месеци надзорот ги потврдувал кварталните извештаи на Изведувачот со „Писмо за потврда", поради што не се вршело навремено потврдување и следење на извршените градежни активности.

Предметното „Писмо за потврда“ не претставува документ согласно Законот за градење за располагање со навремени и ажурни информации за реализација на градбата. Реализацијата на градбата ажурно е следена согласно времените месечни ситуации и согласно градежниот дневник и градежните книги. Обврската за ваквото писмо е опционална за да може да се побара и добие за потребите на банката во случај кога таа бара да и се достави истото. Истите се изработени и беа доставени до ревизорскиот тим заедно со кварталните извештаи.

- Во точка 3.2.4. во поглавјето со наслов „Надзор и известување за изградбата на магистралните гасоводи“ после алинејата 4 е наведено дека не бил склучен договор за надзорот од страна на НЕР, како Инвеститор на магистралниот гасовод ЛОТ1-36 км, што не е во согласност со барањата од член 2 став 2 алинеја 11 од договорот за изградба на магистралниот гасовод. Образложението на субјектот е дека надзорот бил ангажиран од страна на МТВ, поради што НЕР не располага со сите месечни извештаи од извршени надзорни активности и нема целосен увид на утврдените контролни активности и констатирани состојби за градењето.

По однос на наведеното треба да се разграничи дека основот, обврската и начинот на вршење на надзор е согласно Законот за градење, а не да се бара во договор за изградба. Основната цел на Законт за градење е да се исполни задолжителната обврска за ангажирање и вршење на надзор над

изградбата без никакво ограничување кој го ангажира или кој не може да го ангажира вршителот на надзор.

Во врска со месечните извештаи, истите се доставувани и НЕР АД Скопје како Инвеститор располага со сите месечни извештаи, но поради обемноста дел се пратени во електронска форма како доказ дека ги поседува истите, а за остатокот може да се изврши дополнителен увид.

- Во потточка 3.2.7. на страна 26 во реченицата наместо Од спроведената анализа утврдивме дека вредноста на залихите во континуитет изнесува над 230.000 илјади денари и потекнуваат пред 2019 година кога АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје било матично друштво на ГА-МА, се предлага да стои:

Од спроведената анализа утврдивме дека вредноста на залихите во континуитет изнесува над 230.000 илјади денари и потекнуваат пред 2019 година кога Макпетрол АД Скопје било матично друштво на ГА-МА.

- Наодот во точката 3.2.7. на страна 26 од Нацрт извештајот за извршена ревизија на усогласеност на тема развој на системот за гасификација во Република Северна Македонија, од страна на ГА-МА АД Скопје не се прифаќа.

- Во точката 3.2.7. пред реченицата „Утврдената состојба не е во согласност...“ со член 472 точка 3 од ЗТД согласно кој сите податоци регистрирани во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани, навремени и ажурирани, се предлага да се додаде следново:

„Во однос на залихите на материјали за изградба и резервни делови направени од страна на ГА-МА АД Скопје се набавени по извршеното планирање на делниците и се набавувани во текот на изминативе 30 години како што е граден гасоводот и делови на станици и други објекти кои се со различна старост. Сето ова било вршено бидејќи станувало збор за материјали кои производителите ги немаат на лагер, односно се произведуваат по нарачка и се чека за нивна набавка и до една година, а дел од деловите воопшто не се произведуваат. Исто така друштвото морало да има одредена количина на резервни делови (вентили, спојни елементи и др.) и цевки на лагер за брза реакција во случај на хаварија, која доколку се случи ќе претставува голем безбедносен, економски, здравствен и еколошки ризик, поради што залихите со кои располага друштвото се неопходни и оптимални.

ГА-МА АД Скопје со своите корисници на системот имала склучено договори за сигурен транспорт на природен гас, во случај на било каков дефект и прекин на пренос на природен гас, дефектот морало да се отстрани во најкраток можен рок, во спротивно друштвото ќе требало да ја надомести целата настаната штета која би ја претрпеле корисниците на Системот за пренос на природен гас.

Залихите на материјали биле направени со цел за поголема сигурност на системот и одржување на неговата функционалност, како и за ширење на гасоводната мрежа и приклучување на нови корисници кои се круцијални за функционирање на друштвото.“

Од погоренаведеното се предлага на страна 27 точка 3.2.7. став 4 од Нацрт извештајот да се избришат зборовите „со што се доведува во прашање потребата од нивна набавка како и можноста истите да бидат застарени и неупотребливи“ и место запирка да се стави точка.

Реченицата на страна 27 точка 3.2.7. која гласи „ Утврдената состојба не е во согласност со член 472 точка 3 од ЗТД согласно кој сите податоци регистрирани во трговските книги мора да бидат целосни,комплетирани, навремени и ажурирани.“, се предлага да се преформулира и да гласи:

„Во согласност со член 472 од ЗТД утврдивме дека е потребно подобрување во ажурирањето и комплетирањето на трговските книги.“

Поради сето горе наведено се предлага во целост да се избрише последната реченица односно заклучокот од точка 3.2.7. на страна 27 која се однесува на организација, чување, набавка и ниво на оптимални залихи бидејќи истата не соодветсвувала со реална состојба од аспект на организација, планирање, чување и неопходно ниво на оптимални залихи со кои располага друштвото, а за кои се смета дека се неопходни имајќи ја предвид мрежата односно системот кој се опслужува бидејќи во спротивно постои ризик доколку настане дефект да нема да може да се изврши навремено отстранување на дефектот.

- Во точката 3.2.9. на страна 29 во врска со наводите е дадено следното произнесување:

После реченицата која гласи „Ревизијата истакнува дека во текот на 2022 и 2023 година во овој дел од градот изградена е нова сообраќајница и кружен тек, со што при изградба на гасоводниот прстен би требало повторно да се работи на веќе изградените објекти.“, се предлага да се додаде следново:

„Со затварање на прстенот во град Скопје се добива можност за поголема сигурност во снабдувањето на корисниците во централниот и западниот дел од градот во случај на хаварија на источниот влез на гасоводната мрежа. Затворањето на прстенот дава можност да се приклучат нови корисници на Системот за пренос на природен гас , пред се тука се мисли на индустриската зона Визбегово во која делуваат над 50 поголеми компании.

Средствата со кои ГА-МА АД Скопје ги набавила материјалите и опремата за делница 21 и 22 се средства на Акционерското друштво, кое во тој момент било во сопственост на Владата на Р.С.М. и на Макпетрол АД Скопје, кои средства се обезбедени од сопствени извори на ГА-МА АД - Скопје.

Материјалите кои се наоѓаат на залиха во магацинот за материјали биле набавени бидејќи биле неопходни за проширување на преносниот систем со приклучување на нови делници, со што ќе се зголеми вредноста на основните средства и ќе се одговори побрзо и поефикасно на новите барања за приклучок на потенцијалните корисници на Системот за пренос на природен гас, што доведува до развој на гасоводната мрежа.

Со зголемување на вредноста на основните средства, и со нивно ставање во функција се зголемува и приносот на капиталот кој заедно со оперативните трошоци, амортизацијата и трошоците за техничка загуба го формираат максимално одобрениот приход и тарифа за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас.“

После третата реченица страна 29 во точката 3.2.9. која гласи:„Одговорот за проектот од Комисијата за урбанизам на Градот Скопје, добиен е во мај 2023година, со низа забелешки по кои треба да се постапи и повторно да го достави.“, се предлага да се додаде следново: „Овој одговор е доставен со една година задоцнување, пред самото започнување на изградба на делницата од страна на градот Скопје, со што на ГА-МА АД –Скопје не и е оставен временски простор да ја доврши започнатата постапка за добивање дозвола за градба. За започнување на овој инфраструктурен проект за реконструкција на булеварите, ГА-МА АД Скопје била информирана од град Скопје да ги достави планираните гасоводи на овој дел заради планирани активности од нивна страна. Планираната траса на гасоводот на град Скопје била доставена со допис од страна на ГА-МА АД со арх.бр. 12-86/3 од 05.07.2019 год и таа е вцртана во проектите нарачани од град Скопје со арх. Бр. 13-2230/4 од 30.03.2020, со наслов: Проект за инфраструктура за клучка на бул. Никола Карев со бул. 8-ми Септември и ул.Скупи” изработувач ГЕИНГ Кребс унд Кифер и Основен Проект за раскрсница ул. Скупи и бул. 8-ми Септември, раскрсница бул. 8-ми Септември и бул. Никола Карев , бул. Никола Карев и ул. Словенечка Скопје”.

Проектот не започнува со градба во планираниот период, бидејќи Надлежните служби на град Скопје не доставиле на време одговор на доставено барање за издавање на дозвола за градба, како резултат на што доцни целиот процес на реализација на планирана градба.

Исто така на следната страна 30, се предлага последната реченица од точка 3.2.9. да се избрише и да се додаде следнава:

„Утврдивме залиха на материјали за изградба на нови делници кои се планирани за изградба, но кои од други административни причини, кои не биле во ингеренции на Операторот, односно биле на надлежните институции во случајов Град Скопје, се во фаза на припрема за изградба на гасоводната мрежа и ќе бидат вградени со добивање на дозвола за градба и продолжување со планираните залихи.“

Од погоре наведеното се предлага во Финалниот извештај во делот Резиме на страна број 2 последната реченица „Утврдивме несоодветно управување со залихите на материјали и резервни делови како и набавки на резервни делови за делници кои не се изградени, што предизвикува нерационално трошење на јавни средства.“, да се преформулира и да гласи: „Залихата на материјали за изградба на нови делници кои се планирани за изградба, но кои од други административни причини, кои не биле во ингеренции на Операторот, односно биле на надлежните институции во случајов Град Скопје, се во фаза на припрема за изградба на гасоводната мрежа и ќе може да бидат вградени со добивање на дозвола за градба и продолжување со планираните активности.“

- Во потточка 3.3.1. на страна 30 во реченицата наместо Со извршените анализи на доставената документација утврдивме дека на 25.08.2021 година од страна на Владата извршен е откуп на акцијата на АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје во ГА-МА, се предлага да стои:

Со извршените анализи на доставената документација утврдивме дека на 25.08.2021 година од страна на Владата извршен е откуп на акцијата на Макпетрол АД Скопје во ГА-МА.

- Во потточка 3.3.1. на страна 30 во реченицата наместо Истакнуваме дека Проценката е утврдена и со Законот за решавање на спорот помеѓу Владата и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје по пат на спогодба објавена во службен весник, се предлага да стои:

Проценката е утврдена и со Законот за решавање на спорот помеѓу Владата и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба објавена во службен весник.

- Во точката 3.3.1 на страна 31 во врска со наводите е дадено следното произнесување:

Се предлага на страна 31 од точка 3.3.1. после реченицата „ Не евидентираната Проценка на вредноста на капиталот на ГА-МА за продажба на акцијата на Владата во нејзината сметководствена евиденција, не е во согласност со МСС16, поглавје Модел на ревалоризација, точките од 31 до 42, кои го предвидуваат начинот на евидентирање како и зголемување на капиталот на друштвата во случај кога објективната вредност на постојаните средства е утврдена со проценка од страна на професионално квалификувани проценители.“ , да се додаде следново:

„На 31.12.2020 година донесен е Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и МАКПЕТРОЛ АД Скопје по пат на спогодба објавен во Сл.весник бр.317/2020. Составен дел на овој Закон е Спогодбата за регулирање на меѓусебните односи помеѓу Владата на Република Северна Македонија и МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ.

Во членот 1 од Спогодбата утврдено е Договорните страни ги утврдуваат како конечни своите вложувања , односно не се прави никаква промена во влогот ГА-МА АД Скопје.

„Договорните страни ги утврдуваат како конечни своите вложувања, односно учество во ГАМА АД Скопје со седиште на бул. Св. Климент Охридски бр. 54 Скопје со ЕМБС 5135419 во номинален износ во основната главнина кој изнесува 37.612.500,00 евра од кои на акционерите им припаѓаат на секој по една половина (50%) односно:

- На акционерот Влада на Република Северна Македонија ИБ 04064674 со број на сметка 1000062299, сопственост на 1 акција со номинална вредност од 18.806.250,00 евра;

- На акционерот МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје ИБ 04057643 со број на сметка 1000176718, сопственост на 1 акција со номинална вредност од 18.806.250,00 евра."

Во членот 3 од Спогодбата стои следново: „Договорните страни неотповикливо изјавуваат дека оваа Спогодба претставува вонсудска спогодба која ја заменува судската правосилна пресуда од погоре цитираните одлуки, со која се утврдува пропорцијата на вложувањата во АД ГАМА Скопје во сооднос од 50%:50% и истата ја потврдува структурата утврдена во Акционерската книга на ГА-МА АД Скопје со ИСИН MKGAMA101016 во Централниот депозитар за хартии од вредност".

Согласно член 421 од Законот за трговски друштва зголемувањето на основната главнина се врши со одлука на собранието за зголемување на основната главнина. До ГА-МА АД-Скопје не била пристигната Одлука за зголемување на основна главнина од страна на Акционерот.

ГА-МА АД-Скопје веднаш по откупот на акцијата од страна на Владата и поднесувањето на оставки на двајца од тројцата членови во Одборот на директори кои беа предложени од Акционерот МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ, веднаш направила промена во Тековната состојба од која биле избришани 2 (двата) неизвршни членови кои поднесоа оставка. Следствено на тоа до Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје било испратено Известување за промени во сопственичка структура над 10% и Известување за промени во органите на управување на друштвото, согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност.

За превземените активности, со писмен допис заведен со арх.бр. 0302/1371-1 од 20.09.2021 година, ГА-МА АД – Скопје се обратила до Влада на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат, при што го известила единствениот сопственик и акционер на ГА-МА АД – Скопје, дека согласно настанатите промени што се е превземено и воедно во дописот побарано било од Владата на Република Северна Македонија како единствен сопственик и акционер на ГА-МА АД-Скопје да даде инструкции за понатамошните чекори кои треба да ги превземе ГА-МА АД-Скопје.

ГА-МА АД-Скопје немала добиено Задолжение од Владата на Република Северна Македонија, ниту добивиена Одлука за зголемување на основната главнина."

Во прилог кон погоре наведеното се доставува дописот со арх.бр. 0302/1371-1 од 20.09.2021 година.

Исто така се предлага на страна 31 во точката 3.3.1 последниот став да избрише и замени со следново: „Основен предуслов за отпочнување на постапка за промени во основната главнина е донесување на одлука за промена на основната главнина од страна на Акционерот."

- Во точката 3.3.2. на страна 31 во врска со наводите кои се однесуваат на пописот се дава следното произнесување:

Пописот за 2023 година е целосно извршен согласно член 472 став (1) од Законот за трговски друштва, согласно Правилникот за начинот и роковите на вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба ( Службен весник на РСМ бр.107 од 10.08.2011 година) и согласно Правилникот за начин на попис во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје во декември 2023 година со Одлука формираше Централна пописна комисија и четири поткомисии:

- Поткомисија за попис на основни средства;
- Поткомисија за попис на залиха на материјали и ситен инвентар во употреба;
- Поткомисија за попис на залиха на природен гас во системот за пренос на природен гас;
- Поткомисија за попис на побарувања по сите основи, обврски по сите основи, парични средства на трансакциски сметки и хартии од вредност.

Централната пописна комисијата благовремено ги започна подготовките околу спроведувањето на пописот, и во законски предвидените рамки го спроведе годишниот попис на средствата и изворите на средствата на НОМАГАС АД Скопје.

Годишниот попис ги опфати следните области:

Материјални и нематеријални средства, ситниот инвентар и туѓи материјални средства

Материјали и резервни делови

Природен гас во системот за пренос на природен гас

Материјални вложувања во подготовка

Побарувања и обврски, парични средства во благајната, парични средства на трансакциските сметки и хартии од вредност.

Во текот на пописот централната пописна комисија активно учествуваше во решавање на сите пречки и нејаснотии кои се појавуваа за време на работењето на пописните комисии.

Сите поткомисии, изготвија планови за работа и ги доставија до Централната пописна комисија, а по завршување на пописот доствиаја и предлози за усогласување на утврдените разлики, расходување на основни средства кои се амортизирани, дотраени и неупотребливи така да нивното сервисирање е неисплатливо и би претставувало финансиски терет на Друштвото, приходување на застарените обврски, вредносно усогласување на побарувања.

Централната пописна комисија, изготви Извештај за извршниот попис (инвентаризација) на средства и изворите на средствата на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС АД Скопје во државна сопственост, со состојба на 31.12.2023 година, кој беше усвоен со одлука на Одбор на директори, а потоа беа донесени и следните одлуки:

- Одлука за усвојување на предлог за расход на основни средства;
- Одлука за усвојување на предлог за расход на материјали од магацин за материјали и ставање надвор од употреба на ситен инвентар во употреба;
- Одлука за усвојување на предлог за исправка на вредност на побарување и отпис на застарена обврска;
- Одлука за усогласување на разликите помеѓу попишаните количини на залиха на природен во системот за пренос на природен гас и количините во сметководствената евиденција.

- Во потточката 3.3.3 е наведено дека согласно член 2 од договорот за подзаем, предвидено е за неповлечените средства од подзаемот да се плаќа провизија во износ од 2,47% на годишно ниво. Согласно добиените податоци од субјектот предмет на ревизија, заклучно со година, износот на провизијата за неповлечени средства од кредитот, изнесуваат 412.407 илјади денари и истите сметководствено се евидентирани како материјални средства во подготовка. Во МСС 23 точка 6 и 8 е уредено дека друштвото треба да ги капитализира трошоците за позајмување (камата и курсни разлики) кои директно можат да се препишат на стекнувањето и изградбата на средството кое се квалификува како дел од набавната вредност на тоа средство, додека останатите трошоци за позајмување треба да се признаат како расход во периодот во кој настанале. Главна причина за пресметување на провизија на неповлечени средства претставува бавната динамика на изградбата на магистралните гасоводи, што влијаеле на зголемување на обврските и намалување на ликвидноста на друштвото.

Во врска со наведеното предлагаме да се земе во предвид следното:

Согласно Договорот за заем меѓу МФ и ДБ, се вели дека: „Заемопримачот му плаќа на агентот (за сметка на секој заемодавател) надомест во евра пресметан по стапка од 2,47проценти годишно на неповлечените, ангажирани износи". Овој надомест е врз основа на Договор и истиот може да се индентификува со оглед дека во Договорот за подзаем е прикажана динамиката на повлекување на средства во максимален износ.

Согласно МСС 23, т. 5 Трошоци за позајмување се камата и други трошоци коишто ентитетот ги прави во врска со позајмувањето на финансиските средства.

Во ваквиот случај надоместокот со стапка од 2,47 претставува „други трошоци коишто ентитетот ги прави во врска со позајмувањето на финансиските средства". Исто така во МСС 23, т 6 освен каматите наведени се и „Финансиски трошоци во врска со финансиски наеми".

Понатаму согласно МСС 23, т 9 се вели „Трошоците за позајмување кои директно можат да се припишат на стекнувањето, изградбата или производството на средство кое се квалификува се вкпучуваат во набавната вредност на тоа средство. Таквите трошоци за позајмување се капитализираат како дел од набавната вредност на тоа средство кога е веројатно дека тие ќе резултираат во идни економски користи за ентитетот и дека таквите трошоците ќе можат веродостојно да се измерат." Во нашиот случај овие трошоци можат да се измерат.

Главна причина за пресметување на провизија на неповлечени средства претставува договорна обврска. Во самиот договор е наведен максималниот износ кој може да се повлече. На останатите средства се плаќа надоместокот.

- Во точката 3.3.5 на страна 36 во врска со наводите е дадено следното произнесување:

Во сметководствена евиденција на ГА-МА АД Скопје, на конто 28691 (Долгорочни обврски од заеми во земјата) е евидентиран долг кон Министерство за економија кој датира од деведесетите години и за истиот не располага со никаков документ односно договор.

Од усни разговори со колеги кои веќе не се во работен однос во Друштвото, постои информација дека тоа се средства кои Јавното претпријатие ГА-МА (формирано во 1997 година) од тогашното Министерство за економија добивало средства за тековно работење во форма на заем и истите ги користело за покривање на режиските трошоци на претпријатието како и за плати на вработените. Во текот на 2022 година, во врска со ревизијата на финансиските извештаи на НОМАГАС АД Скопје од страна на Друштвото за ревизија Крестон доoел Скопје, доставена е конфирмација за состојбата на обврските кон Министерството за економија и на истата не е добиен никаков одговор.

Согласно член 360 од Законот за облигациони односи и општиот рок на застареност од пет години, по годишниот попис за 2023 година, на предлог на пописната комисија, а по донесување на Одлука од страна Одборот на директори, обврската од 30.451 илјади ќе биде отпишана од страна на Друштвото.

- Во подточка 3.3.6. е наведено дека со увидот и анализата на актите за систематизација и организација и статусот на вработените во НОМАГАС се утврдило дека за дел од работните места условите за квалификација биле воопштени односно не бил прецизен степенот на стручна квалификација која треба да ја поседува вработениот како што предвидува Националната рамка на квалификации.

Во врска со наведеното најпрво треба да се земе во предвид дека во конкретниот случај со оглед на спојувањето не станува збор за воспоставување на нова организација на ново друштво, туку за веќе постоечка состојба со пополнети работни места и веќе вработени лица во претходните две трговски друштва за кои важеле различни услови во стекнувањето на образование или при вработување. Согласно затечената состојба во однос на вработените и работни места, некаде утврдени се кредитите, а некаде е описно образование, но во секој случај е разграничено дали тоа е факултетско образование, средно образование или основно образованите. Со тоа што не е иста тежината на работата, сложеноста и одговорноста кај секој сектор и секое работно место и секоја област која ја покрива работното место, според ова утврдени се и условите содветно на наведеното. Од тие причини на одредени работни места можеби се сретнува на прв поглед неунифицираност, но во никој случај никаде не отсуствува податок за видот на образованието, без разлика со кој

термин и да е опишан. Систематизацијата е организирана со анализа според работниот процес и активностите на двете трговски друштва што се спојуваат, кој на соодветен начин е пресликан соодветно на потребите и новиот работен процес на новото друштво НОМАГАС АД Скопје. Организационата поставеност и систематизацијата е со цел да овозможи НОМАГАС АД Скопје навремено, квалитетно и успешно да одговори на предизвиците и обврските кои произлегуваат од законските и подзаконските прописи.

Причините во врска со наведеното беа образложени и на завршниот состанок и истите беа прифатени.

Наведените причини предлагаме да се земат во предвид и да изостане препораката под реден број 27.

- Во потточка 5.1. на страна 37 во реченицата наместо Помеѓу Владата и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје се водел долгогодишен судски спор за утврдување на правото на сопственост и определување на соодносот на вложувањата на двете страни во ГА-МА, кој бил 50% со 50%, се предлага да стои:

Помеѓу Владата и Макпетрол АД Скопје се водел долгогодишен судски спор за утврдување на правото на сопственост и определување на соодносот на вложувањата на двете страни во ГА-МА, кој бил 50% со 50%. (Статут на ГА-МА АД Скопје).

- Во потточка 5.1. на страна 37 во реченицата наместо Со цел отпочнување на активности за решавање на долгогодишниот спор, на крајот на 2019 година Владата донела Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година со која била одобрени средства за купување на акцијата на АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје во ГА-МА, се предлага да стои:

Со цел отпочнување на активности за решавање на долгогодишниот спор, на крајот на 2019 година Владата донела Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година со која била одобрени средства за купување на акцијата на Макпетрол АД Скопје во ГА-МА.

- Во потточка 5.1. на страна 37 во реченицата наместо со Спогодбата е предвидено потпишување на Договор за купопродажба на влогот на АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје во ГА-МА од страна на државата, при што АД се обврзало да ја понуди на продажба својата акција во ГА-МА на Владата, се предлага да стои:

Со Спогодбата е предвидено потпишување на Договор за купопродажба на влогот на Макпетрол АД Скопје во ГА-МА од страна на државата, при што Макпетрол АД Скопје се обврзало да ја понуди на продажба својата акција во ГА-МА на Владата.

- Во потточка 5.1. на страна 38 во реченицата наместо Во член 3 од Законот е предвидено Владата да склучи Спогодба за регулирање на меѓусебните односи, за што на 5 ноември 2019, постигната е согласност помеѓу Владата и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, пред Центарот за решавање спорови и преговори при Секретаријатот на Енергетска Заедница треба да стои

Во член 3 од Законот е предвидено Владата да склучи Спогодба за регулирање на меѓусебните односи, за што на 5 ноември 2019, постигната е согласност помеѓу Владата и Макпетрол АД Скопје, пред Центарот за решавање спорови и преговори при Секретаријатот на Енергетска Заедница.

- Во потточка 5.1. на страна 38 во реченицата наместо Врз основа на Спогодбата и Проценката Владата извршила откуп на акцијата на АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје во денарска противвредност од 32,8 милиони евра, се предлага да стои:

Врз основа на Спогодбата и Проценката Владата извршила откуп на акцијата на Макпетрол АД Скопје во денарска противвредност од 32,8 милиони евра.

- Во потточка 5.1. на страна 38 во реченицата наместо По една година, односно на крајот на 2020 година, донесен е Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје по пат на спогодба, се предлага да стои:

По една година, односно на крајот на 2020 година, донесен е Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба.

- Во потточка 5.1. на страна 38 во реченицата наместо Со денот на потпишување на Спогодбата, Владата и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје се откажуваат од сите судски спорови и тужбени барања и превземаат активности да ги известа сите надлежни судови, се предлага да стои:

Со денот на потпишување на Спогодбата, Владата и Макпетрол АД Скопје се откажуваат од сите судски спорови и тужбени барања и превземаат активности да ги известа сите надлежни судови.

- Во потточка 5.1. на страна 38 во реченицата наместо Со реализација на овој договор и извршените трансакции, АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје престанува да биде акционер и истапува од друштвото ГА-МА и на негово место како единствен акционер пристаоува Владата, се предлага да стои:

Со реализација на овој договор и извршените трансакции, Макпетрол АД Скопје престанува да биде акционер и истапува од друштвото ГА-МА и на негово место како единствен акционер пристаоува Владата.

- Во потточка 5.1. на страна 38 во реченицата наместо Неоспорувајќи ги заложбите на државата и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, истакнуваме дека трансакцијата за пренос на средства во износ од 2.020.000 илјади денари кои биле трансферирани на 30.12,2019 година од Буџетот на државата на наменска сметка на НЕР во домашна банка, се реализарала после една година и осум месеци, односно на 25.08.2021 година, кога била купена акцијата на АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, се предлага да стои:

Неоспорувајќи ги заложбите на државата и Макпетрол АД Скопје, истакнуваме дека трансакцијата за пренос на средства во износ од 2.020.000 илјади денари кои биле трансферирани на 30.12,2019 година од Буџетот на државата на наменска сметка на НЕР во домашна банка, се реализарала после една година и осум месеци, односно на 25.08.2021 година, кога била купена акцијата на Макпетрол АД Скопје.

- Во потточка 5.2. е наведено дека НОМАГАС иако располага само со лиценца за пренос на природен гас истовремено ја врши и дејноста дистрибуција.

По однос на наведеното потребно е соодветно да се разграничи дека НОМАГАС АД Скопје не ја врши енергетската дејност дистрибуција, туку врши дејност пренос преку гасоводната мрежа во Скопје која го сочинува системот за пренос на природен гас во целина, при што се врши пренос на природен гас до потрошувачи поврзани на системот, за што нема пречки во применливите правила таквите досегашни потрошувачи моментално директно да се снабдуваат со природен гас преку

системот за пренос. Како поткрепа на наведеното, треба да се земе во предвид и поимното значење на систем за пренос на природен гас кој како систем претставува објекти и постројки за пренос на природен гас, кои се меѓусебно функционално поврзани и претставуваат единствена техничко-технолошка целина. Треба да се земе предвид и тоа дека во никој случај не се определува тарифа и не се наплаќа тарифа за дистрибуција за да се смета дека се врши таквата дејност, туку само тарифа за пренос.

- Во точката 5.3. на страна 40 во реченицата наместо ГА-МА управувало со магистралниот гасовод Деве Баир – Скопје кој е изграден во 1993 година од страна на АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, поради што во претходниот период остварувало приход од преносот на гас и работело со добивка, освен во периодот на спојувањето на друштвото од 01.07.2022 година до 31.12.2022 година кога е искажана загуба во износ од 64,525 илјади денари, се предлага да стои:

ГА-МА управувало со магистралниот гасовод Деве Баир – Скопје кој е изграден во 1993 година од страна на Макпетрол АД Скопје, поради што во претходниот период остварувало приход од преносот на гас и работело со добивка, освен во периодот на спојувањето на друштвото од 01.07.2022 година до 31.12.2022 година кога е искажана загуба во износ од 64,525 илјади денари.

- Во точката 5.3. на страна 40 во врска со наводите е дадено следното произнесување:

Се предлага да се направи корекција во извештајот каде стои дека загубата на ГА-МА АД Скопје во периодот од 01.07.2022 до 31.12.2022 година, има остварено загуба од 64.525 илјади денари.

Загубата од 64.525 илјади денари е остварена во периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, односно:

- 13.001 илјади во периодот од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година,
- 51.524 илјади во периодот од 01.07.2022 година до 31.12.2022 година, или во збир
- 64.525 илјади денари во период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година.

- Во потточка 5.4. е наведено дека се обрнува внимание на постоење на неизвесност во однос на исходот од исполнување на стратешките цели кои се однесуваат на реализација на планираните интерконекции на системот за пренос на природен гас со други држави.

Во врска со наведеното посочуваме дека реализацијата на интерконективните гасоводи зависи од активностите на двете држави кои се поврзуваат, а не само од македонската страна.

- Во потточка 6.4. на страна на страна 44 во делот 6.4 во реченицата наместо -во 2006 година, Владата и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, како собрание на друштвото имаат донесено Одлука со која на Неизвршните членови им е определен месечен паушален надоместок од 60 илјади денари, се предлага да стои:

-во 2006 година, Владата и Макпетрол АД Скопје, како собрание на друштвото имаат донесено Одлука со која на Неизвршните членови им е определен месечен паушален надоместок од 60 илјади денари.

- На страна 43 се предлага точката 6.2. да се избрише поради следново:

Во однос на заклучокот и укажувањето на потреба од разгледување на можноста од вклучување на одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и изедначување на вработените со останатите институции од јавниот сектор кои вршат јавна дејност, тука треба да се напомене дека НОМАГАС АД Скопје врши специфична и единствена дејност од тој тип во државата и истата е регулирана од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги.

Исто така со процесот на Сертификација на НОМАГАС АД Скопје како Оператор на системот за пренос, кој моментално се наоѓа во завршна фаза, односно се чека одобрување на предлог одлуката на РКЕ за сертификација, од страна на Секретаријатот на Енергетската заедница, особено внимание се полага на одвоеноста во одлучувањето и надлежностите на Владата од Операторот за пренос. Тоа е предвидено во Законот за Енергетика кој е усогласен со европските регулативи. Согласно член 109 од Законот за енергетика Оператор на системот за пренос е „Друштво", па следствено тоа истото е основано како Акционерско друштво.

Јавниот сектор во најголем дел го сочинуваат субјектите на органите на државна управа или локалната самоуправа, кои немаат сопствено финансирање преку тарифа како што е во случајот со Операторот на системот за пренос на природен гас. Со оглед на тоа што НОМАГАС АД Скопје со своето работење остварува сопствени приходи, треба да се исклучи можноста за изедначувањето со другите институции од јавниот сектор.

- Во подточка 6.4. алинеја 3 е наведено дека во февруари 2023 со Одлука на Владата е определена висината на месечниот паушал на Неизвршните членови на НОМАГАС, без да се прецизира исплатата на надомест за патни трошоци. Потоа е наведено дека постоела голема разлика во висината на надоместокот помеѓу членовите на одборот на директори во друштвата.

Во однос на тоа дали има потреба од прецизирање на исплатата на надомест за патни трошоци појаснуваме дека согласно член 365 од Законот за трговските друштва треба да се има во предвид надлежноста на Собранието на акционери со оваа одредба и да се разграничи дека се однесува само на определување на износот на стекнатото со закон право на паушал, како и на тоа дали истиот би бил месечен паушал или паушал по седница. Останатиот дел од одредбата се однесува на тоа кои права се стекнуваат по сила на самиот закон, но не и на надлежност на Собранието на акционери за така стекнатите права. Врз основа на наведениот законски член, правото на надомест на патни трошоци е стекнато по основ на самиот закон и со оглед на тоа не е предвидено Собранието да одлучува за веќе стекнато право, а износот се утврдува согласно прописите кои ја регулираат предметната област, односно согласно Закон за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ (од август 2018 година во висина од 20 % од цената на еден литар гориво) кога станува збор за иста релација, односно при исти околности износите не може да се повисоки. Надоместокот за неизвршните членови на одборот на директори во друштвата е определен согласно надоместокот од ГА-МА АД Скопје.

- Во точка 7 е наведена препорака со реден број 9 според која треба да се преземат мерки и активности за испитување на употребливоста на постоечката физибилити студија и во случај на отстапувања изработка на нова/и, временски и финансиски усогласена/и со планските документи и период на изградба на гасоводите (точка 3.2.1.).

Во врска со наведената препорака сметаме дека треба да се земе во предвид дека Физибилити студијата е изработена во 2010 година од страна на државата и претставува еден вид план за развојот на гасификацијата, но не и закон доколку при развојот се утврдат други потреби од техничка или економска причина. Физибилити студија не се изработува за веќе изградена инфраструктура. Со оглед на временската разлика, НОМАГАС пред реализација на проектите за интерконективно поврзување изработува Физибилити студија со која се ажурираат податоците од технички аспект, а посебно од економски, односно анализа на потребите од гас и анализа на исплатливоста/трошоците.

- Во точка 7 се предлага препораката со реден број 9 да се брише од причини што и до сега биле иницирани доста средби, но сепак првенствено во законот за експропријација јасно се

наведени роковите за решавање на постапките за експропријација и согласно ова Управата за имотно правни работи треба истите доследно да ги почитува.

- Во точка 7 согласно наведеното за потточка 3.2.7. и потточка 3.2.9. се предлага препораката со реден број 20 да се избрише.

Воедно, сакаме да изразиме благодарност на Вашата посветеност и професионален ангажман при вршење на ревизијата.

Со почит,

Изработиле:
Александар Арсиќ
Виолета А. Спасова
Жанета Абдула
Владимир Ѓуровски
Оливера Костанчева
Валентина Тасевска
Иван Трајковски
Маја Целеска
Круме Цикоски

НОМАГАС АД Скопје
Извршен директор,
Бајрам Реџепи

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки број 03-295/3 од 15.02.2024 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на усогласеност на тема: „Развој на системот за гасификација во Република Северна Македонија" кај АД за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, правен следбеник на АД ГА – МА Скопје и АД за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси во државна сопственост, од страна на г. Бајрам Реџепи, извршен директор на друштвото, заведени во Државниот завод за ревизија под број 19-67/3 од 16.02.2024 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката која се однесува на дополнување на табеларниот приказ за користени кратенки со кратенката ГМС – Главна мерна станица **се прифаќа,** бидејќи истата претставува техничка грешка, која не влијае на утврдените состојби во Нацрт извештајот. Поради наведеното листата на кратенки во делот „Список на кратенки" во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор, соодветно ќе биде дополнета.

2. Забелешката на утврдената состојба која се истакнува во **Резимето**, **точката 3.1.1. и Заклучокот,** а се однесува на бавната динамика при изградбата на магистралните гасоводи и отстапувањата во однос на планираната временска рамка, местоположба на линиски инфраструктурни објекти (гасоводи) како и планирани финансиски средства за нивната изградба претставува **известување** за причините поради коишто забавено се одвивала реализацијата на овие проекти, а кои Овластениот државен ревизор јасно и целосно ги има обелоденето во Нацрт извештајот.

3. Забелешката на утврдената состојба која се истакнува во **Резимето**, **точката 3.1.2. и Заклучокот,** а се однесува на отсуството на Службеник за усогласеност, неговото влијание врз следењето и реализацијата на Програмата за усогласеност, претставува **известување** за преземени мерки по дадени препораки во Нацрт извештајот. Имено, во прилог на забелешките доставени се докази за именување на Службеник за усогласеност и тоа: Одлука за именување на Службеник за

усогласеност[1] од страна на неизвршните членови на Одбор на директори на НОМАГАС и одобрение[2] од страна на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија. Поради тоа, преземените мерки по дадената препорака соодветно ќе бидат обелоденети, а препораката во Конечниот извештај прилагодена.

4. Забелешката на утврдената состојба која се истакнува во **Резимето**, **точката 3.1.3. и Заклучокот**, а се однесува на отсуство на плански документи и нецелосна имплементација на одредени законски и подзаконски одредби претставува **известување** за причините поради коишто не е донесен План за развој на системот на пренос на природен гас за период од десет години, а кои Овластениот државен ревизор ги имаше во предвид при вршење на ревизијата и истите се обелоденети во Нацрт извештајот.

5. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.1.5**. која се однесува на незавршената постапка за сертификација и назначувањето на НОМАГАС како Оператор на системот за пренос на природен гас, што влијае на процесот на гасификација во Република Северна Македонија, претставува **известување** за настаните кои се случиле во минатото и имаат влијание на постапката, а Овластениот државен ревизор ги имаше земено во предвид при вршење на ревизијата.

6. Забелешката на утврдената состојба во **Резимето** и **точката 3.2.1. став 1** кои се однесуваат на констатацијата дека за вредноста на набавките за изградба на гасоводот биле користени историски податоци, **делумно се прифаќа**. Имено во текстот е наведено дека од страна на надлежните лица на НОМАГАС е посочено дека се користени историски податоци, кој исказ со доставените забелешки се менува и истото соодветно ќе биде прилагодено во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор. Истовремено предлогот за замена на текстот „историски податоци" со текстот „анализа и истражување на пазарот" не се прифаќа, бидејќи не се доставени дополнителни докази за спроведени анализи и истражувања на пазарот.

7. Забелешките на утврдените состојби во **точката 3.2.1. став 1 и став 4** се однесуваат на нецелосна примена на планските документи со кои започнува процесот на планирање на гасификацијата, меѓу кои и Физибилити студијата со која е предвидено, но не и реализирано постоење на ГМРС за градот Кавадарци,

[1] Одлука за именување на службеник за усогласеност бр. 02-5629/17 од 28.12.2023 година
[2] Решение за одобрување на назначување на Службеник за усогласеност бр. 02-5629/17 од 28.12.2023 година

претставува **известување** за планирани активности за проектирање крак за ГМРС Кавадарци. Во ревизорскиот извештај е истакнато дека ГМРС во тој град е изградено во рамки на деловниот објект на правен субјект за преработка на никелова руда и истата може да ја користи само правниот субјект.

8. Забелешката на утврдените состојби во **Резимето**, **точката 3.2.2. став 2 алинеја 1, точката 6.1 и препораките број 8 и 9** кои се однесуваат на утврдени слабости во начинот на реализација на предлозите на експропријација на земјиштето, системски слабости во Законот за експропријација и непочитување на неговите одредби, како и неподнесени докази (изјави/банкарски гаранции) за обезбедени средства за надоместок на експроприрана недвижност во постапките за експропријација, **не се прифаќа.** Забелешката се однесува на терминолошка преформулација на термините „предлози“ и „постапка“ за експропријација коишто во алинеја 2 од точка 3.2.2. јасно се разграничени и притоа потенцирани се надлежностите на МФ - Управа за имотно правни односи како надлежен орган во решавање на постапките за експропријација. По истата точка, овластеното лице на НОМАГАС дава свој осврт за нееднаквиот третман на правните лица при исполнување на нивната обврска за доставување на докази (изјави/банкарски гаранции) за обезбедени средства во прилог на предлогот за експропријација. Во однос на препораката, истакнуваме дека истата треба да има додадена вредност од работата на Државниот завод за ревизија со цел надминување на состојбите, а начинот на нејзина имплементација е избор на раководството на субјектите предмет на ревизија.

9. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.2. став 2 алинеја 3** и **препорака број 10** која се однесува на тоа дека не се вршени резервирања за планиран надоместок за експропријација претставува **известување** за причините и преземените мерки од страна на друштвото за надминување на утврдената состојба. Имајќи во предвид дека друштвото во прилог на забелешките достави Одлука за резервирање на средства бр. 02-5629/16 од 28.12.2023 година, со која се определени случаите кога се врши/не се врши резервирања врз основ на можниот исход од судските постапки, оваа информација соодветно ќе биде обелоденета во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

10. Забелешките на утврдените состојби во **точката 3.2.3. став 5 и став 6 алинеи 1, 4, 5, 6 , 7 и соодветната препорака број 13** кои се однесуваат на:
    - спроведената анализа за вредноста на склучените договори за изградба на магистралните гасоводи и нивните анекси, поконкретно во делот кој се однесува на ЛОТ 5, каде вредноста на договорот е зголемена за 20%,

претставува **известување** за степенот на завршеност на изградбата и информација дека кусоците кои се пребиваат на крајот на изградбата не се пресметани и земени во превид. Истакнуваме дека извршената анализа е врз основа на добиени докази и податоци од друштвото, а се однесува на склучени анекс договори и договори за непредвидени и дополнителни работи, при што за наведеното известување од страна НОМАГАС не се доставени дополнителни докази кои би ја промениле состојбата;

- необезбедени имотни листови за придружните објекти (блок станици, ГМРС, МРС и чистачки станици), како и за административниот објект во непосредна близина на ГМС во с. Жидилово, за кој НОМАГАС се уште нема стекнато право на сопственост врз недвижноста, претставува **образложение** за состојбите во минатото, како и за преземените активности за надминување на истите;
- гарантниот период кај ЛОТ 1 - 36 km, кој што започнал да тече од 2019 година, а гасоводот се уште не се користи и ваквиот начин на постапување не овозможува соодветна заштита на објектите во случај на дефект, како и на непреземените мерки за одржување, заштита, физичко обезбедување и видео надзор на ГМРС и Блок станиците, **не се прифаќа**, од причина што состојбите кои се наведени во Нацрт извештајот се утврдени со теренски увид на лице место кај дел од ГМРС и Блок станиците и истото е поткрепено докази (фотографски материјал). Оние активности кои претставуваат механичко одржување (подмачкување, конзервирање на вентили и други активности), беа земени во предвид во текот на вршењето на ревизијата и истите не се составен дел на утврдените неправилности;
- набавената и вградената опрема и материјали во ГМРС, Блок станици и за преостанатата опрема за магистралните гасоводи ЛОТ 1-36 km, ЛОТ 2 и ЛОТ 5, за кои не се презентирани гаранции од производителите, како што е предвидено со член 70 од склучените договори за набавка, **не се прифаќа,** од причина што не се доставени дополнителни докази кои влијаат на промена на утврдената состојба. Имено, во дадените забелешки овластеното лице на НОМАГАС се повикува на одредбите за гаранција на квалитет на производите во склучените договори помеѓу производителот и добавувач;
- непостапување согласно член 88 став 4 и став 6 од склучените договори за изградба на ЛОТ 1- 36 km, ЛОТ 2 и ЛОТ 5 со кој е предвидено банкарската гаранции за исплатен аванс да биде со важност до исполнување на 75% од предвидените работи во динамичкиот план, а не да се намалуваат вредносно за износот на извршените работи по доставените времени ситуации, претставува **образложение** за начинот на постапување со гаранциите за исплатен аванс кое беше земено во предвид при вршењето на ревизијата;

- непостапување согласно член 102 став 7 од Законот за јавните набавки, односно не е спроведено зголемување на вредноста на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот за изградба за магистралниот гасовод ЛОТ 5 во случај кога настанале непредвидени работи и вишоци при извршување на работите, за што се склучени анекси кон основниот договор и неговата вредност е зголемена, претставува **образложение** за причините поради кои не е постапено по законските одредби кои не ја менуваат утврдената состојба;
- потребата од преземање мерки за навремено одржување на магистралните гасоводи, нивна заштита и обезбедување, како и обезбедување гаранции од производителите за вградената опрема и материјали **не се прифаќа**, бидејќи дадената препорака има за цел надминување и подобрување на состојбите, како и одржување, заштита и обезбедување на јавните средства со кои располага друштвото.

11. Забелешките на утврдените состојби во **точката 3.2.4. став 2 , алинеи 1, 2, 3, 4, став 3** и **препораката број 16** се однесуваат на:
    - ненавременото доставување на извештаите за извршен надзор над градбата на магистралните гасоводи до Инвеститорот, што предизвикува информациите за фактичката состојба утврдена од страна на надзорот да се доставуваат со задоцнување од неколку месеци, како и недостаток на одредба во договорот за надзор за доставување на месечни извештаи од спроведени надзорни активности како дел од поткрепувачката документација при плаќање на времените ситуации, со што е овозможено плаќање без потврдување на извршените градежни активности, претставува **образложение** дека наведената состојба не се однесува на сите извештаи за извршен надзор, при што не беа доставени дополнителни докази кои би влијаеле на промена на состојбата;
    - недоставени докази дека надзорниот орган учествува и ја следи постапката за решавање на имотно правни работи за изградба на магистралните гасоводи, како што е уредено со членот 23 точка 44 од договорот за надзор претставува **образложение** дека следењето на постапките за решавање на имотно-правните работи претставува востановена рутинска секојдневна обврска при вршењето на надзор на изградбата;
    - невоспоставен начин за потврдување на статусот на реализација на договорот за градба и ненавремено потврдување на кварталните извештаи преку доставување на писма за потврда, како што е предвидено со членот 23 од договорот за вршење надзор, поради што на ваков начин не се вршело навремено потврдување и следење на извршените активности претставува **образложение** за начинот на кој биле следени изградбите на магистралните гасоводи;

- ангажиран надзор од страна на МТВ, наместо од страна на НЕР, како Инвеститор на магистралниот гасовод ЛОТ 1 – 36 km, поради што НЕР не располагал со сите месечни извештаи од извршени надзорни активности и нема целосен увид на утврдените контролни активности и констатирани состојби за градењето **не се прифаќа**, поради тоа што не се доставени дополнителни докази коишто би ја промениле утврдената состојбата. Истовремено напоменуваме, дека вршењето на надзорни активности на наведениот начин, не е во согласност со барањата од член 2 став 2 алинеја 11 од договорот за изградба на магистралниот гасовод;
- потребата од преземање мерки за доследно почитување на склучениот договор за надзор во делот на одредбите за учество на надзорниот орган во постапките за решавање на имотно правни работи **не се прифаќа**, бидејќи дадената препорака има за цел подобрување на утврдените состојби поврзани со надзорните активности.

12. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.7**., која се однесува на утврдените состојби на залихите на материјали и резервни делови кои се набавени пред неколку години и истите немаат промена во нивната состојба, односно не се користеле, со што се доведува во прашање потребата од нивна набавка како и можноста истите да бидат застарени и неупотребливи **не се прифаќа.** Имено од страна на субјектот без да се доставаат дополнителни докази, дадени се објаснувања за причините за набавка на залихите, како и објаснување за оптималноста на залихите, кои причини ревизорскиот тим ги имаше во предвид. Исто така дадени се забелешки на начинот на изразување и известување на текстот на наодот во врска со ревизорските критериуми кои се користат кои се согласно ревизорската методологија за државната ревизија. Во врска со оваа точка дадени се забелешки и за преформулација на реченицата за начинот на управување со залихите, која не се прифаќа.

13. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.9.**, која се однесува на набавените материјали (цевки) за изградба на дистрибутивната мрежа за пренос на природен гас и затварање на прстенот околу градот Скопје, **не се прифаќа**. За утврдената состојба не се доставени дополнителни докази, дадени се објаснувања и прецизирања на состојбите кои при вршење на ревизијата беа земени во предвид. Исто така дадени се предлози за преформулирање на текстот на наодот со кои не се менува утврдената состојба.

14. Забелешките на состојбата утврдена **во точката 3.3.1.** која се однесува на откупот на акцијата од страна на Владата од АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје и не евидентираната Проценка на вредноста на капиталот на ГА-МА за продажба на истата во нејзината сметководствена евиденција **делумно се**

**прифаќа** со додавање на пасус за дообјаснување. Имено Забелешките на оваа точка се однесуваат на замена на терминот „АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје" во „назив на друштвото", што согласно методологијата на Државниот завод за ревизија не е предвидено односно називите на трговските друштва не се истакнуваат во известувањата од извршените ревизии. Исто така, со забелешките дадени се предлози за бришење и преформулација на одредени пасуси од наодот кои не ја менуваат суштината на утврдената состојба и истите не се прифаќаат. Со Забелешките доставен е Допис испратен од страна на ГА-МА до Владата[3] во септември 2021 година, со кој во врска со промената на сопственичката структура се бараат понатамошни насоки за постапување, која состојба не влијае и не ја менува суштината на наодот но во насока на транспарентност и балансираност во известувањето, во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор ќе се додаде реченицата и тоа: „Истакнуваме дека во врска со промените во сопственичката структура, ГА-МА со допис се има обратено до Владата – Генерален секретаријат за давање на понатамошни чекори на кој не се добиени понатамошни инструкции за постапување ".

15. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.3.2**. која се однесува на констатираните состојби од анализата на презентираниот пописен материјал претставува **известување** за преземените мерки од страна на друштвото за надминување на утврдените состојби при вршењето на Пописот на средствата и обврските во друштвото за 2023 година.

16. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.3.3**. која се однесува на сметководствената евиденција на провизијата за неповлечени средства од подзаемот како материјални средства во подготовка **не се прифаќа**. Имено, доставената забелешка се однесува на тоа дека „провизијата за неповлечени средства" може да се третира како „други трошоци на ентитетот" коишто согласно МСС 23 можат директно да се препишат на изградбата и да се капитализираат т.е. евидентираат како материјални средства во подготовка. Истакнуваме дека во врска со третманот на неповлечените средства, член 4 став 4 од Закон за задолжување на Република Македонија кај Дојче Банка и Ерсте Банка по договорот за заем за финансирање на проектот "Гасификација на Република Македонија – фаза 1 - делница Штип – Неготино - Битола и делница Скопје – Тетово – Гостивар" јасно пропишува дека на износот на неповлечените средства од заемот, ќе се плаќа провизија во износ од 2,47% на годишно ниво, односно истиот не ја регулира провизијата како други трошоци коишто ентитетот ги прави во врска со позајмувањето на финансиските средства.

[3] Број 0302-1321 од 20.09.2021 година

17. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.3.5**. која се однесува на евидентираните долгорочни обврски за кои друштвото не располага со поткрепувачка документација претставува **известување** за преземени мерки од страна на друштвото за надминување на утврдената состојба.

18. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.3.6**. и **препорака број 27** која се однесува на воопштените услови за квалификација определени за дел од работните места предвидени во актите за систематизација и организација **не се прифаќа**, од причина што за истата не се доставени нови докази кои влијаат на менување на утврдената состојба. Истакнуваме дека дадените препораки треба да имаат додадена вредност од работата на Државниот завод за ревизија со цел надминување на состојбите, а начинот на имплементација на истите е избор на раководството на субјектите предмет на ревизија.

19. Забелешката на **точката 5.1.**, истакната во делот „Нагласување на прашање од неизвесност", која се однесува на утврдената состојба во врска со решавањето на долгогодишниот судски спор помеѓу Владата и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје кој се водел за утврдување на правото на сопственост и определување на соодносот на вложувањата на двете страни **не се прифаќа**. Имено одговорното лице на субјектот предмет на ревизија не достави дополнителни докази кои ќе влијаат на утврдените состојби, при тоа се дава забелешка на начинот на изразување на Овластениот државен ревизор и преформулација на одредени пасуси што не влијае на утврдената состојба. Исто така и кај оваа состојба се предлага промена на називот на трговското друштво од кое се откупува акцијата, што не е во согласност со методолошките акти на Државниот завод за ревизија.

20. Забелешката на утврдената состојба во **точката 5.2.**, во делот „Нагласување на прашање од неизвесност", која се однесува на тоа дека НОМАГАС иако располага со лиценца за пренос на природен гас истовремено ја врши и дејноста дистрибуција претставува **образложение** за начинот на кој што друштвото ја врши оваа дејност и при тоа се потенцира дека друштвото не наплаќа посебна тарифа за дистрибуција, туку само тарифа за пренос на гас.

21. Забелешката на утврдената состојба во **точката 5.3.**, во делот „Нагласување на прашање од неизвесност", која се однесува на финансирањето на изградбата на магистралните гасоводи во Република Северна Македонија во целиот период на градба **не се прифаќа**. Имено Забелешките и на оваа точка се однесуваат на замена на терминот „АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје" во „назив на друштвото", како и на начинот на искажување од страна на Овластениот

државен ревизор, што нема влијание на утврдените состојби, и за што дадовме објаснување во претходните точки.

22. Забелешката на утврдената состојба во **точката 5.4**., истакната во делот „Нагласување на прашање од неизвесност“ во врска со реализацијата на стратешките цели кои се однесуваат на планираните интерконекции на системот за пренос на гас со други држави претставува **известување** за потврдување на неизвесноста во однос на исходот на отпочнатите активности за интерконекција, што не зависат само од страна на друштвото и кои Овластениот државен ревизор ги зема во предвид и од тие причини ги нагласи како прашања од неизвесност во Нацрт извештајот.

23. Забелешката на утврдената состојба во **точката 6.2.**, во делот „Останати прашања“ со која се укажува на потребата од разгледување на можноста од вклучување на одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и изедначување на вработените со останатите институции од јавниот сектор кои вршат јавна дејност **не се прифаќа** од причини што НОМАГАС врши регулирана дејност „пренос на природен гас“ согласно член 4 од Законот за енергетика.

24. Забелешката на утврдената состојба во **точка 6.4** во делот „Останати прашања“, која се однесува на недостатокот на објективни критериуми за утврдување на надоместокот на неизвршните членови и дадена насока од страна на Овластениот државен ревизор за донесување на посебен акт со утврдени критериуми со кои објективно и прецизно ќе се пресметуваат месечниот паушал на членовите на органите на управување кај АД во сопственост на државата **не се прифаќа.** Имено без да се достават дополнителни докази, дадени се објаснувања на состојбите како и толкувања на одредбите од Законот за трговските друштва, кои ревизијата ги имаше во предвид во текот на ревизијата и истите не влијаат на утврдената состојба во извештајот.

25. Забелешката на дадената **препорака број 7**, која се однесува на испитување на употребливоста на постоечката физибилити студија за идните активности поврзани со изградбата на магистралните гасоводи и во случај на отстапувања изработка на нова/и, временски и финансиски усогласена/и со планските документи и период на нивна изградба **претставува образложение** за годината на изработка на Физибилити студијата за гасоводен систем во Република Македонија, како и за начин и условите согласно кои се врши ажурирање на податоците во истата, што при вршењето на ревизијата беше земено во предвид и истото е соодветно обелоденето во точка 3.2.1..